УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА**

# РЕЖИМОТ НА КРАЛСТВОТО НА СРБИТЕ ХРВАТИТЕ И СЛОВЕНЦИТЕ И ОТПОРОТ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВО БРЕГАЛНИЧКИОТ ОКРУГ 1918-1924 ГОДИНА

-МАГИСТЕРСКА РАБОТА-

Ментор:
**Проф. д-р Даринка Петреска**

Изработил:
**Никола Жежов**

Скопје, 2000

# СОДРЖИНА

*ПРЕДГОВОР* ____ *1*
*ВОВЕД* ____ *3*
*ГЛАВА I: ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД БАЛКАНСКИТЕ И ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА* ____ *5*
*ГЛАВА II: ПОЛИТИКАТА НА КРАЛСТВОТО НА СРБИТЕ, ХРВАТИТЕ И СЛОВЕНЦИТЕ ВО БРЕГАЛНИЧКИОТ ОКРУГ (ОБЛАСТ)* ____ *21*
**2.1. Општествено-политичките прилики во Вардарска Македонија по Првата светска војна** ____ **21**
**2.2 Административни, полициски и воени мерки на режимот на Кралството на СХС во Брегалничкиот округ (Брегалничката област)** ____ **26**
**2.3. Формите и методите на асимилација и денационализација над македонскиот народ во Брегалничкиот округ (област)** ____ **41**
а) Просветната политика на Кралството на СХС во Брегалничкиот округ (област) ____ 42
б) Црковна политика ____ 53
в) Колонизацијата во Брегалничкиот округ (област) 1918-1924 ____ 56
**2.4.Формирање и дејност на летечки одреди, федералистички чети и контрачети за борба против ВМРО** ____ **69**
а) Летечки одреди ____ 69
б) Федералистички чети ____ 73
в) Контрачети ____ 79
**2.5. Дејноста на Здружението за борба против „бугарските в бандити** ____ **90**
*ГЛАВА III: ОТПОРОТ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВО БРЕГАЛНИЧКИОТ ОКРУГ(ОБЛАСТ)* ____ *98*
**3.1. Противрежимско расположение за време на парламентарните и општинските избори** ____ **98**
**3.2. Обновување на легалниот и илегалниот отпор против режимот** ____ **108**
**3.3 ВМРО во Брегалничкиот округ(област)** ____ **115**
а) Обновување и организациска поставеност на ВМРО ____ 115

б) Вооружената четничка и пропагандна дејност на ВМРО 125

***ЗАКЛУЧОК* 148**

***БИБЛИОГРАФИЈА* 158**

**ИЗВОРИ 158**

1. Необјавени архивски материјали 158
2. Необјавени спомени, сеќавања и изјави 159
3. Објавени архивски и други изворни материјали 159

**Б. ЛИТЕРАТУРА 160**

**В. ПЕРИОДИКА 163**

# ПРЕДГОВОР

Македонската историска наука во последните години, посебно по осамостојувањето на Република Македонија, им посветува големо внимание на тематските целини и на одредени периоди од нашето историско минато кои во поранешниот систем поради идеолошки причини беа прескокнувани или премолчувани. Кај научните работници се зголеми и интересот кон проучување на настани и личности од регионалната историја на нашата држава. За Брегалничкиот округ(област), како поголема административно-територијална целина во рамките на Кралството на СХС во наведениот период 1918-1924 година, во македонската историографија нема издадено посебна монографија која би се однесувала конкретно на овој регион. Некои македонски историчари делумно во своите статии, прилози и монографии, опфаќаат настани и личности од Брегалничкиот округ(област) во овој временски период, но тоа не е доволно за да се даде вистинска претстава за состојбата и случувањата во овој дел на Македонија. Поконкретно за оваа проблематика пишува д-р Кирил Цацков во неговата докторска дисертација „Штип и Штипско меѓу двете светски војни", во која го опфатил Штип и околината, како дел од Брегалничкиот округ(област).

Најголема причина поради која се зафатив со проучувањето на оваа научна проблематика од македонската историја е таа што и јас потекнувам од тој дел на Македонија и сметам дека истражувањето на роднокрајната историја може да даде голем придонес во развојот на македонската историографија.

Истражувањата за овој магистерски труд ги вршев во македонските архиви и библиотеки, со користење на архивски материјали, монографии, научни статии, прилози, зборници и весници од Република Македонија, поранешна Југославија и Бугарија.

Од архивските материјали во магистерскиот труд ги користев следните фондови: во Архивот на Македонија: фонд Владислав Ковачев, фонд МВР на Кралството на СХС, микрофилм 4264 фонд Милан Стојадиновиќ, фонд РСВР, фонд Поединечни документи ВМРО, фонд 1199 Панчо Михајлов, фонд Министерство за просвета на Кралството Југославија(1919-1941), фонд Тодор Александров, фонд ТАО, фонд 1909 Александар Протоѓеров, фонд Министерство на војска и морнарица, главен генералштаб(известувачко оделение), фонд МВИО; во Заводот музеј-Штип: фонд Брегалничка област, фонд ТАО; во Подрачно архивско оделение-Штип: фонд Наместник на срез Царевоселски(1918-1923), фонд Михаило Ковачевиќ и во Архивот на ИНИ: фонд ТАО, фонд Посланство во Лондон, фонд Централно Пресбиро при Претседателството на министерскиот совет-Белград и фонд Разни сеќавања, изјави, стенографски белешки, белешки, анкетен материјал и др.од работничкото движење меѓу двете светски војни и за организацијата СКОЈ.

Користев и повеќе зборници и монографии посветени на одредени прашања, настани и личности поврзани со мојата тема.

На крајот сакам да се заблагодарам на вработените во сите институции во кои истражував, за нивната помош, на професорите и соработниците кои ме подржуваа во мојата работа и несебично ми помагаа, посебно на мојот ментор проф.д-р Даринка Петреска и на д-р Зоран Тодоровски-директорот на Архивот на Македонија.

# ВОВЕД

По завршувањето на Првата светска војна со враќањето на српските власти во Вардарска Македонија била извршена административна поделба на нејзината територија според плановите и потребите на српската власт. Според таа поделба извршена во 1920 година, територијата на Македонија имала седум окрузи: Битолски, Брегалнички, Кумановски, Охридски, Скопски, Тетовски и Тиквешки. Според Видовденскиот устав од 1921 година, целата територија на Кралството била поделена на 33 области, од кои три биле во Македонија: Битолска, Брегалничка и Скопска. Брегалничката област, со центар во Штип опфаќала површина од 4.956 км2 и во неа се наоѓале околиите: Царевоселска, Кочанска, Беровска, Овчеполска, Радовишка и Штипска. Токму во Брегалничкиот округ (област), како регион со голема површина, многу населени места и специфична геостратегиска местоположба поради близината на граничниот појас со Бугарија, дошла до израз жестоката спротивставеност меѓу властите на Кралството на СХС, од една страна и македонскиот народ , од друга страна.

Специфичноста на овој регион била и во тоа што конфигурацијата на теренот овозможувала вооружено спротивставување и судири од типот на оние помеѓу комитските чети и вооружените формации на Кралството на СХС. Брегалничкиот округ(област) изобилува со поголем број на планини и ридесто земјиште, во чија што близина поради погодните климатско-почвени услови има голем број населени места, пред се села и колиби, што пак од своја страна претставува главен предуслов за четнички метод на борба. Ваквите услови во Брегалничкиот округ овозможувале и појава и дејствување на различни разбојнички групи, кои користејќи го планинскиот терен, успешно ги одбегнувале потерите од органите на власта.

Дијаметралната спротивност меѓу двата субјекта: режимот на Кралството на СХС, од една страна и македонскиот народ во округот, од друга страна, се најизразени токму во овој дел на Македонија и поради фактот што на овој простор за многу кус временски период, народот на неколку пати ја имал почувствувано жестокоста на српската власт и оттаму и многубројните форми на отпор што македонскиот народ ги давал против истата. Судирот помеѓу двете спротивставени страни добивал уште поголеми димензии и жестокост и поради тоа што српската власт преку најразновидни форми се обидувала да го разбие компактното македонско етничко ткиво во овој регион, што му давало уште поголема специфичност на конфликтот. Сите овие моменти фрлале поинаква светлина врз настаните во Брегалничкиот округ и давале слика на едно вистинско ропство и на еден силен отпор на народ кој во својата историја речиси никогаш ја немал почувствувано убавината на мирното живеење и слободата во своја сопствена независна македонска држава.

Токму во првите години т.е. од 1918-1924 година спротивставените страни: српскиот режим и македонскиот народ во Брегалничкиот округ (област) биле најинтензивни во спроведувањето на своите намери и интереси: режимот да ја покаже својата сила и моќ и да го асимилира и денационализира македонскиот народ, а македонскиот народ да се спротивставува со сите средства на туѓата власт и на српската денационализација и асимилација.

Во овој наш труд се обидуваме да ги истражиме и осветлиме сите аспекти на тие специфичности во Брегалничкиот округ (област) и да потврдиме дека животот во него по многу нешта е различен од оној во другите региони на Вардарскиот дел на Македонија во разгледуваниот период.

# ГЛАВА I

# ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД БАЛКАНСКИТЕ И ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

Првата балканска војна, во која Србија, Бугарија, Грција и Црна Гора војувале против Турција, започнала на 18 октомври 1912 година. Главната цел на балканските сојузници била протерување на Турската империја од нејзините балкански владенија и поделба на таа територија, во која централно место заземала Македонија. За кратко време сојузничките војски на балканските држави извојувале победи на боиштата, со што на повидок бил крајот на долговековното турско владеење на Балканскиот полуостров.

Широките народни маси во Македонија искрено верувале во вистинското ослободување, додека дел од дејците во македонското национално ослободително движење ги согледале завојувачките стремежи на балканските држави кон Македонија, но поради неизбежноста на војната и несогледувањето во дадениот момент на други начини за ослободување од турската власт, активно се вклучиле во Првата балканска војна на страната на сојузниците[1]. Во рамките на бугарската војска се создало т.н. македонско-одринско доброволство составено од поранешни војводи и комити од ТМОРО ВМОРО и други Македонци. Во истото се вклучиле и голем број други Македонци од сите делови на Македонија, а имало доброволци Македонци и од САД, Бугарија, Романија, Унгарија и

---

[1] Петар Стојанов, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна(1912-1918), Скопје, 1969, стр.65.

други земји. Одделно од бугарската воена команда дејствувал Јане Сандански со својата чета. За време на балканските, а посебно во Првата балканска војна од 1912 година бројот на Македонците што на различни начини се бореле на страна на бугарската војска, изнесувал околу 14000, додека на страната на српската војска околу 2700.[2]

Во Првата балканска војна голем број чети на ВМРО, кои претежно се бореле на страна на бугарската војска, дале голем придонес во брзиот пораз на турската војска. Овие чети напаѓале турски воени колони кои се повлекувале, ги прекинувале телефонските врски во турската заднина, а некои чети самостојно или со помош на поранешната селска милиција на ВМРО ослободиле повеќе градови во кои формирале привремени органи на власт, каков што бил случајот со Охрид, Кичево, Неврокоп, Банско и други градови. Но и покрај нивното учество во борбата против турската војска, ваквата привремена власт веднаш била укинувана од страна на српските и грчките сојузнички војски.

Македонско-одринското доброволство било смислено испратено на Тракискиот фронт, а не во Македонија, поради стравот на бугарската врховна команда од присутноста на Македонците во Македонија и можноста да дејствуваат и да се борат за самостојна македонска воена команда, а и за самостојна македонска држава.[3] Вкупниот број на борци во Македонското ополчение изнесувал 10255 и уште 247 Македонци-доброволци, кои дошле од европските држави и Австралија.[4] Во војната против Турција на страна на српската војска учествувал и еден помал дел на Македонци, кои дејствувале претежно во североисточниот дел на Македонија како и во одредот на четничкиот војвода Василие Трбиќ.

И покрај масовното учество на Македонците во борбите против турската војска на страната на сојузничките војски и надежта за ослободувањето на Македонија, разочарувањето стигнало брзо. Така кога

---

[2] Исто, 96.

[3] Исто, 105.

[4] Исто, 108.

на банкетот на бугарската војска по повод заземањето на Солун, Јане Сандански наздравил за слободна и автономна Македонија, присутните бугарски офицери скокнале на нозе и со сабјите му се заканиле на Сандански поради изречените зборови.[5] Се поочигледно станувало дека новите “ослободители”се подготвувале за поделба на Македонија. По поразите на сите фронтови, Турција побарала примирје што било склучено на 4 декември 1912 година. Истиот месец била одржана и мировната конференција во Лондон.

Истовремено со мировната конференција на балканските сојузници и Турција, се одржала и амбасадорската конференција со претставници од големите европски сили Англија, Франција, Австро-унгарија и Русија. На истата биле разгледувани актуелните прашања поврзани со војната и промените на границите. На последната конференција Албанија добила независност, а македонското прашање не било решено во интерес на Македонците. Македонија останала поделена и окупирана од сојузничките балкански војски, при што Србија задржала поголем дел од Вардарска Македонија, Бугарија делови од источниот дел на Вардарска Македонија, Пиринска Македонија и источна Егејска Македонија, а Грција најголемиот дел од Егејска Македонија, односно централниот и западниот дел од истата.

Во ваква ситуација на неорганизираност и поделеност во македонското националноослободително движење, гласот против поделбата на Македонија го кренала групата Македонци од Петроградската колонија во Русија, предводена од Димитрија Чуповски[6], кој едно време дури и престојувал во Македонија, но бил постојано следен од новите српски окупатори, по што бил принуден веднаш да ја напушти Македонија. Колонијата на Чуповски од Петроград, на 1 март 1913 година испратила Меморандум за Независна Македонија до Лондонската мировна конференција, а во јуни 1913 година и втор Меморандум до владите на

[5] Исто, 117.

[6] Димитрија Чуповски( )

балканските држави во кој се барало создавање на автономна Македонија, бидејќи поделената и поробена Македонија би била вечно јаболко на раздор меѓу сојузниците.[7] Меѓутоа и големите европски сили и сојузничките балкански држави немале интерес да ги слушнат и да одговорат на барањата за праведно решавање на македонското прашање.

Во делот од Македонија што се наоѓал под српска окупација на 14 декември 1912 година била донесена привремена Уредба за уредување на подредените власти во т.н."новозаземени области". Подоцна со кралскиот указ од 20 ноември 1913 година било извршено присоединување на споменатиот дел од Македонија кон Кралството Србија.[8] Со извршениот попис од крајот на 1913 година целосно се негирало постоењето на македонскиот народ и јазик, а во пописните листи бил внесуван називот "Србин" и "српски јазик"со што започнала директната денационализација врз македонскиот народ.[9] Несигурноста на српската власт во Македонија се чувствувала насекаде, што се гледало од зголемените жандармериски сили во сите окрузи и тоа под изговор дека тие се потребни за обезбедување на редот и мирот.

Во периодот меѓу двете балкански војни, особено осетлив бил регионот околу градот Штип, каде всушност поминувала линијата на разграничувањето помеѓу српската и бугарската војска. По Првата балканска војна во Штип, којшто се нашол под бугарска власт, за окружен управител бил назначен Ефтим Спространов[10] од Охрид, учесник во македонското националноослободително движење, со овластувања од министерството за внатрешни работи на Бугарија да може да поставува

---

[7] „Македонски глас"-Орган на приврзаниците за независна Македонија 1913-1914, Скопје, 1968, стр.56-58.

[8] Глигор Тодоровски, Македонија по Балканските војни, Скопје, 1981, стр.17.

[9] Исто, 28/29.

[10] Ефтим Спространов(            )

чиновници во овој регион.[11] Тогаш во Штип се наоѓале и други македонски дејци, како Алексо Мартулков[12], којшто тука се сретнал со Ѓорче Петров. Во нивниот заеднички разговор било истакнато незадоволството од новонастанатата ситуација во однос на Македонија [13]. Во градот бил и Ефрем Чучков[14]. За време на Првата балканска војна, кога во Штип влегла една српска дивизија, Чучков со едно четничко оделение на ВМРО и со помош на граѓаните на Штип поставил околиски началник и му соопштил на српскиот командант дека во градот била поставена "бугарска администрација"[15], се со цел да се спречи влегувањето на Србите во Штип. Меѓу двете балкански војни, Штип и поширокиот брегалнички регион имале важно место во плановите на Србија и Бугарија, кои незадоволни од поделбата на Македонија интензивно се подготвувале за меѓусебна војна.

Во предвечерието на Втората балканска војна во 1913 година, состојбата се влошувала и во соседното на Штип, Тиквешко, кое се наоѓало под српска власт, при што водачи на народното незадоволство кое што прераснало во востание, биле војводата Дончо Лазаров и тиквешкиот револуционер Диме Пинџуров. Тиквешкото востание започнало на 19 јуни 1913 година, а покрај разбунтуваниот народ од Тиквешијата тоа било помогнато од четите на ВМРО на чело со војводите: Милан Матов, Милан Ѓурлуков, Евстатиј Ѓакон, Петар Чаулев и Христо Чернопеев, кои на 22 јуни со здружените чети го ослободиле Неготино, а ден претходно бил ослободен и Криволак[16]. Кавадарци бил слободен град од 19-26 јуни 1913

---

[11] Алексо Мартулков, Моето учество во револуционерните борби на Македонија, Скопје, 1954, стр.256.

[12] Алексо Мартулков(                ).

[13] Алексо Мартулков, цит.дело, 273/274.

[14] Ефрем Чучков(                )

[15] Кирил Пърличевъ, Сръбскиятъ режимъ и революционната борба въ Македония(1912-1915), София, 1917, стр.33.

[16] Зоран Тодоровски, Тиквешкото востание во 1913 година, зборник Тиквешкото востание во 1913 година, Кавадарци, 1999, стр.63.

година била организирана општинска управа составена од 12 луѓе[17]. По повлекувањето на четите на војводите: Чернопеев, Ѓурлуков и Чаулев, востаниците останале сами против српските војски потпомогнати од одредот на злогласниот Турчин Јаја-ага, при што востанието било задушено. По што, според податоците на Карнегиевата комисија, во Кавадаречко биле убиени 195 луѓе, а во Неготинско 331[18]. Овие настани во Тиквешко имале големо влијание на расположението на населението во Штипско и пошироко во Бреглничката област. Пренесените информации за жестокостите со кои било задушено Тиквешкото востание го зголемиле антисрспкото расположение во Штипско.

Во Втората балканска војна која започнала на 29 јуни 1913 година, последиците повторно ги почуствувал македонскиот народ, бидејќи војната се водела на територијата на Македонија. Оваа меѓусојузничка пресметка, имала за цел нова прераспределба на Македонија. Завршила со победа на Србија, Грција, Романија и Турција од една страна и со пораз на Бугарија, од друга страна. Според Букурешкиот мировен договор од 10 август 1913 година, Србија ја проширила својата власт во југоистичниот дел на Вардарска Македонија, Бугарија го задржала Пиринскиот дел на Македонија со Струмичката област, а Грција ја добила Егејска Македонија. Тогаш за прв пат и целата брегалничка област потпаднала под српска власт, која била организирана во административноуправен поглед како Брегалнички округ.

По Балканските војни состојбата во Македонија под српска власт се влошила, при што владеело беззаконие кое било проследено со убиства и грабежи, како врз Македонците така и врз муслиманското албанското и турското население. Во западниот дел на Вардарска Македонија на 29 септември 1913 година албанското население кренало бунт, во кој бил заземен Дебар, а српските војски биле протерани во правец на Гостивар, Кичево, Охрид и Прилеп. Покрај 12000 вооружени Албанци, во тоа време

---

[17] Исто, 64.

[18] Исто, 73.

во реонот меѓу Охрид и Дебар се активирале и четите на војводите Петар Чаулев и Милан Матов, кои исто така се кренале на востание и имале соработка со Албанскиот комитет во борбата против српските воени единици[19]. За време на бунтот од страна на вооружените бунтовници привремено биле ослободени градовите Дебар, Струга и Охрид. Ваквата состојба се одржала до 6 октомври 1913 година, кога по неколку битки со српската војска побунетите Албанци и четите на ВМРО се повлекле кон Албанија по што ситуацијата во овој дел на Македонија се смирила[20]

Во однос на безбедносната состојба, српската власт имала големи проблеми и со Штипскиот округ во Источна Македонија. Тука како и во другите краеви на Македонија, таа презела акција за разоружување на месното население, која била пропратена со многубројни злоупотреби и репресија што влијаело да се создаде уште поголема одбојност на македонскиот народ кон српската власт. Во тие грабежи посебно предначеле одделни локални Турци потпомогнати од српските власти, поради што месното население масовно бегало по околните планини[21]

Целокупната општествено-политичка и економска ситуација во Македонија под српска окупација создавала претпоставки за големо незадоволство и отпор на македонскиот народ кон органите на српската власт. Српските воени власти веднаш започнале со мобилизација на младинците. Во однос на воената обврска голем бил бројот на воените обврзници што дезертирале од српската војска и се криеле или бегале преку границa.

Исто така во Македонија под српска власт биле формирани т.н. доброволечки одреди во кои покрај Срби биле регрутирани и Турци и Албанци со муслиманска вера со што се сакало да се создаде раздор помеѓу

---

[19] Петар Стојанов, цит.дело, 194/195; Александар Апостолов, ВМРО од 1908 до 1918 година, Златна книга-100 години ВМРО, Скопје, 1993, стр.119.

[20] Петар Стојанов, цит.дело, 196.

[21] Глигор Тодоровски, цит.дело, 40.

Македонците-православни и муслиманското албанско и турско население[22]. Посебен придонес за недоверливиот однос кон српската власт имале и гласините за привремениот карактер на истата, што биле пренесувани од бегалците кои се враќале од соседна Бугарија[23].Во Македонија под српска власт едно од најгорливите нерешени прашања било аграрното прашање. Српските државни власти не презеле мерки за некоја поправедна аграрна реформа. Тоа создавало дополнителен револт кај населението. Во земјоделието биле задржани старите чифлигарски сопственички односи со постоење на чифликсајбии, иако имало многу примери на давање отпор на селаните кон тие односи.

Просветната политика во Вардарска Македонија била поставена на големосрпски позиции, со намера да го наметне српскиот јазик, култура и обичаи врз македонскиот народ. Во тие планови биле употребувани дури и поранешните егзархиски учители-Македонци, кои посетувале специјални курсеви во Белград, каде го изучувале српскиот јазик, историјата и географијата на Србија, а за што добивале и паричен надомест[24]. Овие поранешни егзархиски учители најчесто биле сменувани поради непознавање на српскиот јазик и биле поставувани на служба во т.н. "стари краишта" на Србија.

Во врска со состојбата во т.н. "новоослободени краишта" и покрај тоа што на Вардарска Македонија и бил наметнуван српски национален карактер, во писмото на началникот на Битолскиот округ, Марко Новаковиќ, до министерот за внатрешни работи под бр. 9617 на 29 октомври 1913 година, меѓу другото се велело дека прашањето на безбедноста во овие краишта било од голем интерес. Правилното решавање на ова прашање се гледало "во смисла на населување на овие краишта со чисто српски елемент" што би било од најголемо влијание за

---

[22] Исто, 49-53.

[23] Исто, 81.

[24] Исто, 313.

одржување на редот и безбедноста[25]. Локалните српски органи на власта со ова дефакто го признавале несрпскиот карактер на Македонија.

Со оглед на тоа што српските окупаторски власти во Брегалничкиот округ не се чувствувале сигурни поради постојаното навлегување на чети, агитатори и разузнавачки групи и поединци од ВМРО од територијата на Бугарија, односно од Македонија под бугарска власт, нивните мерки за одржување на редот и безбедноста биле посебно заострени. Мошне чести биле претресите во населените места и потерите за пронаоѓање на “бугарски” комити, на соработници на комитите и сл. Тоа пак од друга страна уште повеќе го подгрејувало незадоволството од српските власти и антисрпското расположение на македонското население.

Со почетокот на Првата светска војна во 1914 година, Србија се нашла на страна на силите на Антантата, Бугарија се повеќе се приближувала кон сојузот на Централните сили, додека Грција се обидувала да остане неутрална. Упадот на четите на ВМРО, потпомогнати со австро-унгарски средства, во Валандово на 2 април 1915 година имал за директна цел да предизвика вмешување на Бугарија во војната.

Пред нападот на Бугарија над Србија, нелојалноста и незадоволството на македонскиот народ од српската власт се гледало од фактот што српските воени органи барале од II пешадиски полк, кој бил главнина спрема бугарската граница и во кој имало голем број Македонци, тие или да се отстранат од него или тој полк да се замени со друг, бидејќи сметале дека истите при евентуална борба Македонци-војници, не би се бореле против нивните роднини од бугарската војска[26]. Слично расположение постоело и кај регрутираните Македонци во бугарската војска.

Со влегувањето на Бугарија во војната на страната на Централните сили во 1915 година, Вардарска и дел од Егејскиот дел на Македонија биле

---

25 Глигор Тодоровски, Српски извори за историјата на македонскиот народ 1913-1917, Скопје, 1981, 85.

26 Петар Стојанов, цит.дело, 266.

окупирани од бугарската војска. При заземањето на Вардарска Македонија во есента 1915 година, бугарската војска имала жестоки судири со српската војска, која потпомогната од здружените англо-француски војски, давала силен отпор во близината на Штип и особено кај месноста Криволак. Во тие новонастанати услови кога неколку месеци на овој простор се одржувала фронтовска линија на спротивставените војски, реонот на Штип и Штипско добил посебно важно геостратегиско место во плановите и на војските на Антантата и на војските на Централните сили.

Воените дејствија на теренот на Брегалничкиот округ повторно ги раздвижиле и активирале четите на ВМОРО на чело со војводите: Тодор Александров, Александар Протоѓеров и Христо Чернопеев, коишто застанале на страна на бугарската војска. Во Кочанско се наоѓале четите на војводите Симеон Кочански и Ефтим Полски, кои требало да тргнат за планината Плачковица, каде имале намера да се сретнат со штипската чета на војводата Иван Јанев-Брло, но до контакт не дошло, бидејќи последната била одбиена од српската војска кон Струмица, така што во овој реон не постоела чета[27]. Меѓутоа и покрај раздвижувањето на дел од комитските чети, најголемиот број на бивши четници и војводи на ВМОРО се наоѓале во состав на т.н.11 македонска дивизија, која била во рамките на бугарската војска и дејствувала на фронтовската линија јужно од Штип во близина на Криволак. Поради важната геостратегиска положба на Брегалничкиот округ, 11-та македонска дивизија во состав на бугарската војска, дејствувала во содејство со бугарските разузнавачки служби и со т.н. партизански единици. Така во околината на Штип дејствувале 60 бугарски војници и еден партизански вод, составен од 30 бивши четници и 120 бивши припадници на селската милиција на ВМОРО. Исто така поради важноста на теренот се барало од Кочани да бидат испратени два партизански вода за разузнавање. Едниот требало да дејствува на линијата: село Зрновци-Радовиш-река Лакавица, а другиот преку село Градец-село Чешме-река

[27] Трајко Чундев, Първото ми четничество, стр.3.

Струмица[28]. Овие разузнавачки одреди, всушност имале за задача да го подготват теренот на бугарската војска за претстојните неколку судири со силите на Антантата, кои што претставувале пресвртница во понатамошните борби на овој дел од фронтот.

По октомвриските вооружени судири, во почетокот на ноември 1915 година воениот распоред на единиците на 11-та македонска дивизија во Брегалничкиот регион бил следниот: II пешадиски македонски полк се наоѓал на планината Градец, V македонски пешадиски полк бил јужно од селото Гарван, Радовишко до котата 750, додека VI македонски пешадиски полк маневрирал меѓу позициите на другите два полка. Војските на Антантата почнале да се групираат на левиот брег на реката Вардар, при што нивните воени единици се установиле во близина на селото Корешница и тука започнале да се вкопуваат[29]. Фронтовската линија што ја обезбедувала 11-та македонска дивизија се наоѓала на линијата Серта планина-Градец планина и била во должина од 40 км. Воено-стратегиската задача на дивизијата била да го задржи пробивањето на француската војска кон Штип за 20 до 30 денови, со цел да не се дозволи таа да се спои со српската војска на север и со тоа да се оневозможи повлекување на српската војска преку Вардарска Македонија кон Грција. Бугарската страна сметала дека ако француските трупи бидат задржани за тој временски период, српската војска би била целосно уништена од Австро-унгарија.

Од втората половина на ноември 1915 година, бугарската војска, а во нејзин состав и 11-та македонска дивизија, преминале во офанзива против англиско-француските војски и по заземањето на селата Градец, Удово и Богданци дошло до поместување на фронтовската линија во корист на војските на Централните сили. Војските на Антантата се повлекле подалеку од Штипско на југ на линијата Дојран-Гевгелија-Кожуф планина-Битола-Охридско езеро, каде фронтовската утврденост на

---

28 Петар Дървинговъ, Действията на 11-та пехотна македонска дивизия отъ Криволакъ до Богданци 1915, София, 1920, стр.29.

29 Исто, 190.

спротивставените страни, со мали измени, се задржала до септември 1918 година, односно пред самиот крај на Првата светска војна.

По окупацијата од бугарската војска целата окупирана територија на Македонија била прогласена за единствена воено-административна управна област позната под името Македонска воено-инспекциска област (МВИО). Таа била поделена на 9 окрузи, од кои 7 биле целосно на македонска територија, а два Призренскиот и Приштинскиот-надвор од Македонија[30]. На чело на МВИО се наоѓал началник со седиште во Скопје, кој преку подрачните воено-полициски и цивилни власти управувал со областа. Управата била спроведувана преку окружните и околиските началници, како и преку општинските и селските председатели и комитети. Исто така постоеле и т.н. окружни, околиски и општински повеќечлени и тричлени комисии на чело со председател. Со реорганизацијата во 1918 година сите овие органи биле укинати при што Брегалничкиот и Кумановскиот округ влегле во рамките на т.н. прв бригаден окупационен реон.[31]

Во рамките на МВИО, Брегалничкиот округ заземал важно геостратегиско место, не само поради местоположбата, туку и поради тоа што тој зафаќал поголем простор од источниот дел на Вардарска Македонија. Иако по 1915 година воените судири се пренеле подалеку на југ и не го засегале директно овој регион, сепак тој имал значајно место во позадината на Македонскиот фронт, каде разните разузнавачки служби, пред се бугарските и српските се бореле да создадат подобри позиции на едната или другата држава. Така во однос на овие активности бугарската обласна управа со телеграма бр. 419 од 4 02 1917 година ги известила околиските и општинските органи на власта во Кочани и Виница дека непријателите (силите на Антантата,б.м.) употребувале питоми гулаби за разузнавачка служба. Затоа се предупредувало населението што одгледувало гулаби да ги затвори или да ги употребува до 10 февруари 1917

---

30 Историја на македонскиот народ, кн.II, Скопје, 1969, стр.401.

31 Исто, 402.

година, а после тој датум се наредувало убивање на сите гулаби, при што од локалната бугарска власт се препорачувало нивно внимателно прегледување и во случај да се најде некаква порака под крилјата, се наредувало таа да се однесе до Обласната управа.[32]

Бугарските власт, како и во претходниот период српските власти, во Брегалничкиот округ се сметала загрозена од сите лица на територијата на округот, кои што потекнувале од други држави, но и од оние кои што на било каков начин имале некои контакти од порано со земјите што во тој момент се наоѓале во таборот на Антантата. Во врска со ова, а врз основа на решението на градската команда на Кочани, под бр. 57, од тој ден 5 декември 1917 година се барало во рок од 72 часа да се јават сите лица со времена дозвола за престој во Кочани, и да ги донесат нивните дозволи. Доколку тие лица не се јавеле во командата, против нив се поведувала судска постапка за криење[33].

Понатаму се барало од околните општини да дадат точни податоци за следното: 1)да дадат список на сите странски поданици кои живееле во односната општина 2) да се даде список на сите трговски и индустриски претпријатија, кои се наоѓале во сопственост на поданици на непријателските држави на Бугарија. Во таа насока се напоменувало дека меѓу непријателските држави се вбројувале и: Грција и Романија. Исто така се обрнувало внимание до Градската, Виничката и Белската општина, дека постоеле сознанија за постоење лица во овие општини, кои живееле во непријателски држави на Бугарија[34].

Ваквите и слични засилени мерки на безбедност во Округот бугарската власт, меѓу другото ги оправдувала со опасноста од роварење на некои непријателски служби на теренот на овој регион.

Бугарската окупаторска власт во Брегалничкиот округ презела најразлични мерки со цел да спречи појава на било каков отпор на

---

[32] АМ, фонд МВИО Кочани 1915-1918, 121/1.

[33] Исто, стр.1.

[34] Исто, 2.

македонскиот народ против неа. Во составот на овие мерки, а врз основа на наредбата на началникот на МВИО издадена на 14 декември 1917 година, се наредувало собирање на сите останати манлихерови пушки, било да се исправни или неисправни, а со нив и сите ножеви и патрони. Според наредбата ако се фател било кое лице да носи манлихерова пушка, нож или куршуми, истото се подведувало под судска одговорност.[35]

Незадоволството од бугарската власт населението во Вардарска Македонија го искажувало и преку неодзивање пред бугарските регрутни комисии. Бројот на регрутираните македонски регрути на територијата на МВИО од страна на бугарската војска во годините помеѓу 1916-18 година изнесувал околу 80 000 луѓе од кои најголемиот број не се пријавиле, се криеле, а еден дел и дезертирале од бугарската војска.[36]

Во однос на владеачката администрација во МВИО интересен е фактот што во неа биле вклучени голем број Македонци, пред се бивши учесници во македонското национално-ослободително движење од периодот на борбата против турската власт. Алексо Мартулков за ваквиот став на поголемиот број на македонски дејци истакнал: ”А за революционерна борба во текот на војната ни збор не можеше да станува. Ние сите со мали исклучоци се бевме впрегнале да ги оствaруваме националните интереси на Бугарија. Поистакнатите водачи на леви и десни македонски револуционери се беа вгнездиле едни по штабовите на армиите, други во администрацијата и полицијата, трети во општинските управленија и постојаните окружни комисии...Со еден збор во сите служби бевме застапени и тоа со завиден процент. Но ниеден борец не беше в затвор”[37].

За таквиот развој на настаните постоеле повеќе причини. Прво, еден дел од македонските дејци поради неизграденото македонско

---

[35] Исто, (Кочанско околийско управление бр.5098 до г.г. Председателите на 3чл.комисий въ околията и града).

[36] Петар Стојанов, цит.дело, 373.

[37] Алексо Мартулков, Моето учество...цит., 320/321.

национално чувство, сметале дека во суштина бугарската окупација на Македонија значело нејзино ослободување. Второ, еден дел од тој стар македонски револуционерен кадар, разочаран од долгогодишната неуспешна борба за ослободување на Македонија, се приклонил кон кариеризам и создавање материјални богатства, со што целосно и одел во полза на бугарската власт, која со оваа администрација на МВИО сакала да создаде илузија кај македонскиот народ за неговото наводно бугарско етничко потекло. И трето, една група од македонски дејци не гледајќи никаков излез од таквата ситуација односно никаква алтернатива, избирале меѓу целосна пасивизација и каква таква политичка активност, при што се решиле да влезат во бугарската администрација на МВИО со надеж дека преку овие органи ќе бидат поблиску до широките македонски народни маси.

Во вакви услови Вардарска Македонија ја дочекала есента 1918 година, кога бил пробиен Македонскиот (Солунски) фронт и кога нејзината територија била окупирана од војските на Антантата. Со создавањето на новата држава, Кралство на Србите, Хрватите и Словенците, на 1 декември 1918 година, Вардарска Македонија влегла во нејзини рамки. Во однос на одредувањето на границата, новоформираното Кралство имало гранични недоразбирања околу манастирот Св. Наум со Албанија, а спорно било и прашањето на разграничување со Бугарија за градот Струмица, која со најблиската околина (околу 60 000 жители) била прогласена за подрачје под воена меѓусојузничка команда на силите на Антантата до ратификацијата на договорот за мир со Бугарија. Во ноември 1919 година, според договорот, Струмица била запоседната од српската војска и била присоединета кон Кралството на СХС[38].

Воените дејствија и политиката на српските и бугарските окупаторски власти од почетокот на Првата балканска војна до крајот на Првата светска војна во брегалничкиот регион, односно Брегалничкиот округ, оставиле длабоки последици во стопански и политички поглед. Воените дејствија и реквизициите на српските и на бугарските власти го

---

[38] Историја на македонскиот народ, кн.III, Скопје, 1969, 7.

растроиле традиционалното стопанство во овој регион. Биле разурнати многу облекти, во текот на војните и биле реквирирани голем број производи и добиток. Повеќепати поместуваните граници во и околу брегалничкиот регион ги прекратиле трговските врски на населението од споменатиот регион со оние краеви од Македонија, кои останале под грчка и српска власт, со тоа од скоро централен македонски крај, брегалничкиот крај станал пограничен. Поради засилената пропаганда од српската односно бугарската власт за нивните "ослободителни мисии" во Македонија и барањето на соработници на поранешните власти меѓу населението во овој регион, настрадале многу поединци дури и цели семејства. Дел од незадоволните, но и заплашените за својата судбина, жители од Штипско и поширокиот брегалнички регион ги напуштале своите домови и емигрирале при смената на властите. Посебно бил голем бранот на бегалци кон Бугарија, односно кон Македонија под бугарска власт по Втората балканска војна и по завршувањето на Првата светска војна.

Сепак најголемиот дел од населението останал во овој регион и со неизвесност, страв и незадоволство го дочекало враќањето на српските војски и власти во овој дел на Македонија во почетокот на октомври 1918 година. Тоа антисрпско расположение се должело пред се на лошото искуство на македонскиот народ во овој дел на Македонија со мерките на српските окупаторски власти од крајот на Втората балканска војна август 1913 година до влегувањето на Бугарија во Првата светска војна октомври 1915 година.

Токму затоа во периодот меѓу двете светски војни, а особено првите години по Првата светска војна во Брегалничкиот округ ќе се практикуваат строги, односно ригорозни мерки на српските воени, жандармериски и административни власти, од една страна, а ќе се манифестира силен отпор на населението против нив, од друга страна, кој ќе биде искористуван од страна на ВМРО.

# ГЛАВА II

# ПОЛИТИКАТА НА КРАЛСТВОТО НА СРБИТЕ, ХРВАТИТЕ И СЛОВЕНЦИТЕ ВО БРЕГАЛНИЧКИОТ ОКРУГ (ОБЛАСТ)

## 2.1. Општествено-политичките прилики во Вардарска Македонија по Првата светска војна

Војните што на територијата на Македонија со мали прекини се воделе шест години, од 1912 до 1918 година, ја уништиле дотогашната македонска етнографска и стопанска компактност. Во воените операции кои се воделе на тлото на Македонија биле искористени неповратно голем број на природни богатства, а била уништена и значителен број човечка сила од македонското национално ткиво. Во Вардарска Македонија според податоците од 1920/21 година имало вкупно 782 278 жители од кои 630 000 биле Македонци[39].

По војната во 1918 година, Македонија била разбиена како стопанска целина. Вардарска Македонија била отсечена од Солун, кон кој што природно, економски и политички гравитирале најголем дел од краевите кои останале под српска власт. Битола како политички и економски центар на југозападна Македонија, која својот расцут го доживеала за време на турското владеење, по Првата светска војна

---

[39] Иван Катарџиев, Време на зреење 1, Скопје, 1977, стр.24/25.

стагнирала во својот развој. Струмичката област која сега била приклучена кон Кралството на СХС, била опустошена во воените операции.

Сточарството како важна гранка во голем дел било уништено, поради тоа што зимските пасишта, кои претежно се наоѓале во Егејска Македонија, со поделбата на етничко-географскиот простор на Македонија, останале недостапни за големите стада добиток од Вардарска Македонија. Од друга страна, земјоделските и сточарските производи кои порано преку Солун биле извезувани на пазарите во други држави, во вакви услови за нив немало поголем пласман со што нивното производство замирало. За време на војната и онака слабата индустрија била разорена, така што по војната во 1918 година, во Вардарска Македонија имало само 15 индустриски претпријатија и тоа со примитивна технологија. Надалеку познатата македонска чаршија со слабеењето на занаетчиството и трговијата, постепено изумирала. Дел од македонската интелегенција под притисок на асимилацијата и денационализацијата што ја спроведувале српските власти, се иселувала од Вардарска Македонија[40].

Најважна гранка за егзистенција на населението во Македонија било земјоделството и токму во таа насока било и вниманието на нововоспоставениот режим. Во Вардарска Македонија до 1920 година имало 756 955 хектари плодно земјиште за земјоделска експлоатација или само 17,7% од вкупната површина. Од таа обработлива површина најголем дел отпаѓало на житните култури 403 762 хектари, на второ место биле угарите со 41 595 хектари, градинарските посеви биле застапени на 27 167 хектари, индустриските растенија на 7373 и растенијата за сточна исхрана на 243 хектари или вкупно 480 140 хектари со засадени култури во 1920 година.[41] Во сферата на земјоделието сеуште имало остатоци од

---

[40] Александар Апостолов, Специфичната положба на македонскиот народ во Кралството Југославија, ГИНИ, год. XVI, бр.1, Скопје, 1972, стр.43/44.

[41] Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, Скопље, 1937, стр.535/536.

феудалните аграрно-производствени односи, кои што биле карактеристични за периодот на турското владеење во Македонија. Во поголемиот дел од Вардарска Македонија сеуште постоеле големи феудални поседи, кои биле сопственост на чифликсајбии, претежно од турска и албанска народност. Поради ваквата констелација на односите и нерешеното аграрно прашање, кое што сеуште влечело товар од минатото, кај македонските селани се поизразен бил револтот од ваквата ситуација и се почести биле барањата за премавнување на полуфеудалните односи во аграрот.

Владеачките кругови за да го намалат народното незадоволство се обиделе да променат некои работи во чија насока бил Манифестот на регентот Александар Караѓорѓевиќ издаден на 6 јануари 1919 година во кој се ветувало укинување на крепостништвото и големите земјишни поседи и разделување на земјата на сиромашните селани, но со правично надоместување на дотогашните нејзини сопственици[42]. Во прилог на решавање на аграрното прашање владата на Кралството на СХС на 27 февруари 1919 година, донела т.н.''Претходни одредби за подготовка на аграрната реформа'', со која меѓу другото и селаните-чифчии во Вардарска Македонија биле прогласени за слободни сопственици на земјата што ја обработувале.[43] Меѓутоа и покрај овие законски акти, до суштинско решавање на аграрното прашање во корист на македонските селани не дошло, пред се поради тоа што предност во решавањето на ова прашање им се давало на српските колонисти во Вардарска Македонија и поради заштитата на интересите на српските и муслиманските големопоседници.

По војната во политичкиот живот, со намера да го неутрализира значителното муслиманско население во Вардарска Македонија, големосрпските владеачки кругови им ги запазиле имотите и привилегиите на беговите. На политичката сцена, на која имало над 40 политички партии,

---

[42] Историја на македонскиот народ, кн.ИИИ, Скопје, 1969, стр.9.

[43] Исто.

Радикалната и Демократската партија, како две најголеми и најмоќни партии, се користеле со гласовите на феудалните аги и бегови од Вардарска Македонија со цел обезбедување мнозинство во Скупштината. Така подоцна, во 1921 година со помош на пратениците на партијата Џемиет, која претежно ги опфаќала гласовите на муслиманското турско и албанско население во Македонија и на Косово, бил изгласан и Видовденскиот устав. За возврат на нивните услуги, владата на Кралството, во која во мнозинство биле големосрпските политичари, им дала разни привилегии на агите и беговите преку нивната партија Џемиет, а исто така не се посегнувало по големите беговски и агини имоти, со што практично во Македонија се задржале феудалните односи[44]. Спротивно на ова, на македонскиот народ не само што не му било дозволено да создаде своја македонска национална политичка партија, туку врз него уште со самото воспоставување на новата власт во Вардарска Македонија,се вршела невидена асимилација и денационализација, со целосно негирање на македонската национална самобитност.

Безбедносната ситуација во Вардарска Македонија под власта на Кралството на СХС била многу лоша. Во Штипско, Велешко и Тиквешко во текот на 1919 година постојано крстосувал летечкиот одред на Јован Бабунски, кој под изговор дека се бори против комунизмот и бугарската пропаганда, извршил големи злосторства врз македонскиот народ. Во овој период се позачестено на територијата на Вардарска Македонија навлегувале и комитските чети на ВМРО на Тодор Александров, кои постојано се судирале со вооружените формации на Кралството. Според извештаите на воените органи и на разузнавачките служби, тие ги посочувале источните делови на Македонија како можни жаришта на народен бунт, и тоа пред се Штипскиот и Кочанскиот крај[45]. Западната

---

[44] Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия(1918-1941), София, 1983, стр.20.

[45] АИНИ, фонд ТАО, к. XXXV/2, кут.2, ред.бр.216, (Телеграма делегата из Софије-команданту III армиске области, 21 09 1919), л.1.

граница кон Албанија, исто така постојано била загрозувана од вооружените напади на качачките банди коишто навлегувале на територијата на Македонија првенствено заради пљачкосување и грабежи. Покрај качаците, долга низа на години по војната, дестабилизирачки фактор на албанската граница претставувал и нерешениот граничен проблем на Кралството и Албанија околу манастирот Св. Наум.

Кревкиот внатрешен мир во Вардарска Македонија бил нарушуван и од се поголемите социјални проблеми што се создавале во и онака слабата индустрија, а кои резултирале со се позачестени штрајкови на незадоволното македонско работништво, што пак од своја страна ја дозаокружувало сликата на нарушената безбедност во овој дел од Кралството на СХС.

Во врска со ситуацијата во Вардарска Македонија се расправало и во Народната Скупштина на Кралството. На 25 јануари 1922 година дискутирајќи по ова прашање словенечкиот пратеник Антон Сушник ја критикувал владата дека во Македонија состојбата била неподнослива, при што поради неговото споменување на името „Македонија "се слушнале извици на незадоволство од страна на пратениците од големосрпските партии. Сушник во понатамошното излагање истакнал дека во Македонија постоеле „македонски комити" кои дејствувале и се бореле за независност на Македонија. Според него, извесниот Американец Симанд, кој во 1921 година ја посетил Македонија, истакнал дека состојбата е жална и ги повикал Американците да ја преземат улогата на пацификатори. На крајот од излагањето Антон Сушник заклучил дека, единствено решение за македонското прашање е да и се даде автономија на Македонија".[46]

Сите овие околности и настани во Вардарска Македонија по завршувањето на војната, кога таа се нашла во рамките на новоформираната држава-Кралство на СХС, уште на самиот почеток генерирале огромно незадоволство кај македонскиот народ кон новата

---

[46] Стенографске белешке Народне Скупштине Краљевине СХС (1921/22), кн.1, Београд, 1922, XX редовни састанак, стр.207/208.

власт. Уште во почетните повоени години на македонскиот народ од овој дел на Македонија му станало јасно дека не станувало никаков збор за негово ослободување, туку дека едно ропство било заменето со друго. Ваквиот развој на настаните ќе ги одреди многубројните форми на отпор, кој македонскиот народ ги давал против големосрпската власт во Вардарска Македонија.

## 2.2 Административни, полициски и воени мерки на режимот на Кралството на СХС во Брегалничкиот округ (Брегалничката област)

Властите на Кралството на СХС преземала најразновидни мерки за да ја одржат и зацврстат контролата врз Вардарска Македонија и особено во Брегалничкиот округ, каде Кралството имало најголеми проблеми во зачувувањето на својата власт. Разните форми на легален отпор и илегален отпор на македонскиот народ во Брегалничкиот округ ги загрижиле владеачките структури на Кралството на СХС. Режимот во Белград констатирал дека кон Македонците биле потребни строги мерки поради нелојалноста кон Кралството, која одела до тие граници што, при повлекувањето на бугарската војска, "никој од нив не се предаде на нас, дури ни тогаш кога проаѓаа низ своите родни огништа, туку сите отстапуваат со бугарската војска во Бугарија..."[47]

Кралството на СХС во зацврстувањето на својата власт во Брегалничкиот округ, поради антисрпското расположение на населението, но и поради опасноста што доаѓала од вооружените комитски чети на ВМРО кои со своите акции се заканувале целосно или делумно да ја парализираат српската власт во округот, се решило предност да им даде на полициските и воените мерки. За неутрализирање на незадоволните

[47] АИНИ, фонд ТАО, к.ЦЦЦВ/1, кут.1., ред.бр.3, (Извештај команданта Брегалничке дивизиске области-команданту ИИИ армиске области), л.1.

елементи, властите на Кралството во Брегалничкиот округ донеле огромни жандармериски сили. Овој голем полициски апарат започнал да се распоредува на теренот на округот во сите негови околии. Во почетокот на 1919 година, полициски и воени сили започнале со пребарување на планинскиот дел и селата од Брегалничкиот округ што граничеле со Кратовската околија, каде се сметало дека има упоришта на комитски чети. За таа цел биле претресени неколку села: Горна Стубла, Пребиштани, Плешенци, Нежилово, Којково, Мушково, Кнежево и други и биле уапсени 17 лица, а едно убиено под обвинение дека, биле во тајниот бугарски комитет…".[48] За спречување на влегувањето на комитските чети се применувал строг надзор над месното население, се вршеле патроли на сомнителните места, се внимавало на непознати лица, секое лице без правилни документи се носело во полициска станица, а на месното население му се наредувало секое лице од друга држава да го пријавуваат на властите.[49]

Откако не се постигнал успех во сузбивањето на четите на ВМРО со помош на жандармеријата, се преминало кон помош од месното население. Во таквите напори властите наидувале на луѓе, кои биле подготвени да соработуваат со нив. Подобните луѓе за српската власт ги посочувал Жика Лазиќ, шефот на државната безбедност на Кралството, при што кога биле создавани месни потерни оделенија, тие лица учествувале во нив и биле плаќани од жандармерискиот буџет како привремени жандарми.[50]

---

[48] Исто, ред.бр.5, (Извештај Команде Вардарске дивизиске области-команданту ИИИ армиске области, 15 01 1919), л.1.

[49] Исто, ред.бр.67, (Писмо Команде Вардарске дивизије-команданту ИИИ армиске области, 24 03 1919), л.1-2.

[50] АМ, фонд РСВР, кут.8/11, матр.бр.21, Материјали за Жика Лазиќ, (Делатност ВМРО-а на територији Македоније и уопсте и мере бивсих Југословенских власти), стр.9.

На воен план, главна воена единица што го обезбедувала Брегалничкиот округ, бил 23-от пешадиски полк со седиште во Штип. Единиците на овој пешадиски полк биле распоредени во сите околии на округот и тоа во следниот распоред: во Штип се наоѓала IV чета од првиот баталјон, во Радовиш I чета од вториот баталјон и во Кочани бил штабот на првиот баталјон и првата чета од првиот баталјон. Во Царево село била II чета од првиот баталјон, Берово II,III и IV вод од III чета на првиот баталјон и во Пехчево бил првиот вод од III чета на првиот баталјон.[51] Воените стручњаци на Кралството на СХС сметале дека ваквото присуство на воена сила не било доволно за безбедноста на округот, поради се поголемиот број на комитски чети. Во почетокот на 1919 година и границата на Кралството кон Бугарија не била обезбедена со поголеми воени формации. Граничната чета со седиште во Радовиш се состоела од 53 војници, распоредени на 8 стражарски места со реон за обезбедување од Градец планина на кота 571 до кота 1300 на планината Огражден. Беровската чета броела 61 војник на 10 стражарски места со обезбедување од к.1300 на планината Огражден до караулата Кадиица на к.1750. Во Царево село имало 2 чети. Едната имала 36 војници со 7 стражарски места од караулата Понорица на к.1415 до караулата Диздерица на к.1131. Втората чета имала 40 војници со 9 стражарски места и реон на обезбедување од кота 1131 до караулата Балташница на планината Руен.[52]

Според извештајот и на самиот началник на Брегалничкиот округ, Радивој Јовановиќ, во почетокот на 1919 година безбедноста на округот

---

[51] АМ, фонд ТАО, (микрофилм 342), (Команда Брегалничке дивизиске области пов.бр.1712, распоред ЦЦИИИ пешадиског пука, 24 01-6 02 1919), л.1.

[52] Исто, (Распоред граничних чета првог одсека на територији Брегалничке дивизијске области, пов.бр.1712, 24 01-6 02 1919), л.1.

била одржувана од 23-от пешадиски полк, составен од 8 чети, а државната граница на Кралството била обезбедувана од 6 гранични чети. За да се подобрела безбедноста, од Командата на Брегалничката дивизиска област се барало засилување од еден полк на коњица. Со потребните пешадиски оделенија требало да се пополнат сите села и гратчиња во близина на границата, а со задача никој од месното население да не може да го напушти своето место без потребната евиденција во дотичната воена посада. Останатиот дел од пешадијата би бил употребен како резерва.[53] За оваа служба како најпогоден се сметал пешадискиот полк од Моравската дивизија, кој бил најблизок до оваа дивизиска област. Коњаницата пак требало да се користи за патролирање со цел фаќање на сомнителни лица и за чување на телефонските линии. Така, со овие мерки се предвидувало да се спречи секое нелегално минување од Бугарија во Кралството на СХС .[54] Покрај овие воени мерки, се одело кон тоа органите на власта на Кралството со своите постапки да не создаваат одбојност кај македонскиот народ кон новиот режим во Вардарска Македонија.

Поради неодреденоста на границата со Бугарија, бидејќи во почетокот на 1919 година сеуште траела Версајската мировна конференција, се барало да се прекинат и да не се вршат репресии врз Македонците, поради опасноста од нивно емигрирање во Бугарија. Но се барало казнување на оние кои не се одѕивале на воениот повик, со интернирање на нивното семејство.[55] Командантот на Брегалничката дивизиска област во својот извештај до командантот на Третата армиска област, предупредил дека пред да се преземат било какви мерки, требало

---

[53] Завод музеј, историско оделение Штип, фонд ТАО, (Команда Брегалничке дивизиске области пов.бр.1703-команданту ИИИ армиске области), стр.1.

[54] Исто, 2.

[55] АИНИ, фонд ТАО, к.ЦЦЦВ/1, кут.1, ред.бр.113, (Извештај од Команде Вардарске дивизиске области-команданту ИИИ армиске области, 4 05 1919), л.1.

да се внимава и добро да се запознае карактерот на македонскиот народ. Според него Македонецот својот капитал го држел закопан и се што ќе му се речело тој го одобрувал и ветувал дека ќе го стори тоа, но го правел она што го наумил. Македонецот-граѓанин сакал да тргува и да води политика, но не и да плаќа данок. Според извештајот Македонецот не сакал да служи во ниту една војска. Затоа кога бил регрутиран тој бегал, порано во Бугарија, и оттаму сиромавиот бил праќан комита, а богатиот останувал да тргува во Бугарија.[56]

Во средината на 1919 година, поради се поголемото народно незадоволство и зачестените комитски напади, се повеќе се чувствувал недостаток на полициски сили за зачувување на редот и државниот поредок во овој дел на Кралството на СХС . Началникот на Брегалничкиот округ известувал дека 400 жандарми не биле доволни за безбедноста на округот. Ваквата состојба била затоа што, според началникот, ова бил еден од поголемите окрузи, составен од 6 околии и затоа што во поголемиот дел се граничел со Бугарија, од каде доаѓале комитските напади. Потоа се наведувало дека непријателската агитација во Брегалничкиот округ била најсилна и поради сите овие причини, началникот истакнал дека за округот биле потребни најмалку 600 жандарми со соодветен број на офицери.[57]

Пролетта 1920 година, поради просторноста на Штипскиот полковен округ и поради опасноста од влез на комити, надлежните воени органи барале засилување на 23-от пешадиски полк со офицери и подофицери. Во тој правец се барало да се распоредат по 4 митралези на батаљон и по 8 пушкомитралези на чета. Бидејќи комитите најчесто се бранеле од куќи, се препорачувало секој батаљон да има најмалку по еден топ со калибар 37мм., кој бил корисен поради разурнувачкото дејство и поради

---

[56] АМ, фонд ТАО, (микрофилм 342), (Команда Брегалничке дивизиске области пов.бр.1696-команданту III армиске области), л.1.

[57] Завод музеј, историско оделение Штип, фонд Брегалничка област, папка бр.1, (Начелник округа Брегалничког пов.бр. 576-команданту II жандармериске бригаде), стр.1.

прецизноста. Бомбашките одделенија по баталјоните требало добро да се обучат за употреба на бомби од сите видови, бидејќи комитските чети често се користеле со бомби. Се наредило и усогласување на дневната и ноќна сигнализација. На баталјоните било наредено да им се дадат по 20 коњи и да се обучат за брзо интервенирање, пресекување на отстапница, брза врска и пошта.[58] Командата на Вардарската дивизиска област во понатамошниот извештај до командантот на III армиска област, барала да се оспособат единици за брзо движење, правење заседи и опколување. Старешините и војниците кои имале успех во гонењето на комитите се барало да се наградат со одликувања и со материјални средства. Исто така се барало откривање на комитските канали и казнување на населението што ги помагало комитите, а во таа насока 23-от пешадиски полк требало веднаш да се засили со митралези и пушкомитралези.[59]

Според еден доверлив извештај до кој дошла ВМРО, во градот Кочани се наоѓал командантот на првиот баталјон од 23-от пешадиски полк. Во Штип, според истиот, биле донесени 4 батерии артилерија од кои две биле испратени во Кочани. Српската власт, според извештајот, распоредила во сите околни општини тајни српски чети кои требало да ги фаќаат избеганите„Бугари"-регрути и да ги откриваат четите на ВМРО, ако такви се појават. Според ова пишување, војската на Кралството на СХС била лошо облечена и слабо исхранета, а војниците Хрвати, Словенци, Унгарци и од друго несрпско потекло, добро се однесувале кон македонскиот народ.[60]

Недостатокот од полициски сили го истакнал и началникот на Кочанската околија во април 1920 година. Тој го замолил началството во

---

58 АМ, фонд ТАО, (микрофилм 344), (Команда Вардарске дивизиске области Ђенералштаб пов.Ђ.бр.2753-команданту III армиске области), стр.1-2.

59 Исто, 2-3.

60 АМ, фонд 1909, Александар Протоѓеров, (микрофилм 4251, оп.2, АЕ 63), (Сведения отъ Македония-Поверително), стр.2.

Штип, за одржување на безбедноста во околијата да испрати 20 жандарми со што би било формирано едно крстаречко оделение. Началникот на Кочанската околија исто така барал од соодветниот министер да испрати што побргу уште 50 жандарми од причина што шумата почнала да „разлистува” со што се создавале можности за развој на комитските акции.[61] За состојбата на полициските сили во Брегалничкиот округ потврдно се изразил и началникот на округот Јовановиќ во извештајот за безбедноста на овој дел од Кралството, издаден во јули 1920 година. Тој истакнал дека повеќето од жандармите во овој округ биле речиси боси и со целосно искината облека, така што започнало да се јавува отворено незадоволства меѓу нив. Било навестувано дека е можно поради ваквите околности жандармите да престанат да ја вршат својата служба. Јовановиќ барал да им се испрати облека на жандармеријата, поради непредвидливите последици што би можеле да настанат од таквата состојба.[62]

Во март 1921 година, поради се поголемиот упад на комитски чети, повторно се актуелизирало прашањето за заштитеноста на границата со Бугарија. Началникот на Брегалничкиот округ Радивој Јовановиќ по извршената инспекција на границата заклучил дека огромни простори кон бугарската државна граница биле потполно незаштитени, преку кои можело да помине не само комитска чета, туку како што истакнал началникот, и цела дивизија. Тој понатаму вели дека бил мал бројот на пограничните стражари, а и на жандармите. Така во некои места од една до друга полициска станица требало да се оди 4 до 5 часа. Поради малиот број жандарми, голем број погранични села останале незаштитени и затоа началникот Јовановиќ предложил во секое село каде немало жандармериска станица, да има по 2 жандарми, кои заедно со селскиот

---

[61] Завод музеј, историско оделение Штип, фонд Брегалничка област, папка бр.1, (Начaлник округа Брегалничког Пов.бр. 267-господину министру унутрашњих дела-Београд), стр.2.

[62] Исто, фонд ТАО, папка бр.2, (Извештај о стању јавне безбедности-Београд, 9 07 1920).

пољак би го штителе селото.[63] Началникот се залагал да се зголеми и бројот на крстаречките оделенија. Тој посочил дека со постоечките сили одвај можела да се заштити државната безбедност во нормални услови, додека во случај на поголем упад преку границата, не би можела да се контролира ситуацијата. Затоа началникот барал границата да биде заштитена од регуларна војска, како кај бугарската страна.[64]

Во однос на жандармерискиот кадар, началникот укажал дека еден дел од нив ја вршел должноста приближно како што треба, а останатиот дел се оддал на пијанство, ситна трговија или неморал. Заради подобрување на дисциплината, тој побарал командантот на овдешната жандармериска чета, капетанот Тома Стошиќ, кој бил неспособен да одржи дисциплина кај жандармите, да се замени со друг поенергичен.[65] По повод новите комитски напади, во мај 1921 година, биле засилени скоро сите жандармериски станици и летечките одреди. Поради потребата од повеќе жандарми, Министерството за внатрешни работи во спогодба со воениот министер регрутирало околу 2000 нови жандарми од редовите на војската, кои биле испратени во „јужните краеви".[66]

Во 1922 година заради поголема заштита на граничната линија со Бугарија од комитски напади, властите на Кралството во соработка со службата за државна безбедност на чело со Жика Лазиќ, започнале да формираат т.н. потерџиски чети. Во овие чети покрај месното население лојално на белградскиот режим, влегувале и подофицер со 3-4 жандарми заради контрола. Четите броеле од 15 до 25 луѓе. Во случај на успех против

---

63 Исто, фонд Брегалничка област, папка бр.3, (Началство округа Брегалничког Пов.бр.242-Министарству унутрашњих дела-оделење јавне безбедности), стр.1.

64 Исто, 2.

65 Исто, 3-4.

66 В.„Политика", год. XVII, бр.4689 „Бугарске комите у Маћедонији", стр.1.

комитските чети на ВМРО, четниците биле наградувани.[67] На помош на месните потерџиски чети често доаѓала и жандармерија, заради поцелосен успех и уништување на четите на ВМРО.[68]

Се почестите судири на жандармеријата и војската на Кралството со комитските чети, ја принудиле власта, во јули 1922 година, да ја засили Вардарската дивизиска област во нејзиниот источен дел со уште поголеми воени сили. Во Брегалничкиот округ како засилување биле испратени: еден коњички полк од IV ескадрон и митралеско оделение, првиот пешадиски полк со два батаљони со по две чети и митралеско оделение, XLVII пешадиски полк со два батаљони и митралеско оделение, еден батаљон од XVI пешадиски полк со вод од митралеско оделение, ридски дивизион од Дунавскиот артилериски полк од ридскиот дивизион на Тимочкиот артилериски полк.

Линиите на кои овие единици се распоредувале биле: прва линија Крива Паланка-Царев врв-Саса-Каменица-Драмче-Царево село-с.Панчарево-с.Црник-Пехчево-Берово-Босански КЛБ.-Ново село. Втората линија на разместување била Страцин-Кратово-Кочани-с.Шипковица-Радовиш-Струмица и третата линија Куманово-с.Павлешинци-Свети Николе-Штип-река Крива Лакавица. На првата линија биле распоредени III батаљон и две чети, II ридска батерија и еден ескадрон коњица.[69] Ова големо војничко засилување било распоредено во сите околиии на Брегалничкиот округ. Во Царевоселскиот одсек војничкото засилување било во состав: еден батаљон од XVI пешадиски полк со вод митралеско оделение, два батаљона од XLVII пешадиски полк со митралеско оделение, една ридска батерија од Дунавскиот артилериски полк и еден коњички

---

[67] АМ, фонд РСВР, кут.8/11, матр.бр.21, Материјали за Жика Лазиќ, Делатност ВМРО-а...цит.,16.

[68] Исто, 17.

[69] Завод музеј, историско оделение Штип, фонд Брегалничка област, папка бр.4, (Команда III жандармериске бригаде строго Ј.Б.бр.1519-комесару за Јужну Србију), стр.1.

ескадрон. Во селата Саса, Каменица и Драмче имало еден батаљон од XVI пешадиски полк, во селата Грлани, Трботивиште, Панчарево и Црник по една чета и во Царево село две чети, ридска батерија и ескадрон коњица. Во Беровскиот пододсек на просторот од селото Црник до караулата Босански Клб. биле разместени III батаљон од XLIV пешадиски полк, една ридска батерија од Тимочкиот артилериски полк и еден вод коњица. Во Пехчево, Берово и на Џами Тепе била сместена по една чета, а во Берово имало и една ридска батерија и еден вод коњица. Радовиш бил обезбедуван од една чета од III батерија на XXIII пешадиски полк и од една чета од првиот пешадиски полк на командниот батаљон. Во Кочани биле присутни штабот на еден батаљон од првиот пешадиски полк со една чета и вод митралези, штаб на дивизионот и една ридска батерија од Дунавскиот ридски артилериски дивизион и еден ескадрон коњица. Во Свети Николе се наоѓал штабот на првиот батаљон од III пешадиски полк со една чета и вод митралези. Во центарот на округот, Штип, биле сместени командантот на десниот тактички реон и командантот на првата пешадиска бригада од Вардарската дивизија, II и III батаљон од XXII пешадиски полк, III ридски дивизион од Вардарскиот артилериски полк и штабот на првиот коњички полк со еден ескадрон и митралеско оделение.[70]

Зголемениот број на жандармериски и воени сили на теренот на Брегалничкиот округ кон крајот на 1922 година, резултирал со масовни апсења на луѓе во округот, коишто се обвинувале од страна на режимот дека ги помагале или учествувале во четите на ВМРО. Според списокот од 13 декември 1922 година, под обвинение дека учествуваат во комитската организација, а според член 1 од Законот за заштита на јавната безбедност и поредокот на државата, познат како Закон за заштита на државата, донесен во август 1921 година, биле затворени лицата:[71]

1.Наце Коцев(иќ)-с.Д.Ѓуѓанци(Св. Николско)

2.Никола Митов(иќ)-с.Д.Ѓуѓанци

[70] Исто, 1-2.

[71] Исто, папка бр.5, (Списоци на затворени лица, 13 12-24 12 1922).

3.Стојан Јанев(иќ)-с.Д.Ѓуѓанци

4.Панзо Давчев(иќ)-с.Д.Ѓуѓанци

5.Сане Стојменов(иќ)-с.Д.Ѓуѓанци

6.Петруш Петрушев(иќ)-с.Д.Ѓуѓанци

7.Милан Серафимов(иќ)-с.Д.Ѓуѓанци

8.Јордан Златков(иќ)-Св.Николе

9.Стојан Додев(иќ)-Кратовско

10.Арсо Димов(иќ)-Татимир

11.Велко Димов(иќ)-Татимир

12.Тасо Спас(иќ)-Татимир

13.Петар Крстов(иќ)-Татимир

14.Серафим Стојанов(иќ)-Татимир

15.Јаким Арсов(иќ)-с.Приковци

16.Нако Трајков(иќ)-Татимир

17.Насуф Хусеин-с.Дурфулија(Велешко)

18.Крсто Стојков(иќ)-с.Пишица(Пробиштипско)

19.Блаже Јованов(иќ)-с.Пишица

20.Никола Јанатков(иќ)-с.Пишица

21.Алекса Митев(иќ)-с.Пишица

22.Бошко Ил(иќ)-?

23.Тане Коцев(иќ)-с.Лезово(Пробиштипско)

24.Дане Ефремов(иќ)-с.Д.Трогирци(Штипско)

25.Пане Шаклев(иќ)-с.Д.Трогирци

26.Дане Давитков(иќ)-с.Гајранци

27.Станојко Милев(иќ)-с.Гајранци

28.Ване Ристов(иќ)-с.Гајранци

29.Мито Нацев(иќ)-с.Гајранци

30.Јордан Иванов(иќ)-с.Гајранци

31.Стеван Попов(иќ)-с.Нивичани(Кочанско)

32.Серафим Анѓелков(иќ)-с.Нивичани

33.Зико Николов(иќ)-?

34.Спиро Коцев(иќ)-с.Саса

35.Богатин Илиев(иќ)-с.Саса

36.Глигор Стојменов(иќ)-с.Лаки

37.Јордан Стојменов(иќ)-Пресека

38.Дејан Манев(иќ)-Пресека

39.Зорица Петров(иќ)-Пресека

40.Мане Стојменов(иќ)-Пресека

41.Богатин Атанасов(иќ)-Пресека

42.Алексо Велинов(иќ)-Пресека

43.Стојан Ѓорѓев(иќ)-Пресека

44.Крсто Трајчев(иќ)-Пресека

45.Дане Јованов(иќ)-Пресека

46.Атанас Илиев(иќ)-Пресека

47.Серафим Манасиев(иќ)-с.Саса

48.Мустафа Јунузов(иќ)-с.Гратче(Царевоселско)

49.Љутви Али-Виница

50.Неџеп Реџеп-Блаце

51.Јашар Ибрахимов(иќ)-Блаце

52.Давче Павлов(иќ)-Приречане

53.Јордан Паунов(иќ)-Приречане

54.Панајот Јованов(иќ)-Приречане

55.Јован Саздов(иќ)-Кратовско

56.Трајан Лаз(иќ)-с.Стањевци(Св.Николско)

57.Димо Насов(иќ)-с.Стањевци

58.Давко Јанев(иќ)-с.Стањевци

59.Мишо Марков(иќ)-с.Павлешинци

60.Дане Костов(иќ)-с.Д.Ѓуѓанци

Овие списоци јасно го покажуваат негаторскиот однос на големосрпскиот режим кон постоењето на македонскиот народ, со самиот факт што на презимињата на затворените е додадена наставката „иќ" што е карактеристика на српските презимиња. Од уапсените на овие списоци најголемиот број од нив биле Македонци од источниот дел на Вардарска Македонија, односно од Брегалничкиот округ (област), иако имало и Турци, кои исто така биле вклучени во организационата мрежа на ВМРО. Списоците непобитно го истакнуваат податокот дека во организациската поставеност на ВМРО, најповеќе биле опфатени селата и помалите гратчиња, но фактот што во списоците имало најмногу затворени од селата, покажувал дека на удар на мерките на режимот во Белград најповеќе било изложено македонското село, од каде и најмногу се давал вооружен отпор на српската власт, но и дека во селата и нивната околина се движеле и престојувале чети на ВМРО.

По убиствата на колонистите во село Кадрифаково во јануари 1923 година од страна на четите на ВМРО, во Штип пристигнале Жика Лазиќ, шефот на жандармеријата и на државната безбедност на Кралството и некои високи чиновници од Министерството за внатрешни работи. Тие требало да одржат состанок со командантот на III армиска област, околиските и окружните началници на Брегалничкиот округ за мерките за заштита од комитските акции. Како една од мерките за уништување на, како што истакнала „Политика", Македонскиот комитет, се предлагало окупација на оној дел од бугарската територија во кој се наоѓале засолништата на комитските чети.[72] За одмазда на убиените српски колонисти во Кадрифаково, штипскиот велик жупан Добрица Матковиќ го наредил стрелањето на 22 селани од село Гарван, Радовишко, кое било извршено на 3 март 1923 година. Убивањето на други 19 луѓе од селото Брест, било спречено од еден полковник, по националност Хрват, кој

[72] В.„Политика", год.XIX, бр.5295, 20 01 1923 „После покоља у Кадрифалку", стр.2.

застанал во редицата и го оневозможил стрелањето на селаните.[73] Засилените репресивни мерки на Кралството на СХС во Брегалничкиот округ во летото 1923 година резултирале со полнење на затворите во околиите на округот. Во август 1923 година, според член 1 од Законот за јавна безбедност и поредок на државата, биле затворени лицата:[74]

1.Дане Јованов(иќ)-Ново село

2.Коле Арс(иќ)-с.Лезово(Пробиштипско)

3.Стојка Колев(иќ)-с.Лезово

4.Мане Трајчев(иќ)-с.Лезово

5.С. Манев(иќ)-с.Лезово

6.Сане Ефремов(иќ)-с.Лезово

7.Тодор Апостолов(иќ)-с.Лезово

8.Јованче Коцев(иќ)-с.Лезово

9.Стојан Јованов(иќ)-с.Гујновци(Пробиштипско)

10.Петар Зафиров(иќ)-с.Гујновци

11.Мане Костадинов(иќ)-с.Д.Трогирци

12.Ѓорѓи Иванов(иќ)-с.Д.Трогирци

13.Насто Јованов(иќ)-с.Д.Трогирци

14.Мане Данев(иќ)-с.Лезово

15.Тасе Давчев(иќ)-с.Лезово

16.Јован Арс(иќ)-Св.Николе

17.Павле Михаилов(иќ)-Св.Николе

18.Александар Мис(иќ)-Св.Николе

19.Јаче Јованов(иќ)-Св.Николе

---

[73] в.„Независима Македония”, год.I, бр.6, 29 03 1923 „Ватроломеевска нощъ въ с.Гарванъ”, стр.1.

[74] Завод музеј, историско оделение Штип, фонд Брегалничка област, папка бр.5, (Список на лица затворени во затворите по околиите, 10 08 1923).

20.Арангел Јованов(иќ)-Св.Николе

21.Спиро Донов(иќ)-Св.Николе

22.Јован Стојанов(иќ)-Св.Николе

23.Ангел Милев(иќ)-?

24.Глигор Тасев(иќ)-?

Во воените дејствија против комитските чети се вклучиле и разузнавачките оделенија од војската на Кралството на СХС . Во септември 1923 година, командните структури на војската, побарале податоци од разузнавачкиот офицер Танасие Диниќ за тоа како и со што бугарската јавност ги оправдувала подготовките на комитските чети на бугарска територија. Исто така се барале податоци од Диниќ за впечатокот во бугарската јавност предизвикан од вестите во весниците што објавувале дека војската на Кралството на СХС ќе ги гони комитските чети и на самата бугарска територија.[75]

Воено-полициските мерки кои што Кралството на СХС ги преземало за зацврстување на својата власт во Брегалничкиот округ, односно област во периодот 1918-1924 година, биле од големи размери и добиле широк публицитет во државата. Нивната примена во округот на површина го истакнала стравот на Кралството пред опасноста од губење на контролата врз овој дел од државата, поради се помасовното незадоволство на македонскиот народ од власта, кое се манифестирало во различни форми. И покрај големите воено-полициски сили, тие се покажале како недоволни за заштита на границата со Бугарија од навлегувањето на комитските чети на ВМРО.

Главни причини за неефикасноста на овие сили биле слабата дисциплина, неморалот на војниците и жандармите, како и несоодветниот

---

[75] АМ, фонд Министерство на војска и морнарица, Главен генералштаб(разузнавачко оделение), (микрофилм 2802), (Главни генералштаб-обавештајно оделење-обавештајном официру г.Танасију Динићу), стр.1.

распоред на гломазниот војнички и полициски апарат на теренот на округот. Во такви услови кога неможеле да се спречат вооружените комитски навлегувања во Брегалничкиот округ односно област, целокупното внимание на вооружените сили на режимот било насочено кон преземање на репресивни мерки врз локалното население во округот. Македонскиот народ во Брегалничкиот округ бил апсен, измачуван и убиван под обвинение дека дејствува против државниот поредок на Кралството и дека ги прикрива и помага четите на ВМРО во нивното дејствување. Оваа тешка состојба создавала уште поголема одбојност на македонскиот народ кон режимот на Кралството на СХС и создавала плодна почва за поголемо народно незадоволство.

## 2.3. Формите и методите на асимилација и денационализација над македонскиот народ во Брегалничкиот округ (област)

Со самото формирање на Кралството на СХС тоа во своето име ја содржело негаторската компонента кон постоењето на македонскиот народ. Новоформираната држава наместо слобода му донела на македонскиот народ ново ропство и целосно национално негирање, коешто не било случај ниту за време на петвековното турско владеење со Македонија. Од страна на големосрпските владеачки кругови во Вардарска Македонија била прогонувана секаква, дури и најмала проjава на македонска национална индивидуалност. Во сите сфери на живеењето бил наметнат како официјален српскиот јазик, а на презимињата на Македонците за да го изгубат македонскиот етнички белег, задолжително била додавана наставката„иќ". Како најпогодна форма за остварување на својата асимилаторска и денационализаторска политика кон македонскиот народ за големосрпскиот режим претставувал образовниот систем. Преку мрежата на училиштата се настојувало да се засилува српскиот дух меѓу македонскиот народ. За таа цел се наградувале со подароци и материјална помош децата на посиромашните родители. Во помалите места српската пропаганда била поизразена, поголем бил контактот на месното

македонско население со српскиот јазик, со што се создавал интерес кон српско национално ориентирање на Македонците.[76]

Во Брегалничкиот округ, српската денационализаторска политика во остварувањето на своите цели одела до таму што самиот шеф на полицијата и службата за државна безбедност на Кралството, Жика Лазиќ, им наредувал на селските младинци-Македонци да се женат со Србинки, а македонските девојќи со српски жандарми, при што во некои села таа наредба ја спроведувал злогласниот злетовски српски војвода Мино Станков(иќ). Во црквите во кои биле донесувани српски свештеници, се појавувале списоци на српски имиња по кои требало да се крстат македонските деца. Бидејќи во Источна Македонија се славел најмногу Илинден како општо македонски верски празник, Жика Лазиќ наредил секое семејство да слави „српска слава на српски начин", а кој тоа не го правел се сметал како „македонствујушчи" и бил казнуван со парична казна од 500 динари.[77] Лазиќ исто така испраќал во Белград студенти-стипендисти од Македонија, на сметка на српското друштво„Св.Сава", или на сметка на кралскиот двор, но со тоа не успеал да изврши асимилација на македонските студенти.[78]

## *а) Просветната политика на Кралството на СХС во Брегалничкиот округ (област)*

Како моќен центар на српската денационализаторска политика во Брегалничкиот округ(област) се издигнала штипската гимназија. Уште во јули 1919 година била испратена молба до Министерството за просвета во Белград за отварање полна гимназија во Штип поради, како што се истакнало во молбата, претходната силна бугарска пропаганда во овој град.

---

[76] АМ, фонд РСВР, кут.8/11, матр.бр.21, Материјали за Жика Лазиќ(Изјава на д-р Коста Тренчев), стр.2.

[77] Исто, 1.

[78] Исто, 2.

Директорот на гимназијата во молбата исто така истакнал дека со отворањето на полна гимназија би се создала пријателска атмосфера меѓу месното население и власта и би се вкоренил српскиот јазик меѓу народот со што ќе се истиснеле сите „туѓи" пропаганди од овој крај.[79]

Властите во Белград ја сметале Вардарска Македонија за српска земја и оттаму фактот што пропагандите на другите соседни балкански држави за нив биле „туѓи" и опасни за српското владеење во овој дел на Кралството. При барањето за отворање на полна гимназија во Штип од страна на одговорните владеачки структури во градот биле наведувани повеќе причини. Прво, Штип бил оддалечен од Велес 40 км. и поради скапотијата и немаштијата, луѓето не можеле да ги испраќаат своите деца на школување во овој град. Како втора причина се наведувало постоењето на други градови во околината на Штип: Кочани, Пехчево, Берово, Св.Николе и Радовиш, кои гравитирале кон Штип. Трета причина била таа што Штип бил окружно и дивизиско место, каде постоеле многу институции на власта: Окружно началство, окружен суд, дивизијата во округот и други, кои ја наметнувале потребата од полна гимназија. Но сепак како најважна причина што ја истакнувале српските власти во Штип, за отворање на гимназијата била, како што потенцирале, таа што бугарската агитација и комитската акција постигнале во Штип и во овој округ најголем успех. Полната гимназија требала да го смени во позитивен правец расположението на месното население кон властите на Кралството на СХС .

На сите овие настојувања им се излегло во пресрет и било донесено решение за создавање на шестокласна полна гимназија во Штип.[80] Решението било донесено на предлог на министерот за просвета, а по

---

[79] АМ, фонд Министерство за просвета на Кралството Југославија 1919-1941, кут.1(Штип), бр.12951, (Молба до господина министра просвете у Београду, 15 07 1919), стр.1-2.

[80] Исто, (Началство округа Брегалничког-господину министру просвете-Београд, 1 08 1919), стр.3.

сослушување на Министерскиот совет и врз основа на член 4 од Законот за средни училишта, при што претстолонаследникот Александар решил, четирикласната гимназија во Штип да се подигне на степен на шестокласна гимназија. Министерот за просвета, Павле Маринковиќ, требало да го изврши овој кралски указ, под кој своерачно се потпишал претстолонаследникот Александар и горенаведениот министер.[81] Ова го покажува интересот и вмешаноста и на самиот кралски двор во плановите за асимилирање на Македонците во Вардарска Македонија, при што и претстолонаследникот Александар првенство во таквите напори му дал на Брегалничкиот округ, како клучно подрачје за српските интереси во Македонија. Според веќе одредените планови, во правец на остварување на својата зацртана цел, предавањата во штипската гимназија започнале на 2 септември 1919 година, а за прв директор бил назначен Лазар Трипковиќ.[82]

Од страна на локалните органи на власта имало обиди за создавање на гимназиски училишта и во другите помали места во Брегалничкиот округ, но таквите обиди поради многу причини не успевале. Така во градот Кочани имало преку 100 деца со завршени две оделенија основно училиште. Поради војните децата останале без натамошно образование и затоа нивните родители во септември 1919 година го замолиле општинскиот суд во Кочани да отворел барем двокласна гимназија. За одржување на гимназијата општината ќе дадела се што е потребно, освен наставнички кадар. Општинскиот суд од своја страна, го замолил

---

81 Фонд Министарство просвете(микрофилм), трака бр.2, (У име Његовог Величанства Петра Првог, по милости божјој и вољи народној, Краљ СХС, ми Александар-наследник престола, 25 09 1919, Београд)

82 АМ, фонд Министерство за просвета на Кралството Југославија 1919-1941, кут.1 (Штип), (Штипска гимназија, извештај за школску 1919/20 годину), стр.5.

началникот на кочанската околија да преземе дејство за отворање на двокласна гимназија во овој град.[83]

По речиси едногодишно молчење со писмо се огласило Министерството за просвета до началникот на кочанската околија, со цел да ги извести граѓаните на Кочани дека министерот за просвета не можел да им излезе во пресрет на нивната молба за отворање гимназија во Кочани. Како главна причина се наведувало немањето на соодветен наставнички кадар и недостатокот на буџетски средства.[84] Неотворањето на гимназија во Кочани во 1919/20 година може да се толкува не само како последица од недостаток на финансиски средства во државниот буџет и немање наставнички кадар, туку и како резултат на тоа што српските владеачки политички кругови му дале предимство на Штип, којшто почнал да израснува во регионален центар на српската денационализаторска политика, а градот Кочани добил второстепено значење во големосрпските планови за овој округ.

Во почетокот на 1920 година, штипската шестокласна гимназија работела според наставните планови и ја извршувала својата „национална" задача. Со помош на директорот на гимназијата во рамките на истата, била формирана детска дружина под името „Напредок", која имала за цел материјално и општествено да ги образува своите членови. Наставникот по српски јазик, Драгослав Илиќ, бил одреден да ја надгледува работата на оваа дружина. Покрај книжарницата и читалната, дружината имала и театарски оддел, а бил упатен и апел до граѓанството да ја помогне материјално и со книги оваа дружина.[85] Всушност зад параванот на ова и сличните здруженија и организации стоеле режимските планови за

---

[83] Фонд Министарство просвете(микрофилм), трака бр.2, (Суд општине Кочанске бр.3970-началнику среза Кочанског, 21 09 1919, Кочани).

[84] Исто, (Министарство просвете Краљевине СХС, оделење за средњу наставу-С.П.Бр.6434-началнику среза Кочанског, 4 07 1920, Београд).

[85] Исто, (Српска краљевска гимназија-господину министру просвете Београд, 10 01 1920, Штип), стр.1.

однародување на македонските деца преку образовниот процес и всадување на српска национална свест, преку изучување на српскиот јазик, историја, литература и култура.

Во средината на 1920 година, според извештаите, бројот на учениците во штипската гимназија постојано растел. Во учебната 1918/19 година бројот на учениците бил 207, додека во јули 1920 година тој број изнесувал 356. Ваквата состојба, според директорот на гимназијата Трипковиќ, се должела на добриот глас на училиштето меѓу народот. Според податоците од гимназијата, само во V и VI клас имало 62 ученика, поради што се барало отворање на VII и VIII клас во наредната учебна година.[86] Отворањето на VII и VIII клас, одговорните фактори во гимназијата го оправдувале со слабите сообраќајни врски на Штип со поголемите градски центри(до Штип немало железничка пруга), како и со гравитирањето на други помали градови кон Штип, од кои можело да се потполни гимназијата. Исто така се потенцирал фактот дека во градот имало многу чиновници со свои семејства за кои што било потребно соодветно образование. Сепак како најважна причина за зголемување на бројот на класовите се истакнала работата врз, како што се вели „националната работа". Без постоењето на штипската гимназија се сметало дека дејствувањето врз т.н. „национална работа" би било многу тешко. Гимназијата, според нејзините водечки луѓе, била гаранција за разбивањето на бугарската пропаганда во Штип и воопшто бугарската агитација во овој дел на Македонија.[87] „Националната работа" на режимот, всушност претставувало систематското дејствување врз учениците во образовниот процес од страна на српскиот наставнички кадар, со цел за искоренување на македонското национално чувство, дури и во неговиот зародиш, и претворање на Македонците во Срби, со што би станале

---

[86] Исто, (Гимназија Штип-господину министру просвете, оделење за средњу наставу, 4 07 1920 Штип), стр.1.

[87] Исто, (Началство округа Брегалничког-господину министру просвете, 8 07 1920 Штип), стр.2-3.

лојални поданици на владеачкиот режим. Во однос на разбивањето на бугарската пропаганда во Штип и околината, големосрпскиот режим под поимот „бугарска пропаганда" манипулирал со сеуште неизграденото цврсто македонско национално чувство кај населението, кое било последица од големиот број на пропаганди, под „бугарска пропаганда" се ставале комитските чети на ВМРО, и воопшто сите дејствија и активности што не биле во согласност со белградскиот режим.

Српската денационализаторска и асимилаторска политика во Брегалничкиот округ била активна и во периодот пред изборите за Конституантата, есента 1920 година. Кон крајот на октомври 1920 година во Штип дошол Љуба Давидовиќ, поранешен министер и претседател на демократската партија и за да излезе народот и да ги слушне неговите ставови, бил собиран од дуќан до дуќан од страна на пратеникот Бабамовиќ. Од соработникот на Давидовиќ, д-р Божа Марковиќ, било одржано предавање од областа на геологија, географија и ботаника, а во врска со српската историја било истакнато дека штипјани биле достојни потомци на Крале(виќ) Марко и им се сугерирало на претстојните избори да гласаат за Демократската партија.[88]

Во април 1921 година бил направен уште еден обид од локалната власт за отворање гимназија во Кочани. Претседателот на судот во обраќањето до началникот на Кочанската околија му образложил дека во Кочани постоела нижа гимназија до 1912 година кога покрај српската постоела и бугарска установа. Се истакнувала неопходноста од основање на оваа гимназија, бидејќи, според тврдењата на претседателот на судот за неа се пријавиле 40 ученици за I клас, 22 за II клас, а тој број би се зголемил со нејзиното профункционирање. И овде, како главна причина за постоењето на училиштето се наведувало т.н. „национално гледиште", односно се истапувало од позиции на големосрпски национализам и се негирало постоењето на македонскиот народ. Кочанската гимназија, според локалната власт, требало да создаде чиновнички кадар, кој би бил во служба на „националната работа" и би се спротивставил на „туѓите"

---

[88] В.„Социјалистичка зора", год.XI, бр.110, 2 11 1920 „Дописи-Штип", стр.1.

влијанија во овој крај. Поради тоа што Кочани бил центар на една поголема околија од економско значење и поради постоењето на зграда што одговарала на хигиенските услови, судот го молел началникот на околијата на соодветно место да го издејствува отворањето на гимназијата.[89] По само неколку дена, односно на 26 април 1921 година, началникот на Кочанската околија побарал од Началството во Штип да помогне за отворањето на државна четворокласна гимназија во Кочани, бидејќи таа постоела уште од турско време и бидејќи, според началникот на Кочанската околија, Кочани бил важно место од „национална" гледна точка, а што се гледало од тоа што во турско време овде покрај српска, постоеле и грчка и бугарска гимназија.[90] За судбината на понатамошните напори на локалните власти во Кочани за отворање нижа гимназија немам достапни изворни или други податоци.

Во март 1921 година дошло до промена на првобитното раководство на штипската гимназија. Лазар Трипковиќ, директорот на гимназијата и Драгослав Илиќ, професор, од министерот за правда биле поставени за претседатели на првостепените судови за воена оштета, првиот за Штипската, а вториот за Овчеполската околија, поради што се барале нови наставници за гимназијата.[91] Во мај 1921 година во Белград дошле вознемирувачки вести за слабите резултати и неприлагоденоста на српската денационализаторска политика во Брегалничкиот округ. Во писмото од штипската гимназија се известувал министерот за просвета дека животот и работата на наставниците во „Јужна Србија", а посебно во Штип е многу потежок отколку на наставниците во Северна Србија.

---

[89] Фонд Министарство просвете(микрофилм), трака бр.1, (Председник суда бр.948-началнику среза Кочанског, 18 04 1921).

[90] Исто, (Начелник среза Кочанског бр.3197-Началству округа Брегалничког).

[91] АМ, фонд Министерство за просвета на Кралството Југославија, кут.1 (Штип), бр.133, (Гимназија Штип-господину министру просвете, 17 03 1921), стр.1.

Поради таа причина наставниците одбегнувале да доаѓаат и да работат во овие краишта.[92]

Во летото 1921 година, српската пропаганда во Брегалничката област зела силен замав, а тоа е всушност времето кога штипската гимназија, како нејзин столб, доживеала и покрај тешкотиите, голем подем. Според извештајот на директорот на гимназијата, од 20 јули 1921 година, школската зграда била во добра состојба. Во зградата имало доволно школски клупи и катедри, но немало доволно мебел за канцелариите и кабинетите, како и доволно простор за истите. Бидејќи во Штип имало недостаток од згради кои би можеле да се употребат за училиште, се барало отстапување на зградата во која до скоро била англиската мисија и која се наоѓала непосредно до гимназиската зграда и можела да ги задоволи сите потреби од простор.[93] Директорот на гимназијата исто така поднел извештај за учебната 1920/21 година со два прилога: Статистика за учениците и општ успех. Според извештајот, наставничкиот кадар во таа учебна година бил следен: Иван Фелфилактовиќ, апсолвиран филозоф- привремен предметен наставник, Милева Илиќ-учителка, Добрило Јовановиќ-хонорарен наставник, Сима Буквиќ, окружен протојереј-хонорарен наставник по веронаука, Фома Гајдукевиќ-привремен предметен наставник, Владимир Радчевиќ-хонорарен наставник по цртање, Милосав Кастратовиќ-хонорарен наставник, Наталија Митровиќ-хонорарна наставничка, Јован Воиновиќ-хонорарен наставник по веронаука, Владимир Виљковски-привремен предметен учител, Алојз Сокаловски-постојан хонорарен наставник, д-р Стеван Јантолек-професор, Риста Марковиќ-хонорарен наставник, д-р

---

[92] Исто, бр.7809, (Гимназија Штип-господину министру просвете, 29 05 1921), стр.1.

[93] Фонд Министарство просвете(микрофилм), трака бр.2, (Краљевина СХС гимназија бр.428-Министарству просвете, оделење за средњу наставу-Београд).

Венијамин Таушановиќ-професор по службена потреба.[94] Според списокот на наставничкиот кадар, поголемиот број од наставниците биле од српска националност, имало и некои наставници од други држави, меѓутоа немало ниту еден наставник или професор-Македонец, што е доволен показател до кој степен одела српската денационализаторска политика во Брегалничката област.

Во септември 1921 година, според списоците за запишани ученици, забележително е дека биле опфатени поголем број деца во образовниот процес во штипската гимназија. Така во учебната 1921/22 година во I клас имало запишано 90 ученици и 50 ученички или вкупно 140, II клас 60 ученици, 38 ученички, вкупно 98, III клас имал 43 ученици и 27 ученички или вкупно запишани 70, во IV клас имало 14 ученици и 13 ученички, вкупно 27, V клас имал вкупно 25 запишани од кои 14 ученици и 11 ученички, VI клас броел 12 ученици и 6 ученички или вкупно 18, VII клас, 12 ученици и две ученички или 14 вкупно запишани и VIII клас броел вкупно 22 од кои 14 ученици и 8 ученички. Целокупниот број ученици во сите класови изнесувал 259, а ученички 155 или сите заедно 414 запишани ученици и ученички.[95]

На почетокот на 1922 година како нов директор на штипската гимназија фигурирал Божидар Ѓорѓевиќ, кој ја продолжил старата образовна политика на претходниот директор. Во списокот професори во штипската гимназија фигурирале 12 редовни и 5 хонорарни професори. Овој распоред на наставнички кадар, според директорот Ѓорѓевиќ, не одговарал за овој дел на државата, бидејќи според националниот состав од 12 професори, 6 биле Руси. Професорите-Руси биле добро стручно подготвени, но не го познавале добро српскиот јазик и „како воспитувачи и национални работници тие не се никако за овие краишта. Уште помалку

---

[94] Исто, 2.

[95] Исто, (Краљевина СХС, гимназија Штип бр.629-Министарству просвете, оделење за средњу наставу, Београд, 17 09 1921).

тие можат да влијаат на поправка на нашиот овдешен говор."[96] Божидар Ѓорѓевиќ барал испраќање на Срби за наставници во овој крај, а горенаведените наставници, според него, одговарале за западните и северните краишта на Кралството.[97]

За тоа дека режимот на Кралството на СХС посветувал огромно внимание и посебно финансиски средства за денационализација на македонскиот народ во Брегалничката област, сведочел и фактот што за просветната политика во учебната 1922/23 година за оваа област биле дадени 1 милион динари и посебно од оваа сума уште 80 000 за Св.Николе и 50 000 динари за селото Ерџелија.[98]

Пролетта 1923 година, поради слабите успеси во Брегалничката област, српската денационализаторска просветна политика, олицетворена пред се преку штипската гимназија, за остварување на своите цели и задачи се повеќе се служела со финансиски средства, кои државниот буџет и различните „ културни и просветни" здруженија и организации непречено ги давале. Здружението „Св.Сава" од Белград во април 1923 година одредило награда во вредност од 200 динари за ученици од штипската гимназија кои обработувале поединечни теми. Наградите се објавувале на верскиот празник„Св.Сава", од кои првата награда била 120 динари, а втората 80. На темата„Културните старини во Јужна Србија" биле направени поединечни состави и победил ученик кој добил награда во вредност од 250 динари.[99] Од друга страна српската кралска академија на науки донела решение да на секое тромесечие ги наградува сиромашните

---

96 АМ, фонд Министерство за просвета на Кралството Југославија 1919-1941, кут.1 (Штип), бр.2141, (Гимназија Штип-господину министру просвете Београд, 6 02 1922), стр.1.

97 Исто, 2.

98 Иван Катарџиев, Борба до победа, том ИИ, Скопје, 1982, стр.88.

99 АМ, фонд Министерство за просвета на Кралството Југославија 1919-1941, кут.1(Штип), бр.7034, (Гимназија Штип-господину министру просвете, 30 04 1923), стр.1.

деца со по 100 динари, а на верскиот празник Св.Сава ќе наградела двајца ученици, кои покажале најдобар успех по српски јазик, српска книжевност и српска историја. Првонаградениот на верскиот празник Св.Сава требало да рецитира или со гусла да пее народна песна(српска б.м.), а второнаградениот да рецитира песна од новата српска книжевност, при што првата награда била 200 динари, а втората 100 динари.[100] Исто така, од управата на кралскиот двор во април 1923 година штипската гимназија добила 1500 динари, од кои 1000 за детското здружение„Напредок" со цел набавка на книги по историја и српска книжевност, а детското здружение„Српске трезвене" и „Срећа"добиле 500 динари за „засилување на напредната свест."[101]

На крајот на учебната 1923/24 година и покрај големата финансиска помош што ја добивала од владата во Белград, штипската гимназија покажала многу слабости, како на организационен, така и на наставен план. При посетата на училиштето, министерскиот пратеник Миливоје Башиќ, инаку професор на гимназијата во пензија, констатирал дека само 4-5 кандидати ги исполнувале условите на правилата, додека за другите можело да се каже дека едвај постигнале добар успех. Учениците, според него , имале потребно знаење, но тешко се служеле со него, без помош на наставниците и тешко се изразувале, особено писмено. Според Башиќ, јазичните прилики во овој крај биле многу тешки, бидејќи порано учениците имале учено во бугарска гимназија, а исто така Миливоје Башиќ во тој контекст го критикувал и квалитетот на српската настава, пред се поради нестручноста на наставничкиот кадар. Сепак на крајот од извештајот истиот заклучил дека„учениците не се без потребни знаења за понатамошното студирање и бидејќи се бистри и снаодливи ќе го

---

100 Исто.

101 Исто

надополнат изгубеното во Белград."[102] За тоа дека српската денационализаторска политика преку штипската гимназија немала многу голем успех, покажало и по којзнае кој пат повтореното барање од страна на директорот Ѓорѓевиќ до министерот за просвета да испрати во гимназијата „за наставници луѓе со српско име и по род Срби."[103] Иако ова барање се оправдувало со силната бугарска пропаганда во овој дел на Кралството, сепак главната причина лежела во слабите резултати што штипската гимназија ги постигнала на полето на денационализација и асимилација на македонскиот народ.

### *б) Црковна политика*

На страната на владеачкиот белградски режим, а во обидите за денационализирање и асимилирање на македонскиот народ, се ставила и српската православна црква, односно Злетовско-Струмичката епархија, под чија јурисдикција се наоѓал Брегалничкиот округ(област). Злетовско-Струмичката епархија ја сочинувале десет намесништва: Штип, Струмица, Кочани, Берово, Свети Николе, Радовиш, Царево Село(Делчево), Кавадарци, Неготино и Гевгелија.[104] Во овој период за епископ на Злетовско-Струмичката епархија бил поставен Серафим Јовановиќ, кој се сметал за најпогоден човек за тоа место, бидејќи по Балканските војни работел во Штипската гимназија, а по Првата светска војна во декември

---

[102] АМ, фонд Министерство за просвета на Кралството Југославија 1919-1941, кут.1 (Штип), бр.14721, (Извештај министарског посланика за 1923/24, 30 06 1924), стр.1.

[103] Исто, бр.3190, (Гимназија Штип-господину министру просвете, 30 07 1924), стр.1.

[104] Славко Димевски, Историја на Македонската Православна Црква, Скопје, 1989, стр.867.

1920 година бил професор во истата, така што најдобро ги познавал состојбите во Штип и неговата околина.[105]

Српската православна црква на најразлични начини се обидувала да ја спроведе својата денационализаторска политика во Брегалничкиот округ. Преку создавањето на разни здруженија и организации под нејзино покровителство, таа се обидувала да изврши влијание најпрвин врз младите македонски поколенија со цел да им всади српска национална свест. Во тој правец, на 30 мај 1921 година, епископот Злетовско-Струмички, господин Серафим со акт број 313 доставил извештај за новоформираното здружение „Брегалничка жупа-Вардарски соко". Според извештајот во управниот одбор на ова здружение биле: претседател-полковник Ранковиќ, потпретседател-Лаза Пеливановиќ(трговец), секретар-капетан Драгутин Митровиќ и благајник Илија Глигоровиќ(чиновник во финансиската управа). Здружението било со седиште во Штип, а имало и членови на одборот, како и водачи на т.н. четници и на планинскиот подмладок. Првото т.н. јато полетарци го водела г-ца Јелена Живковиќ-наставничка во гимназијата, второто јато го водела Митра Врбавац, исто така наставничка во гимназијата и третата група Лепосава Буквиќ-наставничка во основно училиште. Водач на фудбалската екипа во здружението бил Стојан Балабановиќ, а во надзорниот одбор се наоѓале Лазар Трипковиќ-директор на штипската гимназија и Милисав Кастриотиќ-надзорник на основните училишта.[106] Организациската поставеност, раководството и неговата национална структура фрлаат вистинска светлина на ова здружение, кое целосно се ставило во услуга на големосрпската кауза во Брегалничкиот округ.

---

[105] Драги Костадиновски, Вардарскиот дел од Македонија под јурисдикција на Српската православна црква (1919-1941), стр.56.

[106] АМ, подрачно оделение Штип, фонд Намесник на срез Царевоселски(1918-1923), кут.1, бр.51, (Духовни суд Епархије Злетовско-Струмичке-окружним протојерејима и др.намесницима), стр.1.

Српската православна црква односно Злетовско-Струмичката епархија спроведувала засилена србизација и во рамките на духовното живеење на македонскиот народ во Брегалничката област. Во април 1923 година, Злетовско-Струмичкиот епарх Серафим наредил при крштевањето на македонските деца, да им се даваат српски православни имиња. Исто така тој им наредил на подрачните парохиски свештеници при преоѓањето на луѓе од друга вера, во српска православна вера, да им се даваат „чисти српски имиња според православниот календар."[107]

Огромното влијание што Српската православна црква можела да го има во процесот на денационализацијата на македонскиот народ во Брегалничката област го согледале и државните органи на власта на Кралството на СХС. Ваквите гледишта ги истакнал и великиот жупан на Брегалничката област Добрица Матковиќ во писмото упатено до Министерството за вера од 26 септември 1923 година. Во писмото тој ја споредил улогата на Српската православна црква и на школството во Македонија во изградбата на српска национална свест и заклучил дека училиштата имаат непосредно влијание врз децата само четири години, додека да го завршат основното образование, додека СПЦ имала можност за постојано влијание врз целиот народ, така што на тој начин можело да се дејствува и врз изградба на српска национална свест.[108] Сепак иако Српската православна црква била моќен инструмент во рацете на државната власт за спроведување на нејзините асимилаторски задачи во Брегалничката област, таа не уживала некоја голема прифатеност меѓу македонскиот народ, поради начините и методите со кои таа се служела при обидите за наметнување во духовниот живот на македонските верници.

Целосно земено, српската денационализаторска и асимилаторска политика во Брегалничката област претрпела неуспех. За таквиот исход постоеле повеќе причини: прво, сите обиди за спроведување на оваа

---

107 Исто, бр.109, (Духовни суд Злетовско-Струмичке епархије бр.1303- наместнику среза Царевоселског, 30 04 1923), стр.1.

108 Славко Димевски, цит.дело, 893.

политика наидувале на пасивен или активен отпор на македонскиот народ од овој крај, пред се поради суровите и безобзирни методи за нејзино спроведување, кои навлегувале и во она најсветото, духовното, кон кое со почит се однесувале и суровите османлиски завојувачи во петвековното владеење со Македонија. Втора причина била неприспособеноста на српскиот бирократски апарат кон условите за дејствување во Брегалничката област, која што уште од самиот почеток на нивната активност, тие не ја чувствувале како своја, при што неретко барале преместување од овие краишта и работно место во некои побезбедни делови на Кралството. И како трета и најважна причина за поразот на српската асимилаторска политика било се почестото, макар и срамежливо пројавување на македонска национална свест кај народот, која што отежнато излегувала на површина поради разјаденоста на македонското национално ткиво од пропагандите на соседните балкански држави, но кој што процес на национално осознавање бил започнат и неможел да биде запрен од ниту една пропаганда и ниту еден, дури и најсуров режим.

### *в) Колонизацијата во Брегалничкиот округ (област) 1918-1924*

Како еден од начините за воспоставувањето на својата власт во Вардарска Македонија, била и колонизацијата на овие краишта, која режимот на Кралството на СХС интензивно ја спроведувала во периодот меѓу двете светски војни, со различен успех. Колонизацијата во Македонија всушност започнала со основањето на Аграрна Дирекција во Скопје, согласно Уредбата за устројство на Министерството за аграрна реформа од 12 февруари 1920 година и со воспоставувањето на окружни аграрни повереници во сите поголеми колонизациони центри во Вардарска Македонија. Населувањето добило одредена форма со Уредбата за населување на т.н. „јужни краишта" од 24 септември 1920 година. Со таа Уредба биле одредени земјиштата за населување: 1) слободните државни земјишта, 2) општинските и селските земјишта и утрини и 3) пустите земјишта и оние кои се трајно напуштени од нивните сопственици.[109] При

---

[109] Крстиќ Ђорђо, Колонизација у Јужној Србији, Сарајево, 1928, 3-4.

населувањето колонистите имале право на бесплатен превоз на сите членови на семејството, стока и покуќнина. Со ова право се искористиле голем број колонисти од Босанска Краина и од Лика. Колонистите имале право на бесплатна градба од државните и општинските шуми за подигнување на куќа, слободна испаша по селските и општинските утрини и други привилегии.[110]

Со цел да се разбие етничката компактност на македонскиот народ во Брегалничкиот округ( област) и пошироко во цела Вардарска Македонија, режимот на Кралството сакал со законски мерки што нуделе олеснителни околности, да привлече што повеќе колонисти-Срби во Македонија, со што на неа и би се дал српски етнички белег. Според законот за колонизација на „јужните краишта", како колонисти се предвидувале: сиромашни државјани на Кралството на СХС , занаетчии, доброволци во војните(тука спаѓаат и четници), пониски државни чиновници кои вршеле служба во погранични реони, понатаму луѓе кои купиле земја според услови на Министерството за земјоделие, разни аграрни задруги, бегалци и други слоеви.[111] Ѓорѓе Крстиќ, кој од мај 1927 година бил главен аграрен повереник во Скопје, истакнал дека најпогодни за асимилација на македонскиот народ биле населениците од Врањскиот и Пиротскиот округ, бидејќи по менталитет биле слични со Македонците. Истиот како непогодни за асимилаторска политика врз македонскиот народ ги посочил Црногорците-колонисти, поради различниот менталитет.[112] Првенство при колонизирањето во Македонија добивале доброволците од Солунскиот фронт во Првата светска војна, четниците, а потоа оптантите и бегалците. При колонизацијата најчесто земја добивале оние кои што воопшто не се занимавале со земјоделство. Овие лица не ја обработувале добиената земја туку ја давале под наем на месното

---

[110] Исто, 4.

[111] Александар Апостолов, Колонизацијата на Македонија во стара Југославија, Скопје, 1966, стр.64/65.

[112] Исто, 91/92.

население, а самите живееле во градовите занимавајќи се со друга професија. На тој начин колонистите се богателе за сметка на месното македонско население.[113]

Големосрпската власт, олицетворена во режимот на Кралството на СХС, тргнувајќи од интересот за асимилација на македонскиот народ, им давала безброј привилегии на српските колонисти во Македонија: бесплатен градежен материјал, користење на селските и државните утрини за пасишта, ослободување од царина, ослободување од плаќање данок до 10 години и друго. Од друга страна колонистите биле должни сами да ја обработуваат земјата, да се зачленат во аграрните задруги, да не ја отуѓат земјата дури не станат сопственици(за 10 години), да ја обработуваат земјата, да ѕидаат куќи за себе и да одговараат на сите обврски од Уредбата(член 24). Колонистот го губел правото врз земјата, ако одржувал врски со антидржавни елементи.[114] При колонизацијата, односно населувањето на луѓе од другите краишта на Кралството во Вардарска Македонија, домородниот македонски народ не останувал рамнодушен на тој чин, туку активно се спротивставувал, поради фактот што плодното земјиште им било давано на колонистичките семејства. Со колонизацијата се стеснувале и селските утрини, а слободните ливади им биле отстапувани на колонисти. Како пример за отпор кон колонизацијата бил случајот со селаните од селото Арѓулица, Штипско, кои во расправија за ливадите го претепале Петар Вукчевиќ, бивш црногорски мајор, затоа што им ги гонел говедата од ливадите.[115]

Владеачкиот режим на Кралството на СХС при колонизацијата главно внимание обрнал на Брегалничкиот округ(област), како важна геостратегиска точка, пред се поради близината со Бугарија и опасноста од комитските напади на четите на Тодоралександровата ВМРО. Во Брегалничката област предимство при колонизирањето им се дало на

[113] Исто,107.

[114] Исто, 118.

[115] Исто, 147.

реонот на Овчеполието, Штипско и Радовишко, додека во другите делови од тогашниот Брегалнички округ, колонизацијата била со помал обем. Министерството за аграрна реформа образувало комисија под водство на професорите Александар Стебут и д-р Доброслав Тодоровиќ, која имала задача да изврши испитувања на земјиштето во Овче поле. Според нивните истражувања, земјиштето каде била основана колонистичката населба Нова Батања, било неквалитетно за било каква култура и во услови кога би се наводнувало. За комплексот во село Мустафино комисијата поволно се изразила, а за село Ерџелија, комисијата изјавила дека земјата била со одличен квалитет и доколку соодветно би се наводнувала таа би се претворила во „градина" на Овче поле.[116]

Колонизацијата во Брегалничкиот округ, поорганизирана форма добила во текот на 1920 година. Во октомври 1920 година во Скопје требало да пристигнат 16 семејства од Лика, кои требало да бидат населени во селото Долани, Штипско. Повереништвото на Министерството за аграрна реформа во споменатото село успеало да насели 105 колонистички семејства и покрај отпорот на домашното население. Повереништвото барало од воените власти да им помогнат на овие колонистички семејства, кои требало да стигнат во Скопје, со тоа што ќе им обезбедат превоз на нив и на материјалните средства што гиноселе за изградба на колонистичката населба.[117] Во однос на населувањето на овие колонистички семејства во селото Долани, Александар Апостолов истакнал дека во селото во 1920 година биле населени 121 семејство колонисти, иако немало земја и за месното македонско население. Селото Долани имало голема стратегиска важност, што се гледа од фактот што биле мобилизирани луѓе од селото за да пренесат 16 колонистички

---

[116] Крстић Ђорђо, цит.дело, 26/27.

[117] АМ, фонд ТАО, (микрофилм 343), (Главно повереништво Министарства за аграрну реформу Н.Бр.15389-команданту III армиске области, 12 10 1920), л.1.

семејства од Велес до Долани, заедно со покуќнината и земјоделскиот инвентар што бил натоварен на 30 вагони.[118]

Забрзаната колонизација во Вардарска Македонија и посебно во Брегалничкиот округ, се гледала и од фактот што владеачките структури на Кралството во текот на 1920 и 1921 година, одвоиле големи финансиски средства за таа цел. Во 1921 година државата отпуштила 6 милиони динари за колонизација, а во 1922/23 година 23 295 000 динари и тоа најголем дел за Вардарска Македонија. Во овој период во Брегалничкиот округ, како што административно се нарекувал до 1921 година, биле колонизирани 532 семејства.[119]

За широките размери на колонизацијата во Вардарска Македонија , а со тоа и во Брегалничкиот округ, податоци изнесувале и различните весници на македонската емиграција во Бугарија, коишто најчесто се повикувале на весници од Кралството што биле блиски до владеачкиот режим. Весникот „Македонија" повикувајќи се на „Епоха" изнесол податоци дека од 1 септември 1919 година до 20 август 1921 година во Вардарска Македонија се имале населено 6861 семејство со земја во размер од 57 530,01 хектари. Во 1919 година се населени 1302 семејства со 11 926 хектари. Во 1920 година се колонизирани 3484 семејства со 29 004 хектари земја од кои 279 семејства во Брегалничкиот округ со 2402 хектари земја. Според истиот весник во 1921 година биле колонизирани 2075 семејства со 16 600 хектари земја од кои 311 семејства во Брегалничкиот округ со 2115 хектари земја.[120] „Македонија"соопштила и дека во селото Ерџелија, Св.Николско, требало во септември 1921 година да бидат населени 320 семејства, кои требало да претставуваат основа за формирање на ново колонистичко село со помош на државата.[121]

---

118 Александар Апостолов, цит.дело, 97.

119 Исто, 122/123.

120 В.„Македония", год.II, бр.164, 3 09 1921 „Колонизацията в Южна С?рбия", стр.2.

121 Исто, бр.166, 15 09 1921 „Колонизация в Македония", стр.1.

Најсилен замав и најорганизирана форма, колонизацијата во Брегалничката област добила во текот на 1922 и 1923 година. Во 1922 година, оптанти(селани што биле заинтересирани за населување) од село Батања од Унгарија, Срби по националност, поднеле молба до конзулатот на Кралството на СХС во Будимпешта за населување и добивање земја на територијата на Кралството. Министерот за аграрна реформа на Кралството на СХС му наредил на Врховното аграрно повереноство во Скопје да им најде земја на овие луѓе. Врховниот аграрен повереник определил свој службеник кој требало да ги придружува колонистите во изборот на земја во Овче поле. Колонистите ја одбрале најплодната земја околу селото Горни Балван, Штипско, село Пишица, земја во близина на селото Карбинци, Штипско, дел од шумата на планината Плачковица и земја во близина на Злетовска река. На колонистите им требало површина од 6-7000 хектари за 700 семејства.[122] Тогашниот министер за аграрна реформа на Кралството на СХС , Милетиќ, наредил да се дозволи 4000-5000 хектари земја за изградба на село за овие колонисти.

Во селото Горни Балван 1130 хектари земја била прогласена за напуштена и била предвидена за колонизирање. Од окружното повереноство за аграрна реформа во Штип биле одбиени сите жалби од селаните, а на 31 мај 1923 година биле издвоени 453 хектари земја од селските утрини, како замена за 590,5 хектари плодна земја одземени од тие селани и тие 453 хектари земја им биле отстапени на македонските селани, за да се види дека и Македонците добивале земја со аграрната реформа.[123] Ваквиот начин на распределба на земјата помеѓу новодојдените колонистички семејства и домашното македонско население имал за цел протерување на македонскиот селанец од неговата обработлива земја, нејзино присвојување од дојденските, претежно српски семејства, со што преку променетиот етнички состав на населението режимот од Белград би можел послободно да се повикува на своето „историско право" врз

[122] Ванчо Бурзевски, Колонизација и деколонизација на Македонија, Скопје, 1997, стр.38.

[123] Исто, 39-41.

Македонија. Од друга страна режимот на Кралството сметал дека српскиот колонистички елемент во Македонија, посебно во Брегалничката област, поволно би дејствувал врз претопувањето на македонскиот народ и неговото претворање во „јужносрбијанци", што било и стратегиска цел на белградските владеачки кругови.

Во текот на 1922 година колонизација, иако не со голем обем, се вршела и во крајните источни делови на Брегалничката област што се граничеле со Бугарија. Во Малешевско биле создадени 6 колонистички населби со 131 семејство. Во Делчевската околија(тогаш Царевоселска) биле создадени 6 колонии со 24 семејства, а во Пехчево биле населени т.н. Срби-Галиполци на број, заедно со другите колонисти, 74 семејства со 320 члена.[124] Карактеристичен е примерот со колонистичката населба на Србите-Галиполци во Пехчево. Колонистите биле од Галиполе и во српската држава дошле 1914 година со посредство на рускиот конзул во Цариград. За време на Првата светска војна Бугарите ги интернирале во Алексинац и околината, во Србија, каде останале до 1918 година. Кога разбрале дека Грците го зазеле Галиполе, 1921 година, се вратиле таму, но кога Турците повторно завладеале со нивниот крај, тие се вратиле во Пехчево. Според Ѓорѓе Крстиќ тие луѓе биле со благ карактер, биле многу работливи и зборувале српски јазик употребувајќи грчки акцент.[125]

Колонизацијата на Брегалничката област, уште во текот на 1922 година, кога таа била во својот зенит, започнала да наидува на тешкотии. Ваквите проблеми биле забележани од многубројните списанија на македонската емиграција во Бугарија, кои иако повеќето блиски со ВМРО на Тодор Александров, која пак од своја страна била непријателски настроена кон Кралството на СХС , давале одредена слика на колонизацијата во Вардарска Македонија и посебно во Брегалничката област. Така според оценката на органот на Илинденската организација, „Илинден", српската политика за колонизирање на Македонија претрпела

---

[124] Александар Апостолов, Колонизацијата...цит., 98.

[125] Крстиќ Ђорђо, Колонизација...цит., 27/28.

фијаско. Колонистите под притисок на комитските чети исплашено почнале да ги напуштаат своите поседи. Во Штипско, во селата Таринци и Долани, повеќето од колонистите според весникот, почнале да ги напуштаат своите населби.[126] Според истиот весник, Министерството за аграрна реформа било растревожено од вестите што доаѓале од Македонија. Аграрните чиновници соопштиле дека големата суша лошо се одразила врз жетвата, поради што се јавила деприминараност кај српските колонисти. Тој страв од глад, според „Илинден" се заканувал да ги уништи успешните резултати од колонизацијата во Овче поле и Тиквеш. Тука колонистите биле претежно од Далмација. Состојбата се влошила и од разни агитатори, кои пропагирале дека на колонистите им е дадена лоша земја. Поради тоа веднаш од Белград била испратена делегација под претседателство на Чедо Јанковиќ, која требало да им вети на колонистите државна помош.[127]

Во почетокот на 1923 година, колонистичката политика на Кралството во Брегалничката област претрпела сериозен удар. Со нападот и убиството на повеќе српски колонисти во селото Кадрифаково, во јануари 1923 година, од страна на четите на ВМРО, била загрозена колонизацијата во Овчеполието. Меѓутоа властите на Кралството на СХС ја продолжиле колонизацијата во другите делови од Брегалничката област. Така за колонизацијата во Радовишко биле ограничени 837 хектари обработлива површина. По општини распределбата на земјата била следна: Ињевската општина 225 ха, Кончанската 231 ха, Подарешка 159 ха и Радовишка 222 хектари. Во Радовишката околија биле формирани 11 колонии создадени меѓу 1923 и 1937 година со вкупно 59 семејства и 239 членови на семејствата. Сите 59 колонистички семејства по националност биле Срби(за Срби биле сметани и Црногорците), а по вероисповест

---

[126] В.„Илинден", год.II, бр.30, 31 07 1922 „СръбскитѢ прѢсѢлници бѢ гатъ", стр.2.

[127] Исто, бр.40, 7 10 1922 „Сръбската колонизация въ Македония", стр.1.

православни. Обични колонисти биле 55 семејства со 271 член, а четници 4 семејства со 22 члена.[128]

И покрај настаните во Кадрифаково, големосрпскиот режим не се откажувал од своите зацртани цели што сакал да ги оствари преку колонизирањето на Брегалничката област. Весникот на македонската емиграција во Бугарија, „Независна Македонија", пишувал за засилената српска колонизација во Овчеполско и намерата на тамошните власти за протерување на Македонците од нивните огништа. Според истиот Белград требало да даде заповед за запирање на злосторствата во Брегалничката област и да ја прекине колонизацијата со што би се создале услови за легална борба и тогаш од самото себе си ќе се ставело крај на четничкото движење.[129] Истиот весник, повикувајќи се на белградскиот весник „Време" соопштил дека во април 1923 година во Скопје пристигнале два транспорта колонисти од Унгарија, кои требало да се населат во Штип и во Овче поле, но поради лошото време се задржале во Велес. Со нивното населување тие веднаш наишле на проблем поради недостатокот од земја и храна за нив и за добитокот. Своето останување колонистите го условиле со обезбедување доволно храна и обработлива земја, како и подобро место за градење на нивното ново село.[130]

Органот на Извршниот комитет на македонските братства „Независна Македонија", во јуни 1923 година известила дека во Овче поле се населувале српски семејства од Унгарија, од обласа Барања, со што се менувал првобитниот изглед на Овче поле, никнувале живеалишта и тие колонистички семејства почнале да ги произведуваат првите килограми

---

[128] Александар Апостолов, Аграрната реформа и колонизацијата на Радовишко-Струмичкиот регион меѓу двете светски војни „Историја", год.XXII, бр.1, Скопје, 1986, стр.100/101.

[129] В.„Независима Македония", год.I, бр.4, 17 03 1923 „Щипското злодѢяние", стр.1.

[130] Исто, бр.9, 19 04 1923 „Колонизацията на Македония се натъква на гол ми м чнотии", стр.3.

жито. Весникот известувал за секојдневното никнување на нови куќи, но истакнал дека „ само една пречка има, што безбедноста во тој крај е застрашена од кај бугарската граница."[131] Неприспособеноста на српските колонистички семејства кон условите за живот во Брегалничката област ја констатирале и средствата за информирање на Кралството на СХС и тоа оние што биле блиски до владеачките партии. Според „Политика", колонистичката населба Нова Батања, Штипско, во почетокот на нејзиното формирање добро се развивала и станала центар на Овче поле. Првите проблеми биле во тоа што куќите и нивните кровови почнале да распукнуваат, а причината за тие несреќи лежела во тоа што материјалот со кој ѕидале бил направен од проста набиена земја и гранки, која кога се сушела се распаѓала. Затоа колонистите во Нова Батања побарале од Министерството за аграрна реформа да им направи куќи од камен и цигла.[132]

Во 1924 година како карактеристичен тип на колонистичка населба во Брагалничката област се издигнала Нова Батања, на 9 км. северно од Штип. Населбата Нова Батања била сместена помеѓу Овче поле на северозапад и Ежово поле на југозапад. Блиската околина на Нова Батања била доста сува, без шуми и без површински теченија. Во летниот период деновите овде биле многу топли, а ноќе не се чувствувала никаква свежина. Атмосферските врнежи се движеле од 400-500 мм. годишно и била една од најсушните области на Балканот. Нова Батања била изградена на утрините на околните села: Долно Трогирци, Горни и Долни Балван, а била подигната во периодот од мај до ноември 1924 година. Спрема видот селото спаѓало во типот на панонско-војводински села од плански карактер. Куќите во форма на правоаголник спаѓале во војводинскиот тип и имале по две соби и кујна.[133]

---

131 Исто, бр.13, 28 06 1923 „Колонизацията на Овче поле", стр.1.

132 в.„Политика", год.XIX, бр.5423, 1 06 1923 „Несрећни Батањци", стр.3.

133 Jovan F. Trifunoski, Nova Batanja, kolonisticko naselje Srba-optanata iz Madzarske u Istocnoj Makedoniji, Beograd, 1960, str.5-7.

Првата поголема група колонисти пристигнала во Нова Батања во текот на летото 1924 година, а други групи пристигнале кон крајот на летото и есента. До почетокот на наредната година во Нова Батања биле населени 163 колонистички домаќинства со околу 800 жители. Од доселените најповеќе имало Срби-оптанти од Унгарија, од околината на Сегедин, а имало колонисти и од околината на Сомбор и Кикинда. Колонистите од оваа населба добивале земјиште во просек од 10-12 хектари, а поради неплодноста на земјата, тие добивале земјишта и во атарот на селата Мустафино, Сарчиево, Уларци, Крупиште и други села. Водата била најголем проблем, бидејќи и покрај бушењето на бунари при подигањето на населбата водата од нив не избивала на површината, така што колонистите вода морале да полнат од околните села. Поради новиот начин на обработка на земјата и немањето доволно земјоделски алати за обработка, голем дел од земјата колонистите издавале под закуп на македонски селани. Покрај земјоделство, колонистичките семејства во Батања делумно се занимавале и со сточарство, при што одгледувале коњи, свињи и гуски.[134] Со цел да ги надоместат загубите од земјоделието, жителите на Нова Батања со интервенција на локалните власти отвориле 6 кафеани во населбата и трговски и занаетчиски работилници, а било установено и седиште на општина и училиште. Лошиот квалитет на водата за пиење, зимските студови, летните горештини, слабата исхрана и други фактори придонеле колонистите масовно да заболуваат од заразни болести: маларија, цревни заболувања и друго. Тоа било причина во текот на 1926 година да започнат поединечни раселувања во Војводина и Србија, така што кон крајот на 1928 година во населбата останале само 18 колонистички семејства. Во 1931 година започнала нова фаза во колонизирањето на Нова Батања.[135]

Колонизацијата во Брегалничката област во 1924 година западнала во длабока криза. Постоечката колонизациона криза не ја криеле ниту белградските средства за јавно информирање, кои со своите статии го

[134] Исто, 7-9.

[135] Исто, 10-11.

критикувале режимот за неуспехот на колонизацијата. Така според весникот „Време" колонизацијата на Брегалничката област била неуспешна. Овчеполието било нерационално експлоатирано и живеело како во првобитно општество. Весникот истакнувал дека тоа било мочурлива земја, така што селото Ерџелија претставувало вистинска гробница, бидејќи повеќето од колонистите изумреле од маларија. Белградската влада се критикувала затоа што за населбата Нова Батања потрошила 5 милиони динари, а сепак нејзините жители не успеале да се снајдат во земјоделието. „Време" го потенцирал и фактот дека овие колонисти немале српско национално чувство и се декларирале за Унгарци или Германци и затоа се барало нивно иселување и населување на Брегалничката област со „вистински" Срби.[136]

Со колонизацијата се занимавале и весниците блиски до КПЈ, но тие проблемот го гледале од аспектот на класните разлики, додека националната компонента или воопшто не ја споменувале или ја ставале во втор план, бидејќи КПЈ сеуште тогаш немала оформено јасен став кон македонското национално прашање. Поаѓајќи од тие позиции весникот „Радник-Делавец" критички се осврнал на аграрната реформа што српската буржоазија ја спроведувала во Овче поле, со што се вршела експлоатација врз тамошното население. „Радник-Делавец" ја напаѓал и колонизацијата што се вршела во овој дел на земјата, со што на селаните им се одземала обработливата површина и им се давала на доселениците-колонисти. Весникот го истакнал податокот дека во селата: Балван, Трогирци, Крупиште, Сарчиево, Мустафино, Ерџелија и други села, на сите им биле одземени нивите со сеидбата од таа година и им биле дадени на доселениците.[137] И луѓе од типот на Ѓорѓе Крстиќ, близок до режимот на Кралството и човек кој истапувал од големосрпски позиции, го

---

136 В.„Независима Македония", год.II, бр.50, 21 03 1924 „Колонизацията на Овче поле фалирала", стр.2.

137 в.„Радник-Делавец", бр.121, 24 05 1924 „Партија на селу-аграрна реформа на Овчем пољу", стр.3.

констатирал поразот на колонистичката политика во Вардарска Македонија и посебно во Брегалничката област. Според него населувањето на колонисти-оптанти од Унгарија во Овче поле било непростлива грешка, иако Овче поле им се допаднало на оптантите, зошто ги потсетувало на унгарските рамници. Изградбата на куќи во Овче поле, според Крстиќ, чинела преку 10 милиони динари. Поради неродните години и суровите услови за живот во колонистичката населба Нова Батања од 160 колонистички семејства останале само 16. Слична судбина доживеале и колонистите во село Ерцелија, додека успеала да се задржи колонистичката населба Кадрифаково, во која имало колонисти од Босна и Далмација.[138]

Колонизацијата што режимот на Кралството на СХС ја презел во Вардарска Македонија и особено во Брегалничката област имала за цел да изврши денационализација на македонскиот народ и претворање на Македонија во послушна провинција на новоформираното Кралство. Во Брегалничката област претежно биле населувани српски колонистички семејства од Унгарија, Босна, Далмација и други краеви, при што тие најчесто биле населувани покрај важни геостратегиски точки во оваа област. Владеачкиот режим на Кралството за успех на колонизацијата вложувал огромни финансиски средства за изградба на колонистички населби во Брегалничката област, дозволувајќи им притоа на колонистичките семејства да ја приграбат најобработливата површина и сето тоа на штета на тамошното македонско население. На најсилен колонизаторски бран како места од приоритетно значење за Кралството на СХС , биле подложени Овчеполието, реонот на Штип и Штипско и реонот на Радовишко. И покрај големите напори што Кралството на СХС ги вложувало за успешно извршување на колонизацијата, тој процес не течел онака како што планирал официјален Белград. Како прво, колонизацијата наишла на одбојност и отпор кај македонскиот народ, којшто никако неможел да се согласи да му се одземе најплодната земја и таа да се даде на колонистичките семејства. Второ, новодојдените колонистички семејства

[138] Крстић Ђорђо, цит. дело, 25/26.

не можеле да се приспособат на климатските услови во Брегалничката област и особено во Овчеполието. Сушните години, топлите лета и студените зими, предизвикувале најразлични болести кај колонистите, кои најчесто имале кобен крај за нив. Како важен фактор за неуспехот на колонизацијата, не треба да се занемари и фактот што поголем дел од колонистите воопшто не се интересирале за земјоделие, така што често се случувало тие да ја дадат земјата под закуп на локалните селани-Македонци, а самите оделе во градовите и таму се занимавале со некои други дејности. Исто така вооружените комитски чети на ВМРО што крстосувале низ Брегалничката област, создавале чувство на несигурност кај колонистичките семејства, бидејќи многу често како мета на напади на четите на ВМРО биле токму новоформираните колонистички населби.

На крајот кога ќе се разгледаат сите овие показатели може да се констатира дека колонизационата политика на Кралството на СХС во Брегалничката област во периодот од 1918-1924 година, доживеала неуспех. Поголемиот број колонистички семејства поради горенаведените причини ги напуштиле новоформираните колонистички населби и се расселиле во другите краеви на Кралството или пак се вратиле во своите родни краишта. Сепак ова не ги расколебало властите во Белград, кои и во периодот по 1924 година се обидувале да вршат колонизација на Брегалничката област, но тие обиди биле од помали размери и со помал интензитет.

## 2.4.Формирање и дејност на летечки одреди, федералистички чети и контрачети за борба против ВМРО

### *а) Летечки одреди*

Брегалничкиот округ по воспоставувањето на власта на Кралството на СХС во 1918 година, еден извесен временски период наликувал на огромен војнички шатор, бидејќи низ неговата територија крстосувале најразлични вооружени формации, кои кај македонскиот народ создавале воена психоза и страв и го потсетувале на штотуку завршената Прва светска војна. Во округот, режимот на Кралството формирал легални или полулегални чети, кои со своето дејствување имале за задача да ја

зацврстат големосрпската власт и да ја скршат појавата на отпор кај македонскиот народ кон истата. Со таква цел во Брегалничкиот округ биле создадени т.н. летечки одреди, од кои со својата жестокост и суровост се истакнал одредот на српскиот четнички војвода од Велешко, Јован Бабунски. Бабунски како спроводник на големосрпската вооружена пропаганда во Македонија, по Првата светска војна создал чета од над 100 луѓе и во 1919 година извесен период се наоѓал во Кратовско од каде испраќал писмени извештаи до командантот на III армиска област, кому му бил потчинет.[139]

Јован Бабунски со неговата чета бил во постојано движење, така што во текот на месец мај 1919 година ги обиколил околиите: Кратовска, Штипска и Овчеполска во Источна Македонија, а до септември ја поминал цела Вардарска Македонија. Бројот на четниците во неговата чета постојано растел. Во септември 1919 година, воените власти барале од Бабунски да го зголеми одредот, кое зголемување истите, по еден месец подоцна барале да изнесува до 200 луѓе. Тоа се барало поради заострување на внатрешната ситуација во Македонија.[140]

Во септември 1919 година, поради се позагрозената јавна безбедност предизвикана од навлегувањето на комитски чети од Бугарија, од страна на властите на Кралството се иницирало формирање на 4 летечки одреди, кои требало да дејствуваат во загрозените реони. Овие одреди се планирало да бидат помогнати и од регуларна војска со тешко вооружување: митралези, пушки со тромблонски бомби и друго вооружување.[141] Искористувајќи ја како изговор безбедносната ситуација, пред се во Брегалничкиот округ, Јован Бабунски, а и другите српски војводи, со своите летечки одреди вршеле терор врз населението. Четниците на Бабунски го тепале и

---

139 Александар Апостолов, Злетовска област, географско-историски осврт, Скопје, 1974, стр. 487.

140 Иван Катарџиев, КПЈ во Македонија до Обзнаната, Скопје, 1961, стр. 24.

141 АИНИ, фонд ТАО, К.XXXV/2, кут.2, ред. Бр.212,(Телеграма Министарства војне-команданту III армиске области, 22 09 1919) л. 1.

малтретирале населението и вршеле поединечни убиства во Штипско и Тиквешко. Тоа тој го признал и во својот писмен извештај од 24 октомври 1919 година, кога истакнал дека за смирувањето на состојбата убил повеќемина луѓе во Штипско.[142] Поради масовните злосторства на овој одред се почесто стигнувале поплаки од македонскиот народ до соодветните органи на власта на Кралството, по што министерот за војна побарал од командантот на III армиска област, генералот Милош Васиќ, расформирање на одредот на Бабунски, без образложение, освен што се наведувало дека постојната состојба налагала расформирање на истиот.[143] Меѓутоа и покрај декларативното залагање за растурање на овој летечки одред, тој продолжил да дејствува со знаење и одобрување на белградскиот режим за што сведочело и писмото од Командата на III армиска област до командантот на Вардарската дивизиска област во кое се барало итно исплаќање на 10 000 динари кредит на четниците на Јован Бабунски.[144] До фактичко растурање на одредот на Јован Бабунски дошло дури кон самиот крај на 1919 година и тоа не само под притисок на јавното мислење и многубројните жалби, туку и под влијание на некои народни пратеници, кои поради извршените злосторства и терор на одредот, поднеле интерпелација во Привременото претставништво на Кралството на СХС.[145]

Во почетокот на 1920 година во Брегалничкиот округ попуштил притисокот од летечките одреди, но ситуацијата во тој поглед се влошила пред општинските избори од 22 август 1920 година, како и пред изборите за Конституантата во ноември 1920 година. Владеачкиот режим со цел да го заплаши македонскиот народ да не гласа за кандидатите на КПЈ и покрај смртта на Јован Бабунски, формирал летечки одреди, чети во повеќе делови на Македонија меѓу кои и во Штипско, во Брегалничкиот округ. Во Штипско бил донесен еден вод од 30 четници, коишто биле донесени од

---

[142] Александар Апостолов, Злетовска област...цит. , 502.

[143] АИНИ, фонд ТАО, K.XXXV/3, ред. Бр. 342, 17 11 1919, л. 1.

[144] Исто, ред. Бр. 373, 13 12 1919, л. 1.

[145] Александар Апостолов, цит.дело, 503.

Србија и воопшто сите други чети имале најповеќе луѓе од Србија, при што тие биле директно потчинети на воената команда.[146] Формирањето на летечки одреди во округот наидувало на големи тешкотии, што било констатирано и од самите органи на власта на Кралството. Локалната цивилна и воена власт истакнувала дека од месното население не можело да се формира никаква чета, ниту пак можело тие да се примаат во привремени жандарми, бидејќи биле несигурни за таквата работа. За тоа бил известен и самиот министер за внатрешни работи и на истиот од локалната власт во Брегалничкиот округ му било укажано дека 30-те луѓе од Србија како помош за формирање на летечки одред биле недоволни. Во врска со ова се потенцирало тврдењето дека Штип и Брегалничкиот округ биле центар на „бугарската " акција и пропаганда и дека градот бил најважна точка на целиот тој дел кон Бугарија, но дека како таков бил слабо обезбеден.[147]

Постоењето и дејствувањето на т.н. летечки одреди во Брегалничкиот округ му нанело огромни штети на македонскиот народ. Одредот на Јован Бабунски за време на неговото речиси едногодишно постоење, извршил големи злосторства, особено во Штип и Штипско. По смртта на Бабунски и расформирањето на неговиот одред, власта се обидела да формира нови летечки одреди, но за тоа немала погодна почва, од причина што меѓу месното македонско население во округот немало интерес да се пријавуваат како доброволци во тие чети. Белградскиот владеачки режим и локалните власти во округот таквата состојба ја припишувале на наводно многу силната бугарска пропаганда во овој дел на Кралството, но суштинската причина всушност била одбојноста и омразата што македонскиот народ ја чувствувал кон ваквите форми на владеење на Кралството на СХС, со Македонија.

---

[146] Иван Катарџиев, цит.дело, 34/35.

[147] АМ, фонд ТАО(микрофилм бр. 343), (Команда Вардарске дивизиске области, пов.бр. 7508-команданту III армиске области, 19 09 1920) л. 1.

## *б) Федералистички чети*

По Првата светска војна кога било потребно единство во редовите на македонското националноослободително движење, поради заеднички настап за правилно решавање на македонското прашање на Версајската мировна конференција, дошло до длабок расцеп и поделба во редовите на истото. Расцепот најпрвин настанал во редовите на македонските братства во Бугарија од кои се одвоила една група на чело со архитектот Никола Јуруков и д-р Филип Атанасов, која продолжила да функционира под името „Привремена комисија на македонската емиграција во Бугарија . “[148] Од оваа Привремена комисија на 4 декември 1921 година бил свикан конгрес во Софија, каде присуствувале 27 братства со 104 делегати со што биле поставени темелите на Македонската емигрантска федеративна организација (МЕФО).[149]

И во редовите на ВМРО на Александров и Протогеров дошло до струења и поделби како резултат на се погласните барања за организирање конгрес на ВМРО, на кои требало да се расчистат многу горливи прашања од организационен и финансиски карактер. На 5 октомври 1921 година кратовскиот војвода Дончо Ангелов добил писмо од Александров да дојде кај него за да започнат подготвителните работи за одржување конгрес на ВМРО. Тие се сретнале во селото Саса, 13 км. од границата и според Славе Иванов, луѓето на Дончо Ангелов биле разоружани од страна на Александровата вооружена придружба, при што војводата Ангелов бил однесен надвор од селото и бил убиен.[150] Од страна на луѓето на Тодор Александров бил убиен и Митруш Циклев, брат на Григор Циклев, во 1921 година, при што против Александров се свртиле и некои Кратовчани во ВМРО, Григор Циклев, а подоцна и Славе Иванов.[151]

---

[148] Иван Катарџиев, Време на зреење, том 1, Скопје, 1977, стр. 152.

[149] Исто, 155.

[150] Ивановъ Славе, Тодоръ Александровъ и македонското освободително движение, Виена, 1924, стр.35.

[151] Исто, 36-39.

Во меѓувреме дошло до несогласувања и во врвовите на МЕФО, при што од неа се одделил д-р Филип Атанасов и се поврзал со некои стари македонски дејци Павел Христов, Христо Цветков, Крсто Љондев и Крум Зографов, со намера од територијата на Албанија вооружено да дејствуваат, особено во Западниот дел на Македонија. Оваа група, како и опозицијата во ВМРО против Тодор Александров, предводена од неговите сограѓани Стојан Мишев и Славе Иванов, биле јадрото за создавање на вооружена организација во Македонија во 1922 година под името Македонска федеративна револуционерна организација (МФРО). Во врска со ова Славе Иванов истакнал дека организацијата била основана во Софија и дека во нејзиниот Централен Комитет влегле Тодор Паница, Славе Иванов, Стојан Мишев и д-р Филип Атанасов, кој бил поставен како задграничен претставник.[152] Меѓу новоформираната МФРО, која создала и вооружени чети и четите на ВМРО на територијата на Брегалничкиот округ, доаѓало до меѓусебни вооружени судири, кои му нанесувале големи штети на македонското националноослободително движење. Летото 1922 година федералистите се подготвувале вооружено да настапат во Вардарска Македонија, со цел да создадат своја организациона територија. Во околината на село Саса, Кочанско, дошол велешкиот војвода Крум Зографов, кој со својата чета се движел во близина на четата на Тодор Александров. Зографов го повикал со писмо Александров да се договорат за натамошни дејствија, но последниот го испратил на средба војводата Панчо Михајлов со полномошно да го откаже водењето на било какви преговори.[153] Средбата, според Славе Иванов, се случила во близина на селото Саса, при што Иванов и Лазар Тодоров биле за ликвидирање на Панчо Михајлов, но за разговор се решил војводата Крум Зографов. Панчо Михајлов доаѓајќи ја фрлил пушката и бил пријателски расположен, но наместо ветените разговори со Александров, во вечерните часови четата

---

[152] АМ, фонд РСВР, к-2, матр.бр. 20, Извод од изјавата на Станчев Иванов Славе(15 11 1949), стр. 4.

[153] Костадин Палешутски, ВМРО(1918-1924), София, 1983, стр. 84.

на Михајлов ги нападнала здружените федералистички чети, кои се повлекле кон кочанските села.[154]

По судирот со четите на ВМРО, летото 1922 година, федералистичките чети на чело со војводата Зографов се упатиле кон селото Кошово, Штипско, каде според Славе Иванов, биле пријателски пречекани од селаните, при што им била понудена храна и засолниште. Во утринските часови селото било заобиколено од војска и полиција, каде по ранувањето на Крум Зографов, за да не биде фатен, тој се самоубил, а останатиот дел од четите се повлекле кон планината Плачковица.[155] Здружените федералистички чети во месноста „Чатало " имале нов судир со српската војска, при што дел од четниците се вратиле во Бугарија[156], а Григор Циклев со 13 преживеани четници останал и започнал да дејствува во Кратовско.[157] За убиството на Крум Зографов, Славе Иванов ја сметал за одговорна ВМРО, која според Иванов, ја предала четата на српската власт во Вардарска Македонија, но од друга страна ВМРО го обвинувала Славе Иванов за проневера на финансиски средства од касата на Организацијата, а по однос на обвинувањата за предавство Александров одговорил дека „таа чета заминала да ги преследува четите на Внатрешната организација, значи да го извршува делото на Србија. "[158] Всушност со загинувањето на војводата Зографов, пропаднал обидот за вооружено дејствување на федералистичките чети во Вардарска Македонија и за создавање на нивна организациона база на територијата на последната. Во август 1922 година бил направен уште еден обид за навлегување на федералистичка чета во Брегалничката област, но се се

[154]АМ, фонд РСВР, к-2, матр.бр. 21, Извадоци од необјавените спомени(ракопис) на Станчев Иванов Славе, стр. 43/44.

[155] Исто, 44/45.

[156] Славе Ивановъ, цит.дело, стр. 48-50.

[157] Костадин Палешутски, цит.дело, стр. 84.

[158] Правителството на Стамболийски и македонското освободително движение, споредъ данни на ВМРО, май 1923, стр. 15.

сведело на опожарување на селото Кошово и убиството на неколку селани, како одмазда за убиството на Крум Зографов.[159]

Откако не успеале да создадат своја организациона база во Вардарска Македонија, федералистичките чети се обиделе да го сторат тоа во Пиринска Македонија под бугарска власт, со помош на земјоделската влада на Александар Стамболиски. Помеѓу водачите на федералистичките чети: Григор Циклев, Мите Соколарски-Суџукаро, Јорде Грдовски и Стојан Мишев, од една страна и вооружените комитски чети на ВМРО, од друга страна, дошло до судир во Неврокопско, Пиринска Македонија, во октомври 1922 година при што федералистите биле разбиени, а истото се случило и на 4 декември 1922 година кога здружените комитски чети на војводите Иван Брло и Панчо Михајлов со селска милиција од Кратовско-Кочанскиот крај го зазеле Ќустендил и го држеле 3 дена во свои раце со цел да ги фатат федералистите Григор Циклев, Сандо Пеливано и Ване Арсов. По овие настани, откако била разбиена и нивната база во Пиринска Македонија, федералистите пролетта 1923 година, со помош на дипломатскиот претставник на Кралството на СХС во Софија, Милан Ракиќ, избегале преку границата во Грција, од каде дошле во Штип и поголемиот дел од нив се ставиле во српска служба.[160]

Уште пред да пребегнат на територијата на Кралството на СХС и да се стават во негова служба, федералистите преку свои претставници одржувале врски со одредени српски служби и преговарале за меѓусебна соработка. Во однос на тие контакти федералистот Славе Иванов изјавил дека првата средба била организирана од страна на Лазо Поповски уште во 1921 година во Тирана, Албанија. Во тоа време Лазо Поповски бил секретар на бугарската легација, додека Таса Диниќ, со кој контактирал, бил воен аташе при амбасадата на Кралството на СХС во Албанија. За тоа кој ја дал иницијативата за такво дејствување, Иванов претпоставувал дека тоа бил Таса Диниќ, но не исклучувал сугестии и од страна на извесниот

---

[159] Исто.

[160] Александар Апостолов, Злетовска област...цит., 532/533.

Лазо Поповски.[161] Во соработката со владата на Кралството, Славе Иванов го посочил и Христо Цветков, кој пред доаѓањето во Виена бил во Албанија, па оттаму и заклучокот на Иванов дека Цветков бил опфатен во таа мрежа од контакти. Во понатамошната работа, Лазо Поповски ја проширил својата дејност и го придобил за таа цел и Георги Занков, инаку водач на Илинденската организација во Бугарија, подоцна д-р Филип Атанасов и на крајот и самиот Славе Иванов. Така по првото доаѓање во Виена, Таса Диниќ веќе имал целосна претстава за луѓето со кои соработувал. После Таса Диниќ за понатамошни врски со федералистите од српска страна бил одреден Богољуб Јефтиќ, кој контактите со последниве ги одржувал повторно преку Лазо Поповски.[162] По заминувањето на Јефтиќ, врските не биле прекинати, туку тие се одржувале преку службеникот на амбасадата на Кралството на СХС во Виена, Миличевиќ, до кого, според упатствата на Диниќ, требало да се обрати Христо Цветков. Во својата изјава дадена на 15 ноември 1949 година, Славе Иванов истакнал дека по заминувањето на Занков, Лазо Поповски и д-р Филип Атанасов, врските со Миличевиќ ги одржувал Христо Цветков, а после него, кога останал сам во Виена, контактите со српската страна ги продолжил самиот Иванов.[163]

Соработката со српските служби, федералистите се обиделе да ја материјализираат на теренот на Вардарска Македонија, особено во Брегалничката област, со уфрлување на вооружени чети, кои сега имале јасна цел: борба за потиснување на четите на ВМРО, со што се поочигледно ја истакнувале својата наклонетост кон српската страна. Во текот на 1922 година федералистички чети предводени од Илија Пандурски, Г. Воденски и извесните Леонид и Трајко, се судриле со чети на ВМРО во Радовишко на чие чело се наоѓале Христо Симеонов и Лазар

---

[161] АМ, фонд РСВР, к-2, матр.бр. 20, Извод од изјавата на Станчев Иванов Славе(15 11 1949), стр. 58/59.

[162] Исто, 59.

[163] Исто.

Клонков.[164] Вооружени судири меѓу федералистички чети и четите на ВМРО имало и во Царевоселско во 1922 година, каде реонскиот војвода на ВМРО, Димитар Медаров, неколкупати се судрил со федералистичките војводи Јане Церски, Мите Суџукаро, Јорде Грдовски и други.[165] На 27 февруари 1923 година федералистите извршиле напад врз чети на ВМРО во село Владимирово, Малешевско. Водачи на федералистичките чети биле: Илија Пандурски и Петар Чочков, но нивниот напад бил неуспешен при што четите на ВМРО предводени од Ваклинов и Д. Прокурора, поткрепени од качаци го одбиле Пандурски, кои веднаш потоа преминал во српска служба.[166] Всушност ова претставувале последни обиди за колку-толку самостојно дејствување на федералистите во Брегалничката област, за да веќе во пролетта 1923 година, отворено се стават во услуга на големосрпските стремежи во оваа област и воопшто во Вардарска Македонија.

Создавањето и дејствувањето на МФРО може да се толкува како плод на идејните разлики, но и борбата за престиж во македонското националноослободително движење. Во услови на непостоење на македонска национална држава, речиси сите позначајни фактори и сили во македонското револуционерно движење се наоѓале помалку или повеќе под влијание на одредени политички и воени групации од балканските држави, кои имале свои планови за решавање на македонското прашање во нивна полза. Во таков сооднос на силите, ако ВМРО, како моќен авторитет во македонското националноослободително движење во тој временски период, се наоѓала под извесно влијание на воените кругови во Бугарија, тогаш федералистите имале соработка со земјоделската влада на Стамболиски, но од друга страна имале „несебична “ помош и од српските

---

[164] Костадин Палешутски, Македонското освободително движение след Първата световна война(1918-1924), София, 1993, стр. 132.

[165] Иванъ Михайлов, Спомени II, Белгија, 1965, стр. 97.

[166] Костадин Палешутски, Македонското освободително движение...цит., 141.

владеачки кругови во Кралството на СХС, кои преку МФРО гледале инструмент за уништување на комитските чети на ВМРО, пред се во Брегалничката област. И наместо обединување на сите сили во македонското националноослободително движење, поделбите продолжиле, а меѓусебните вооружени пресметки меѓу четите на ВМРО и МФРО им оделе во полза на соседните балкански држави, а на штета на македонската кауза. Федералистичките чети, кои во својата основа се состоеле претежно од четници што порано биле осудувани од ВМРО за разбојничка дејност, во 1923 година целосно преминале во српска служба и со своето дејствување вршеле терор и големи злосторства врз македонскиот народ не само во Брегалничката област, туку и во цела Вардарска Македонија под српска власт.

### *в) Контрачети*

Контрачетите во Брегалничката област биле формирани од власта со главна цел уништување на комитските чети на ВМРО, при што тие најголем подем доживеале во периодот меѓу 1921-1924 година. Меѓутоа зачетоците на контрачетништвото датирале уште во 1919 година, кога разни декласирани елементи, кои што се одметнале од ВМРО на Александров и Протоѓеров, вршеле грабежи и убиства врз македонскиот народ, при што од страна на ВМРО биле исклучени од истата и им биле изречени смртни казни. Овие луѓе со своето разбојничко дејствување веќе директно или индиректно се ставиле во српска служба и со своето однесување станале база за формирање на контрачети. Од страна на овие разбојнички елементи биле извршени повеќе грабежи во текот на 1919 година. Така во март 1919 година бил ограбен Арсо Коларски од село Стражанци, Св.Николско, а му биле одземени 50 турски златни лири и 20 000 книжни лева. Во пљачкањето учествувале: Григор Циклев од село Горни Стубол, Злетовско, Пано Ефтимов од село Мечкуевци, Сене Поп Иванов од село Лесново, Ангел Трајчев од село Барбарево и Вицо Лазаров од село Стануловци. Во пролетта 1919 година биле ограбени Турци од селото Лисец, Кочанско, од страна на Ване Арсов, Мите Стојанов-Суџукаро од село Соколарци, Кочанско, а тие биле помогнати од Дончо

Ангелов, Славе Иванов и Стојан Мишев, под изговор дека парите ќе ги употребеле за ВМРО.[167] Според сознанија на ВМРО, детективи на Министерството за внатрешни работи во бугарската влада на Стамболиски, во Ќустендил го уапсиле кочанскиот војвода Симеон Георгиев и го одвеле во Софија во 6-от полициски участок. По 5 дена било пронајдено мртвото тело на Георгиев во Ќустендилско и според ВМРО убиството го извршиле Стојче Добрев и Христо Даскалов, кои подоцна се ставиле во српска служба, при што Добрев станал водач на српска контрачета, а Даскалов бил назначен за полициски инспектор во Битола.[168]

Во 1920 година продолжиле вооружените грабежи, посебно во селата на Брегалничкиот округ, каде на удар најмногу се нашле богатите семејства од влашка народност. Пролетта 1920 година бил ограбен богатиот Влав, Димчо Челебија од село Орел, Св.Николско, а во групата што го ограбила биле: Ване Арсов, Мите Суџукаро, Пано Ефтимов, Јаким Трајчов, Мите Димов и Пано Жигански. Оваа група првин била осудена од ВМРО, но во септември 1920 година била помилувана со надеж дека ќе се откаже од ограбувањето на мирното население. Филип Павлов и Цветан Кумановски се откажале од грабежите, но другите и понатаму ја продолжиле разбојничката дејност.[169]

Со ист интензитет, гореспоменатата група ги продолжила пљачкосувањата и во 1921 година. На 10 април во селото Долни Балван, Штипско бил нападнат во својата куќа богатиот Влав Митре Папандија од страна на Ване Арсов, Мите Суџукаро, Санде Пеливано, Наце Нушев, Нако и Лазо Горнотрогерски и Гиго Соколарски, при што му биле ограбени 8000 лева, динари и леи. На 15 мај 1921 година во село Пеширово, Св.Николско бил мачен и ограбен Турчинот Асан од страна на Богдан Смилев, Алеко и Дане, сите тројца од селото Црнилиште, Св.Николско и

---

[167] Александар Апостолов, Злетовска област...цит., 488.

[168] Правителството на Стамболийски...цит., 10/11.

[169] Александар Апостолов, цит.дело, 489.

притоа му биле одземени 45 златни турски лири и 1200 динари.[170] Во текот на 1921 година, од страна на српската власт веќе почнале да се создаваат контрачети во вистинска смисла, чие што јадро, всушност го сочинувале овие разбојнички групи, кои дотогаш на своја рака ги вршеле пљачкањата и убиствата врз македонскиот народ, додека во новите услови за таквите свои дејствија ја имале подршката и од самата централна власт. Така во Царевоселско, српската власт по примерот на другите делови на Македонија, формирала контрачети за тероризирање на македонскиот народ. На чело на една од нив се наоѓал Јордан Бојаџиев од Царево село, бивш четник на ВМРО за време на турското владеење. Со него биле исто така, бившите четници Спасо Шејтанов и Велин Цветков, кои заедно, со своето дејствување сееле страв во Царевоселската околија.[171] Во Царевоселската околија на чело на српска контрачета се наоѓал и Христо Умленски, кој што со својата чета извршил повеќе грабежи и други злосторства во околијата. На 6 август 1922 година, тој со 10 души придружба се упатил кон селото Разловци и по патот се обидел неуспешно да го убие Глигор Чорбаџиски, а се обидел да го убие и Никола Бигев, но последниот се спасил со бегство. По пат бил претепан 50 годишниот Костадин Иванов, а биле претепани во својата колиба и Аврам Калајџиски и неговата жена, затоа што жената немала доволно чорапи, колку што побарале контрачетниците. Приквечерта Христо Умленски ја нападнал куќата на Илија Стоилков и ја ограбил и обесчестил снаа му, при што биле одземени 4000 динари. На 7 август Умленски му побарал 6000 динари на Георги Постолов, кој откако го одбил бил претепан.

---

[170] Исто, 490.

[171] В.„Македония", год. II, бр. 142, 15 05 1921„СвѢдения отъ Македония", стр. 2.

Во селото Разловци дошла и контрачетата на Пандурски при што 3 дена јаделе и пиеле на сметка на селото, а кога требало да заминат од селскиот свештеник Иван го украле сребрениот крст.[172]

Во 1922 година за формирањето на српски контрачети во Брегалничката област известувале и весниците во Кралството, како и весниците на македонската емиграција во Бугарија. „Илинден " ја пренесол информацијата на весникот „Време " според која се соопштувало дека од страна на српските власти било наредено формирање на контрачети за гонење на комитските чети. Тие требало да бидат распоредени кон бугарската граница за да можело при појавата на комитски чети да се формираат потери заедно со жандармеријата. Бидејќи, според весникот, службата била тешка и ризична биле повикани доброволци офицери и војници, а се јавиле повеќе од 300 офицери, 400 подофицери и 5000 каплари и војници.[173]

Пролетта 1923 година поголемиот број од војводите на федералистичките чети им се предале на властите на Кралството на СХС и се ставиле на нивно располагање. На 27 мај 1923 година на великиот брегалнички жупан Матковиќ му се предале тројца федералистички војводи: Григор Циклев, Стојан Мишев и Илија Пандурски. Според „Време ", Циклев бил стар комитски војвода и поради кавга со Тодор Александров преминал во федеративниот комитет. Пандурски бил од Горна Џумаја и бил познат „пљачкаш ", а Стојан Мишев дејствувал во Брегалничкиот округ(област).[174] Според Славе Иванов, Стојан Мишев со четата по 9-то јунскиот преврат во Бугарија, преку Егејска Македонија, дошол во Штип и се ставил во служба на српската власт. Иванов го осудил таквиот чин на Мишев, но истакнал дека последниот самиот решил да се предаде на

---

172 Veritas, Македония подъ иго 1919-1929, Документи и свидетелства, издание на МНК, София, 1931, стр. 104/105.

173 В.„Илинден", год. II, бр. 35, 2 09 1922„Организиране сръбски контрачети", стр. 2.

174 В.„Време", год. III, бр.516, 30 05 1923„Предаја бугарских комита", стр. 1.

српските власти.[175] Во писмото од Стојан Мишев до Славе Иванов, тој му напишал дека Тодор Александров се потпрел на цар Борис и на професорот Александар Цанков и дека сакал да ги уништи нив(федералистите б.м.), па затоа Мишев се потпрел на председателот на владата на Кралството на СХС, Никола Пашиќ и го повикувал и Иванов да му се придружи во Штип.[176] Од друга страна Славе Иванов во писмото што го испратил по неговиот брат до Стојан Мишев, барал Мишев заедно со уште Григор Циклев и Мите Соколарски да побегнат од Кралството на СХС, за што им испратил и парични средства, со што би ја исправиле фаталната грешка што се ставиле во српска служба.[177] Но Мишев и неговата група и понатаму останале во Кралството и се ставиле во целосна услуга на големосрпската власт. Покрај Мишев, Циклев и Пандурски на властите на Кралството се предале уште 30 души, кои што добивале месечна плата во износ од 3000 динари, при што заедно со силите на режимот на Кралството на СХС учествувале во потерите против комитските чети на ВМРО на Тодор Александров.[178]

Во есента 1923 година контрачетите неможејќи да се пресметаат со комитските чети на ВМРО, со целата своја жестина се насочиле кон мирното македонско население врз кое што извршиле тешки недела. Од страна на контрачетите во Царевоселско бил обесен сред село без никаков суд Тиме Иванов Механџиски од селото Трботивиште. Од истото село Атанас Илиев Марковски, Ангел Илиев-Белогаски, Христо Шиндев од село Вирче и Атанас и Вано Дончеви од село Истевник-исчезнале, а Лазо Тасев-Пармаков од село Разловци бил убиен. На 17 септември 1923 година била издадена наредба од властите за собирање на стадата од планините

---

[175] АМ, фонд РСВР, к-2, матр.бр. 21, Извод од необјавените спомени(ракопис) на Станчев Иванов Славе, стр. 70/71.

[176] Исто, 71.

[177] Исто, 72.

[178] В.„Независима Македония", год. I, бр. 19, 16 08 1923„СвѢдѢния отъ Македония", стр. 2.

пред зајдисонце, а секој што ќе се фател потоа во планина ќе бил стрелан, а добитокот конфискуван.[179]

Во село Кучичино, Кочанско бил заклан селанецот Стојан Црепката, а во штипскиот затвор бил затворен кметот на село Руљак, Ибрахим, кој бил доста влијателен во турските села во областа. По наредба на великиот жупан Добрица Матковиќ, кметот бил изведен од затворот и бил убиен од контрачетници во реонот на штипските лозја.[180] Во Кочанско од страна на контрачетниците Григор Циклев, Мите Суџукаро, Јорде Грдовски и Нако со засилување од 200-300 војници биле убиени следниве луѓе: Ахмед Али од село Истибања, Стојчо Велков од село Рајчани и Теодосиј Крстев од истото село. На 21 октомври 1923 година од страна на 300 српски војници и контрачетници биле заобиколени и ограбени селата Јастремник, Чуриљак и Полаки, под изговор дека барале комити. Притоа бил убиен Ефтим Дејанов од село Јастремник, а жена му била силувана, Јордан Георгиев од село Јастремник бил убиен, а биле силувани Велика Георгиева и Стојменка Костадинова. Убиени или тепани до смрт биле: Никола Трендафилов од село Полаки, Ангел Соколов, Мирса Василкова, Арсениј Левков, Ѓурика Серафимова, Стојан Месаров од село Подареш и Атанас Томев од Радовишко, кој што бил тепан до смрт за да ги каже локалните раководители на ВМРО.[181]

Според известувањата на весникот „Пирин ", Штип и Штипско пропиштеле од злосторствата на четата на Стојан Мишев. Една жена во село Трогирци била жестоко измачувана од Христо Кавраков за да поткаже луѓе од Организацијата (ВМРО б.м.), но откако не изнудил признание и бил отсечен јазикот. Во Св.Николе бил убиен синот на тамошниот фабрикант за брашно од страна на Стојан Мишев. Во селото

---

179 Veritas, Македония подъ иго...цит., 110.

180 Исто, 111.

181 Исто, 105-107.

Судик, Штипско, Мишев го убил селанецот Андре Грбевски и ранил уште еден селанец.[182]

Во есента и зимата 1923 година на удар на српските контрачети се нашле селата во Кочанската околија. На 9 декември 1923 година било опожарено селото Рајчани, откако најпрвин разбојникот-ренегат(така биле нарекувани контрачетниците од страна на ВМРО) Мите Суџукаро се повлекол од селото по неуспешниот обид за грабеж. Следниот ден тој пак се вратил во селото и по суровите измачувања на селаните го запалил селото со исклучок на две куќи. На 5 декември, односно 4 дена порано, разбојниците-ренегати Мите Суџукаро и Јорде Грдовски во содејство со кочанскиот околиски началник убиле 18 селани и изгореле 25 куќи: во село Спанчево 14, во Мородвис 3, во село Пресека 5, село Лисичино 1 и селото Пишица 2.[183]

Во почетокот на 1924 година дошло до вооружени судири меѓу контрачетите и комитските чети во пограничниот реон со Бугарија. На 15 јануари 1924 година комитскиот војвода Кушов влегол во селото Русиново, Малешевско, при што според „Време “, го запалил селото. Од една страна во запаленото село влегла четата на српскиот контрачетник Илија Пандурски, а од спротивната страна со војска влегол мајорот Радојчиќ, при што се развила борба во која комитите со бомби фрлале врз позициите на Пандурски и Радојчиќ. Во тричасовната борба, комитите биле изведени на чистина и со загуби се повлекле кон границата.[184]

Според разните извештаи на претставниците на власта на Кралството, во почетокот на 1924 година главен двигател и водач на контрачетите во Брегалничката област бил Стојан Мишев, кој бил во тесна врска со жупанот и со Здружението за борба против „бугарските “

---

182 В.„Пиринъ”, год. I, бр. 3, 28 10 1923„ПисъцитѢ отъ Щипско”,стр. 2.

183 В.„Независима Македония”, год. I, бр. 40, 12 01 1924„Опожаряването на с. Райчинъ”, стр. 2.

184 В.„Време”, год. IV, бр. 756, 27 01 1924„Борба на згаришту села Русинова”, стр. 4.

бандити. Според полковникот Михаило Ковачевиќ овие чети имале следна задача а) да откриваат и уништуваат комитски чети по селата и б) да ги пронаоѓаат и да се борат против „бугарските " комитски чети. Меѓутоа Ковачевиќ не бил задоволен од нивната „работа " што го истакнал со низа примери.[185] Така една од овие чети во село Пестришино ги убила селаните Стојан Урда и Блажо Какаревиќ, а во село Моразда дошле „бугарски " комити, кои биле пријавени од еден Влав од село Теранце, но контрачетата по пристигањето во Моразда го претепала Влавот. Во село Панчарево од контрачетниците бил убиен српскиот учител Васил Нониќ. Во селото Крупиште, Штипско била упатена контрачета да гони комити, но нивниот водач, некој си Нако, ги однел во село Арѓулица, Штипско, при што од Ќосе Јусеин биле земени 25 турски лири и ѓердан од златници на неговата жена, а од куќата на Бечки Исмаил 300 банки, а исто така бил ограбен и некој Влав. Во селото Добршани некој Турчин бил затворен под обвинение дека соработувал со „бугарските " комити, затоа што купил фитил за палење цигари за својот дуќан.[186] Поради сите овие случувања полковникот Ковачевиќ, како една од раководните воени личности во Брегалничката област, изразил сомневање дека со овие злосторства на контрачетите била загрозена безбедноста во областа и повикувал на прогласување вонредна состојба и почитување на Уставот и законите, бидејќи имало опасност од бунт во овие краишта.[187]

За бројните слабости и недостатоци на српските контрачети во 1924 година, известувале и други воени лица со пониски воени чинови. Во извештајот на капетанот од I класа, Василие М. Васиќ, даден на 27 март 1924 година во Берово, тој дал целосен опис на контрачетата на Илија

---

[185] Даринка Петреска, Сведоштва од претставници на великосрпскиот режим за самоволијата и насилствата на српските контрачети во Брегалничката област во 1923-24 година„Историја", год.XXX, бр. 1 и 2, Скопје, 1994, стр. 92.

[186] Исто, 92/93.

[187] Исто, 94.

Пандурски. Според извештајот капетанот Васиќ ги отценил луѓето од оваа чета како распуштени, при што, според него, тие попрво претставувале една разбојничка банда, отколку една организирана единица, која требала да има една општа и корисна по државните интереси, задача. Според Васиќ никаков ред не можел да се постигне со тие луѓе, бидејќи сите негови наредби за дисциплина останувале залудни. При маршираењето контрачетниците оделе без никаков план, каде кој сакал, а и претпазливоста била многу слаба. Поради таквото однесување Василие Васиќ истакнал дека „морам да верувам, да тие не сакаат судир со комитите и намерно прават викотница, за да комитите ги насетат и благовремено да побегнат.“[188] Понатаму во извештајот за контрачетата на Пандурски, капетанот Васиќ забележал дека таа кон месното население била многу сурова и имала неограничена власт кон истото. Контрачетниците псуеле и навредувале и биле многу арогантни, поради што населението со појавувањето на ова оделение, веднаш бегало. Затоа ниту еден мештанин се немал приклучено кон него, ниту пак некој од месните луѓе соработувал со оделението, туку напротив, според Васиќ, луѓето ги прикривале движењата на комитските чети. Во одредот доаѓале луѓе што биле заинтересирани само за пљачка и добра плата, а други пак за лична освета.[189] Исто така капетанот Василие Васиќ, негативно ја отценил раководната улога на Пандурски во одредот, бидејќи истиот не ги покажал очекуваните резултати. И покрај укажувањето на Васиќ за поагилна работа, поголема дисциплина и забрана за измачување на народот, Илија Пандурски иако формално го одобрувал тоа, ја продолжувал истата дејност. Пандурски, според извештајот, бил дрзок човек и добил незаслужена функција, бидејќи пред тоа бил обичен пљачкаш и друмски разбојник, а исто така , според Васиќ, не бил способен да чува службени тајни и затоа со таков човек било тешко да се работи. Тој не бил способен да заведе ред и дисциплина кај своите луѓе и тоа разултирало со пљачкање,

---

[188] Подрачно архивско оделение-Штип, фонд Михаило Ковачевиќ, кут. 1, АЕ 4, Извештај од Василие М. Васиќ, капетан прва класа, стр. 2.

[189] Исто, 3.

што предизвикувало страв кај народот и затоа , според мислењето на Васиќ, Пандурски требало да го задржат во Штипскиот срез и таму да му доделат специјални задачи.[190]

Пролетта 1924 година зачестиле вооружените судири меѓу српските контрачети и четите на ВМРО, при што, иако режимот го криел тоа, контрачетите претрпувале сериозни загуби. Според српскиот весник „Време “ на левата страна од Вардар била создадена добра одбрана против комитските напади. Селаните во многу села организирале потерни оделенија, а такви имало во селата Уларци, Трогирци и други села. Весникот известувал дека во месец март 1924 година од Ќустендил била испратена комитска чета со војводата Цветан Спасов, за да ги казни кратовските села и да го убие злогласниот контрачетник Мино Станков(иќ). Мино со четата се дал во потера по комитската чета на војводата Спасов, при што дошло до судир во месноста „Влашки Колиби “близу бугарската граница, во кој според „Време “ комитската чета имала 3 мртви и двајца тешко ранети, кои биле фатени, а од српска страна имало еден убиен од селското потерно оделение.[191]

Во текот на 1924 година во вооружените пресметки меѓу контрачетите и комитските чети на ВМРО биле убиени и некои водачи на српските контрачети со што му бил нанесен сериозен удар на контрачетништвото во Брегалничката област. Во 1924 година во Штип бил убиен Стојан Мишев, кој бил сметан за еден од главните водачи на српските контрачети. Убиството го извршил Кирил Ќелешов, кој за таа цел дошол од Бугарија, но подоцна бил фатен од српските власти, бил осуден и стрелан.[192] На 30 јули 1924 година, во среда на пазарен ден во Виница, пред неколкуилјаден народ од Кочанско, Штипско, Царевоселско

---

190 Исто, 6/7.

191 В.„Време”, год. IV, бр. 836, 15 04 1924„Мештани у Јужној Србији успешно се боре против бугарских комита”, стр. 3.

192 АМ, фонд РСВР, к-2, матр.бр. 21, Извадоци од необјавените спомени(ракопис) на Станчев Иванов Славе, стр. 72.

и Кратовско, бил убиен контрачетникот Мите Суџукаро од селото Соколарци, Кочанско, со неколку истрели од револвер и бомби, при што неговите атентатори побегнале во правец на планината Плачковица.[193]

Според разузнавачките служби на Кралството на СХС, Григор Циклев, кој што бил војвода на српска контрачета, сакал повторно да се врати во редовите на ВМРО и затоа сериозно се разгледувала неговата понуда, при што главен услов бил да изврши било каков атентат, кој ќе му се предложел од страна на истата. Некои од раководните дејци на ВМРО сметале дека враќањето на Циклев во нејзините редови било мамка и дека тој всушност немало да го изврши наложениот атентат, поради што се спротивставиле на тој чин.[194]

Српските контрачети во Брегалничкиот округ(област) во периодот од 1918-1924 година, биле создадени првенствено за борба против комитските чети на ВМРО и за тероризирање на македонскиот народ. Контрачетите претежно биле составени од Македонци, кои од најразлични причини ја напуштиле или биле истерани од Тодоралександровата ВМРО. На српската власт целосно и одговарале овие луѓе, бидејќи тие ја познавале организациската поставеност на ВМРО, ги знаеле нејзините главни пунктови и тајните канали, а според тоа и изгледите за успех им изгледале поголеми на властите и затоа им давале раководна улога во формираните контрачети. Од друга страна, контрачетите имале одврзани раце и им било дозволено да вршат пљачкања, измачувања, силувања и убиства врз мирното македонско население. На најголем удар на контрачетите во Брегалничката област биле селата. Под изговор дека бараат комити, контрачетите во селата ограбувале пари, делови од покуќнината на селаните, добиток, вршеле силувања на македонските жени и девојки,

---

193 АМ, збирка: Револуционерно минато на македонскиот народ, фонд Поединечни документи ВМРО, к-1/3, Окружно бр. 777 од ЦК на ВМРО, стр.1 и 2.

194 АМ, фонд Министерство на војската и морнарицата, Главен генералштаб(разузнавачко оделение)(микрофилм 2808), стр. 4.

извршувале најжестоки измачувања врз луѓето со цел да изнудат признание за постоење на комитски чети, а исто така голем бил бројот и на убиствата што контрачетниците ги извршиле врз недолжното население. Од ваквите нивни злосторства често биле згрозени и официјалните претставници на власта на Кралството, кои алармирале дека со ваквите постапки на контрачетите се создавале услови за бунт на населението во Брегалничката област. Контрачетите ги избегнувале директните вооружени судрувања со комитските чети и доколку доаѓало до судир, тие биле потпомагани од вооружени полициски и воени формации на Кралството на СХС. Инаку, како што известувале и самите воени и полициски експерти на Кралството, контрачетите, како вооружени одреди, биле недисциплинирани и со своето однесување повеќе наликувале на разбојнички банди, отколку на регуларна воена единица. Во текот на 1924 година, поради убиството на некои водечки личности од редовите на контрачетите, а и поради слабите успеси и неисполнетите задачи за кои тие биле формирани, контрачетништвото западнало во криза, поради што актуелната власт на Кралството барала нови начини и форми за задушување на веќе се посилниот отпор на македонскиот народ во Брегалничката област.

## 2.5. Дејноста на Здружението за борба против „бугарските“ бандити

Со доаѓањето на федералистичките војводи во Штип и нивното преминување во српска служба, ситуацијата во Брегалничката област, на безбедносен план, уште повеќе се влошила. Посебно дејствувањето на Стојан Мишев оставило тешки последици во Штип и околината, бидејќи во градот и селата постојано имало убиени луѓе, а секоја ноќ имало исчезнување на луѓе, на кои потоа им се губела секаква трага. Злосторствата на Мишев и на неговите луѓе им оделе во полза на властите кои постојано кроеле планови за создавање на една голема организација, која со оружје требала да ја уништува секоја форма на отпор на македонскиот народ кон белградскиот режим. Всушност такви луѓе од типот на Стојан Мишев, кои што претходно биле во ВМРО на Тодор

Александров, кои го знаеле распоредот на комитските чети, складиштата со оружје, локалните раководители и членството на ВМРО, биле предвидени од големосрпските власти да влезат во раководните структури на оваа организација. Во прилог на таквите планови на власта одел еден настан што се случил порано, во 1922 година, и кои што послужил како добар повод за создавање на режимска антикомитска организација. Имено, во тие години ВМРО за своите потреби земала пари од организациони луѓе, а уценувала и некои економски подобро стоечки луѓе, земајќи им поголеми суми на пари. Кога на тоа се спротивставиле двајца трговци од Штип, Илија Хаџи Васков и Михаило Каламатиев, на 22 октомври 1922 година врз нив бил извршен атентат од месни луѓе на Организацијата.[195] Притоа Хаџи Васков бил убиен во својата куќа, а Каламатиев бил ранет во вилицата. Атентатите, според ВМРО, биле извршени поради шпионажа пред српските власти. Според весникот „Илинден “, ранетиот Каламатиев ожесточен, одел од куќа на куќа во Штип и ги посочувал соработниците на ВМРО, при што властите уапсиле околу 100 граѓани и селани, а апселе и жени и деца со што избила голема афера во Штип.[196] По атентатот, Михаило Каламатиев останал парализиран и по неговото оперирање во Белград, се вратил во Штип, каде и по цена на животот, пак се ангажирал против ВМРО.[197]

Ваквите настани и послужиле како повод на власта да го формира т.н. Здружение за борба против „бугарските “ бандити со седиште во градот Штип. Всушност Здружението било формирано на 9 септември 1923 година на иницијатива на штипскиот трговец Михаило Каламатиев(иќ),

---

195 Александар Апостолов, Злетовска област, географско-историски осврт, Скопје, 1974, стр. 545.

196 В.„Илинден”, год. II, бр. 42, 21 10 1922„Революционни акции-афера въ Щипъ”, стр. 2.

197 АМ, фонд РСВР, кут. 8/11, матр.бр. 21, Матријали за Жика Лазиќ (Delatnost VMRO-a na teritoriji Makedonije i uopste i mere bivsih Jugoslovenskih vlasti), стр. 18.

кога бил организиран собир на група граѓани во хотелот „Ослободување “, при што Каламатиев(иќ) истапил со „патриотски “ говор, во кој зборувал за пљачки, убиства и палења, што, според него, биле направени од комитските чети. Истиот ден биле поставени основите на Здружението со претседател Михаило Каламатиев(иќ), потпретседател Милан Поп Трајков(иќ), секретар Милош Батистиќ и благајник Тодор Чепреганов(иќ), а бил избран и управен одбор со 12 членови.[198] Во истиот ден била создадена т.н. народна милиција за борба против комитските чети на ВМРО.

Во периодот на постоењето на ова Здружение(септември 1923-мај 1934) вкупниот број на организирани вооружени луѓе изнесувал 25 000, од кои 2/3 се наоѓале на левиот брег од реката Вардар.[199] Здружението за борба против „бугарските “ бандити, според членот 4 од програмата за неговото дејствување, ги имало следните цели: а) да работи на елиминирање на акцијата на „бугарските “ комити на целата територија на „Јужна Србија”, б) кај народот да ја развива „националната “ свест, в) да работи на издигањето на деловите на „Јужна Србија “ во „културен “ и „национален “ поглед, г) да работи за запазување на „честа “ на татковината (Србија б.м.), д) да работи за придобивањето сатисфакција за сите „невини “ луѓе во „Јужна Србија “ и ѓ) да работи за искоренувањето на секое „зло “ во краиштата на „Јужна Србија “, без оглед на тоа од каде доаѓало.[200] Овој член претставува јасен показател за вистинските цели и стремежи на Здружението и за неговата поставеност на српска националистичка и шовинистичка база, со целосно негирање на самобитноста и идентитетот на македонскиот народ.

Покрај Михаило Каламатиев, како председател, во раководството на Здружението влегле: Григор Циклев, Стојан Судиклиев, Илија Пандурски,

---

[198] В.„Време”, год. III, бр. 623, 14 09 1923„Велики збор у Штипу”, стр. 3.

[199] Александар Апостолов, цит.дело, 545.

[200] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том II, Скопје, 1981, стр. 17.

Санде Пеливанов, Мите Суџукаро, Јордан Грдовски, Христо Умленски и други, скоро сите бивши припадници на ВМРО и блиски другари на Тодор Александров. По срезовите биле формирани околиски чети(контрачети б.м.) командувани од војводи, а од оружје четниците имале пушка, бајонет, револвер, по две бомби и по 150 патрони.[201] Припадниците на овие чети имале статус на привремени жандарми со постојана месечна плата. Војводите и четниците биле бивши комити кои се предале, биле заробени во борбите со државните вооружени сили или како федералисти преминале од Бугарија во Кралството на СХС и се ставиле во служба на неговиот режим. Припадниците на овие чети биле главно без образование и не биле омилени кај македонскиот народ, а дури не биле сакани и од месните просрпски определени т.н. „Солунци ", кои поради нив ги изгубиле широките овластувања.[202]

При воспоставувањето на својата организациска мрежа, Здружението посебно внимание обрнувало на селата во Брегалничката област. Во таа насока се помагале сите селани кои работеле против ВМРО, на разни начини: економска помош, бесплатно школување на нивните деца и слично.[203] Исто така се започнало и со вооружување на селата лојални на режимот. Таа активност ја надгледувале срескиот началник, жандармериските старешини и претставниците на главниот одбор и месните одбори на Здружението. Во селата бил избиран селски војвода, кој имал служено во српската војска, а во договор со сите горespоменати органи се решавало колку пушки ќе се отстапат на селото, при што ова оружје можело да се употреби само во борба против четите на ВМРО и за него одговарале гореспоменатите органи.[204]

---

201 Александар Апостолов, цит.дело, 546/547.

202 Исто, 547.

203 АМ, фонд РСВР, кут. 8/11, матр.бр. 21, Матријали за Жика Лазиќ(Изјава од д-р Коста Тренчев), стр. 1 и 2.

204 Исто, Delatnost VMRO-a...цит., стр. 19.

После вооружувањето селата биле свесни за опасноста од комитските чети на ВМРО и затоа организирале стражи. Оваа т.н. селска милиција на Здружението била под непосредна команда на жандармериските станици, на водниот жандармериски офицер и на крстаречките жандармериски и месни оделенија. ВМРО започнала да се заканува со смртни казни на овие, од неа т.н. ренегатски села, организирани од Здружението за борба против „бугарските " бандити, при што таа во еден случај се обидела да го нападне и казни селото Соколарци, Кочанско, со четата на војводата Иван Брло, но во тоа не успеала.[205] Најчесто селаните од т.н. селска милиција на Здружението биле принудувани без нивна волја да добиваат пушка, која што морале да ја чуваат дома, при што во случај на тревога, секој припадник на милицијата бил должен да се јави на соодветното зборно место.[206]

Во почетокот на октомври 1923 година со помош на Михаило Каламатиев и на жупанот Добрица Матковиќ, Здружение за борба против „бугарските " бандити било формирано и во Кочани. Здружението било формирано во дворот на кафеаната „Стара Србија ", при што бил избран совет во кој членувале: Тодор Варадинов-претседател, Кирил Сандев-заменик, Томе Вангелов-секретар, Спиро Симеонов-благајник и членови на советот: Сандо Беличев, Ташко Корнети, Ефтим Крушаров и Афус Мемедов Махмудов, сите од Кочани.[207] Веста за создавањето на огранок на Здружението во Кочани ја пренел и „Пирин ", повикувајќи се на бројот на весникот „Нови лист " од Штип од 10 октомври 1923 година. Според весникот во Кочани бил одржан митинг против комитските акции, во кој со антикомитски говори излегле Милан Димитриев, Петар Иванов, Тодор Нишанџиски и Зулфиќар К. Амди од градот Кочани. Тие во своите говори

---

[205] Исто, 19/20.

[206] Александар Апостолов, цит.дело, 548.

[207] Димитар Галев, Белиот терор во југоисточна Македонија 1910-1941, том II, Штип, 1991, стр. 144.

истакнале решеност сами, но и со помош на власта да ги уништат комитските чети.[208]

Кон крајот на 1923 година по иницијатива на Здружението, а со помош на властите на Кралството, во Брегалничката област цели села биле организирани за борба против комитските чети, при што таа организација во многу места била наречена „Народна одбрана “. Во секое такво село имало војвода, помошник војвода и десетари и со таквиот начин на организациска поставеност целата Брегалничка област личела на огромно војничко село т.е. воена граница, при што особена дејност во формирањето на тие организации пројавил полицискиот комесар Милан Бајовиќ.[209] Месни организации на „Народна одбрана “ биле формирани и во селата Таринци и Карбинци во Штипскиот срез, при што според весникот „Време “ овие села веднаш стапиле во борба со комитските чети, а со тоа комитите го изгубиле и последното засолниште под планината Плачковица.[210]

Во почетокот на 1924 година, Здружението за борба против „бугарските “ бандити веќе имало воспоставено организациона мрежа во повеќето градови во Брегалничката област, и особено во селата. Во април 1924 година во Кочани бил одржан срески митинг на Здружението, на кој, според „Време “ имало близу 5000 селани, кои ги поздравиле кралот и владата и побарале амнестија за затворениците кои под принуда морале да ја помагаат комитската акција. Тогаш за претседател на Здружението во Кочани бил избран Тома Вангеловиќ.[211]

На 4 мај 1924 година во Штип била одржана голема манифестација организирана од Здружението за борба против „бугарските “ бандити. Во

---

208 В.„Пиринъ”, год. I, бр. 2, 21 10 1923„Насилствени събрания”, стр. 2.

209 Исто, год. II, бр. 14, 13 01 1924„Сръбската контра-организация”, стр. 3.

210 В.„Време”, год. III, бр. 721, 21 12 1923 „Сељаци се организују против комита”, стр. 3.

211 Исто, год. IV, бр. 843, 22 04 1924 „Збор удружења против бугарских бандита у Кочану”, стр. 1.

градот дошле вооружените срески и селски здруженија, така што Штип личел на голем вооружен логор. Најпрвин по повод манифестацијата, утрото била одржана црковна служба во црквата Св.Никола. Во градот се наоѓале и шефот на државната безбедност, Жика Лазиќ со д-р Рајс, голем приврзаник на големосрпската кауза и великиот жупан Добрица Матковиќ. Говори одржале д-р Рајс, претседателот на Здружението Михаило Каламатиев(иќ) и Жика Лазиќ. Сите овие говори биле исполнети со антикомитска содржина и со барање за борба против „бугарските " комитски чети. Лазиќ им доделил ордени „Св.Сава " на раководителите на Здружението и на 10 селани од селото Уларци, Штипско, а потоа била положена заклетва пред знамето, а било одржано и дефиле на вооружените чети на Здружението, во кое највидно учество имале четите на Мино Станков(иќ), Григор Циклев и Стојан Мишев.[212] Антикомитски говор одржал и поранешниот близок соработник и соборец на Александров, Стојан Мишев, кој меѓу другото изјавил: „Ние ќе се бориме со Тодор Александров додека ни стојат главите на рамењата ". Во текот на вооружената парада четниците ја пееле песната „Киша пада, Бугарска пропада ", со што сакале да ја симболизираат својата наводна победа над комитските чети.[213] Со вакните и слични манифестации, Здружението имало за цел да ја демонстрира својата вооружена сила, да ја покаже својата силна српска „национална " свест, како и спремноста за беспоштедна борба против комитските чети на ВМРО.

Здружението за борба против „бугарските " бандити во периодот од две години, 1923-24 година, како режимска творба успеало да создаде свои организациони бази во дел од граѓанството како и во дел од селата во Брегалничката област. Здружението воглавно било составено од луѓе кои што порано биле во ВМРО на Александров, потоа федералисти, за да на

---

[212] Исто, год. IV, бр. 853, 5 05 1924 „Наоружан народ са Брегалнице кличе краљу и држави", стр. 3.

[213] В.„Независима Македония", год. II, бр. 58, 16 05 1924 „Антибългарските тържества въ Щипъ", стр.2.

крајот се стават во служба на Кралството на СХС и станат членови на ова Здружение. Тоа ја имало целосната подршка на властите на Кралството и како такво, главна цел што си ја поставило била борба против комитските чети на ВМРО и насилно всадување по пат на вооружена закана на српско национално чувство кај македонскиот народ во Брегалничката област. За засилување на вооружената пропаганда Здружението со помош на владеачките структури вооружувало цели села и ги принудувало да се борат против комитските чети. Својата надмоќност на воен и политички план, Здружението се обидувало да ја истакне со одржување на грандиозни манифестации и вооружени паради, кои биле несебично финансирани од страна на белградскиот режим со една единствена цел: зацврстување и зачувување на власта на Кралството во Брегалничката област. Овие манифестации на Здружението требало да создадат впечаток кај македонскиот народ за силата и моќта на големосрпската власт и да ја уништат секоја помисла дека е можно ослободување од новата форма на ропство, наречена Кралство на СХС.

Ваквите обиди на режимот да преку Здружението и другите форми на задушување на отпорот на македонскиот народ, создаде страв кај истиот, не вродиле плод. Иако во првите две-три години од неговото создавање, Здружението постигнало поволни резултати за режимот, сепак во наредните години, најголема негова инвестиција било пробивањето на неговиот претседател Каламатиев(иќ) во високите политички кругови на Кралството, како најзаслужен за подемот на ова здружение. Со слабеењето на неговата т.н. „национална работа “, се изгубила потребата од постоењето на Здружението и тоа било расформирано.

# ГЛАВА III

# ОТПОРОТ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ВО БРЕГАЛНИЧКИОТ ОКРУГ(ОБЛАСТ)

## 3.1. Противрежимско расположение за време на парламентарните и општинските избори

Општинските и парламентарните избори во 1920 година биле добра можност за проверка на народното расположение кон актуелната власт на Кралството на СХС. Изборите за пратеници во Привременото народно претставништво(ПНП) не можеле да претставуваат соодветно мерило за популарноста на партиите, посебно во Брегалничкиот округ, поради фактот што била воспоставена нова власт, а и поради брзината со која биле распишани изборите за ПНП. На овие избори за пратеници изведени според еден владин распис кон крајот на март 1919 година, еден од двајцата пратеници од Брегалничкиот округ бил Глигор Дракаловиќ од Берово, учител и школски надзорник, член на Демократската партија, кој се застапувал за големосрпската програма.[214]

Македонскиот народ во Брегалничкиот округ за период од една година 1919-1920, ја увидел денационализаторската и антимакедонска политика што ја воделе владеачките партии во однос на Македонија и затоа започнал да се ориентира кон партии што биле блиски до неговите барања и стремежи. Како таква симпатиите кај Македонците ги добила

---

[214] Даринка Петреска, Општествено-политичката положба во Малешевијата од крајот на Првата светска војна до 1921 година „Историја", год.XXVIII, бр.1-2, Скопје, 1992, стр.96.

Комунистичката партија, која иако била свесна за постоењето на македонското прашање, во тие години немала јасно изграден став кон него, бидејќи не признавала постоење на македонска нација, туку Македонија ја сметала како збир од повеќе националности и народности што ја населувале нејзината територија. Како и да е, КПЈ започнала да формира свои партиски организации на теренот на Брегалничкиот округ во текот на 1919 и 1920 година. Така во Штип била формирана партиска организација во септември 1919 година, за да наскоро таа биде растурена. Но по кратко време, на 30 јули 1920 година се одржало основачко собрание и се обновила партиската организација во Штип со раководство: Марија Јаковлевиќ-претседател, Илија Данев-секретар и Васил Гранков-благајник.[215]

Владеачките режимски партии, пред се радикалите и демократите, сигурни во својата победа на претстојните општински избори, во почетокот не го попречувале организационото оформување на КПЈ во Брегалничкиот округ. Но кога пред општинските избори што требало да се одржат на 22 август 1920 година, КПЈ истакнала своја листа, таа од страна на властите била поништена. Партијата објавила бојкот на изборите во Штипско, кој и покрај заплашувањата врз граѓаните успеал: од 2327 запишани гласачи на избори излегле и гласале за листата на Јордан Бабамовиќ од Демократската партија, 832 гласачи, кои главно биле Турци, Евреи, Роми и службениците дојдени во градот од Србија.[216] Во Кочанскиот срез од 8 општини, народот во четири дал повеќе празни кутии. Во Радовишко, Царевоселско и Свети Николско народот исто така гласал во празни кутии.[217] И покрај ставот на КПЈ да истакне кандидатски листи во поголемите градови, на изборите во село Владимирово, однела победа

---

215 Тодор Г. Зографски, Димче А. Зографски, КПЈ и ВМРО(обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930, Скопје, 1974, стр.42.

216 Исто, 43.

217 В.„Социјалистичка Зора", год. XI, бр.76, 11 09 1920 „Из Брегалничког пашалука", стр.1.

КПЈ.[218] Сепак гледано целосно на општинските избори во Брегалничкиот округ на 22 август 1920 година, победиле режимските партии, Радикалната и Демократската, пред се поради притисокот и заплашувањата на народот од страна на властите и поради бојкотот на изборите што во повеќето градови од округот го прогласила КПЈ. И покрај победата на изборите на општинско ниво на режимските партии, поради се понараснатото антирежимско расположение кај македонскиот народ, а и поради стравот од засилената Комунистичка партија, кај властите се раѓале идеи од типот на онаа на извесниот полковник Љубомир Бајрактаревиќ, кој предлагал: 1) да се преселат растурените по непристапните каменити предели села во места со поразвиена комуникација; 2) да се населат по должината на граничната линија со Бугарија, семејствата на разни пљачкаши, нивните јатаци, разни осуденици што заслужуваат помилување, Цигани-скитници и сите оние што сакаат доброволно да се доселат овде од Србија и 3) да се подигне нов град Велес покрај железничката станица, а градот Штип да се преместел на Ежово поле, при што куќите начичкани по височините да се иселат.[219]

Во периодот пред парламентарните избори во ноември 1920 година, на територијата на округот се раздвижиле и комитските чети на ВМРО, кои вршеле агитација кај македонскиот народ. Според сознанијата на Министерството за војна, водачот на ВМРО, Тодор Александров, се наоѓал во делот околу Штип и Кочани. Цел на неговото престојување во Македонија, според Министерството, било да се организира четничка акција во Македонија, како и да се организира самото македонско население да на претстојните избори за Конституантата избере претставници, кои во договор со другите партии би барале Македонија да

---

[218] Даринка Петреска, цит.дело, стр.97.

[219] Иван Катерџиев, КПЈ во Македонија до Обзнаната, Скопје, 1961, стр.35/36.

влезе во состав на Кралството како потполно автономна област.[220] Всушност декларативното залагање и активност на ВМРО пред ноемвриските парламентарни избори било со цел „да се ангажира секој народен пратеник во Парламентот да зборува не како Бугарин, не како член на некоја политичка партија, туку како Македонец. “[221]Пред парламентарните избори исто така било испратено писмо од ВМРО до граѓаните на Штип, потпишано со псевдонимот „Богдан “ зад кој се криел Тодор Александров. Во писмото Александров ги повикувал сите народности од Македонија да формираат Македонска партија т.н. Македонски федеративен сојуз, која на изборите требало да избере луѓе од Македонија, а коишто ќе се бореле за федеративно уредување на Кралството на СХС. Александров исто така повикувал на собирање на сите незадоволни народности во Македонија и целото Кралство за заедничка борба, бидејќи како што истакнал, неможело да се очекува ништо добро од српските шовинистички партии: радикали, демократи и други, кои сакале вечно да владеат со Македонија.[222]

Според извештајот пак на началникот на Брегалничкиот округ, народот од овој дел на Македонија полагал надеж на претстојните избори за народни пратеници, за која функција ќе ги изберел тие луѓе што се залагале за автономија на Македонија, а изборот на овие требало да се изврши со помош на комунистите. Според истиот, македонската револуционерна организација во овие краишта ја пропагирала бугарската идеја и наводно, јавна тајна било дека под маската на комунизмот се криел

---

220 АМ, фонд ТАО(микрофилм 344), (Депеша најхитније, Министарство војно бр.31 804-команданту III армиске области и команданту граничне трупе-Скопље), стр.1.

221 Јован Јанев, Улогата на „автономистичката” ВМРО во изборите за Конституантата во Вардарска Македонија во 1920 година, ГИНИ, год.XXX, бр.1-2, Скопје, 1986, стр.212.

222 АМ, фонд ТАО(микрофилм 343), (Драги сограѓани, септември 1920), стр.1.

чист бугаризам.[223] Всушност ваквото изедначување на комунизмот со „бугаризмот " имало за цел властите да најдат причина за употреба на репресивни мерки против Комунистичката партија во предизборието, под изговор дека била загрозена безбедноста на земјата од надвор, т.е. од Бугарија.

И додека владеачкиот режим укажувал на соработка на ВМРО на Александров и КПЈ во предизборниот период, активистите на КПЈ во округот имале поинакво мислење. Според сеќавањата на Кољо Панев-Бумбаров, постоеле многу несогласувања помеѓу ВМРО и Партијата. Според него, ВМРО на теренот на Брегалничкиот округ се борела за присоединување кон Бугарија, додека КПЈ се борела за национално ослободување на Македонија. Според сеќавањата на Бумбаров, ВМРО во 1920 година за да придобие што повеќе членови се послужила со авторитетот на КПЈ, иако знаела дека Партијата е нејзин противник. Пред изборите, според овие сеќавања, ВМРО агитирала да се гласа за комунистите, а кога КПЈ станала илегална, Организацијата престанала да се служи со името на Партијата.[224] И покрај сите овие мислења и извештаи, факт е дека во предвечерието на изборите за Конституантата во 1920 година, ВМРО го повикала народот во Брегалничкиот округ да гласа за кандидатите на КПЈ, најповеќе поради тоа што КПЈ била антирежимска партија, а и без тоа Партијата поради делумното разбирање на македонското прашање се здобила со симпатии кај македонскиот народ. За разлика од КПЈ, другите партии, пред се режимските: Радикална и Демократска, не уживале подршка кај народот, единствено Републиканската партија на Јаша Продановиќ имала извесно влијание во округот, поради нејзиниот став за републиканско уредување на

---

[223] Исто, (Команда Вардарске дивизиске области пов.бр.8461-команданту III армиске области, 11 10 1920), стр.1.

[224] АИНИ, фонд: Разни сеќавања, изјави, стенографски белешки, белешки, анкетен материјал и друго од работничкото движење меѓу двете светски војни и за организацијата СКОЈ, к.XXXVIII/24, ред.бр.228, стр.9.

Кралството. Од останатите партии што можеле да имаат некакво влијание во Брегалничкиот округ била партијата Џемиет, која ги собирала гласовите на муслиманското турско население.

Во почетниот предизборен период за избори за Конституантата, според Министерството за внатрешни работи на Кралството, кампањата ја диктирале Радикалната и Демократската партија, додека КПЈ, сметале од истото, немала изгледи за успех.[225] На 17 ноември 1920 година била поднесена листа на КПЈ во Штип на чело со Душан Цекиќ-трговец од Скопје, а на листата биле и Тихомир Јефтиќ-учител од Велес, Воислав Стојановиќ-судија од Приштина и Антоние Грубишиќ-судски писар од Скопје. Власта отценувала дека КПЈ неможела да има сериозни успеси на изборите, а покрај ова локалните власти забележале дека во Брегалничкиот округ, Радикалите и Џемиетот соработувале во изборната трка, додека на другата страна не изостанувала и соработка помеѓу КПЈ и Републиканската партија.[226] Карактеристично за кандидатската листа на КПЈ, која и покрај тоа што ја имала подршката од македонскиот народ во округот, било тоа што на таа листа немало луѓе од Брегалничкиот округ и уште повеќе ако се земе во предвид националниот момент, на листата немало кандидат по националност-Македонец. Ваквата состојба Партијата ја оправдувала со тоа што, според неа, се водела борба за победа на КПЈ и нејзината програма, а не за оваа или онаа личност.[227]

Изборите за пратеници во Конституантата се одржале на 28 ноември 1920 година. Брегалничкиот округ бил поделен на неколку бирачки места: за градот Штип, Штипско, Овчеполско, Кочанско, Радовишко, Царевоселско и Малешевско. Во Овчеполската околија од 10 општини со запишани 4111 бирачи, излегле да гласаат 3022 гласачи, при што листата на КПЈ добила 1606 гласа, а според извештајот до министерот за внатрешни

---

225 Јован Јанев, КПЈ во парламентарните изборни борби во Вардарскиот дел на Македонија (1919-1921), Скопје, 1992, стр.63.

226 Исто, 65.

227 Тодор Г. Зографски, Димче А. Зографски, цит.дело, 44/45.

работи 1594 гласа за листата на КПЈ. Единствено проблем имало во селото Горни Балван, каде бил затворен од властите агитаторот на КПЈ, Добри Иванов, но по спонтаниот протест на селаните пред Окружното началство во Штип, тој бил ослободен. Значи во Овчеполската околија, според изборните резултати на прво место избила кандидатската листа на КПЈ со 1606 добиени гласови[228].

Во Штипската околија имало 6 избирачки места со вкупно 1250 избирачи, од кои излегле да гласаат 980 гласачи. Во оваа околија КПЈ ја имала подршката на Републиканската партија и на ВМРО на Тодор Александров. По повторување на изборите во неколку општини од Штипската околија, според изборните резултати КПЈ добила 440 гласа со што била далеку напред пред партијата Џемиет и Радикалната партија.[229] Во градот Штип како посебно бирачко место од вкупно 2332 избирачи на гласање излегле 1355, од кои за КПЈ гласале 954 гласачи, со што партијата избила на прво место. Во Кочанската и Радовишката околија водечко место имале кандидатите на Републиканската партија, додека КПЈ во првата по бројност на добиените гласови била на последно место, а во втората околија на второ место. Во Царевоселската околија КПЈ претрпела катастрофален пораз со само 30 добиени гласови, додека во Малешевската околија од излезените 1478 гласачи за кандидатската листа на КПЈ гласале 994, со што таа овде убедливо победила.[230]

Според конечните изборни резултати во Брегалничкиот округ од вкупно запишаните 22 339 избирачи гласале 14 894 гласачи. Според извештајот на началникот на округот до министерот за внатрешни работи, пратеници во Уставотворното собрание биле избрани-од листата на КПЈ: Душан Цекиќ и Воислав Стојановиќ со 5138 гласа и Али Шефик од партијата Џемиет и Радикалната партија. И покрај жалбите, Верификациониот одбор ги потврдил мандатите на двајцата пратеници на

---

[228] Јован Јанев, КПЈ во парламентарните изборни борби...цит.,стр.69-71.

[229] Исто, 71-74.

[230] Исто, 75-81.

КПЈ, а под знак прашалник останал мандатот на Али Шефик Хаџи Муртеза.[231]

На ноемвриските избори за Конституантата во 1920 година, во Брегалничкиот округ победила КПЈ. Од вкупно 59 пратеници во Народната Скупштина што ги имала КПЈ, 15 пратеници биле избрани од Македонија, од кои двајца биле изгласани во Брегалничкиот округ, со што, како што забележал и македонскиот револуционер Павел Шатев, Македонија била „комунизирана “, што пак од своја страна ги озлобило, според Шатев, особено српските крупни националисти, шовинисти и империјалисти.[232] Така во Штипско поради големиот број гласови за кандидатската листа на КПЈ, окружниот началник во Штип ги казнил по 100 динари сите свои подредени жандарми, а ги поштедил само оние во чиишто реони избирачите гласале за режимските претставници.[233]

Општинските и особено изборите за пратеници за Конституантата во 1920 година го покажале противрежимското расположение на македонскиот народ во Брегалничкиот округ. Режимските партии, Радикалната и Демократската, поради нивниот негаторски став кон македонското прашање ја имале подршката само на еден мал број на Македонци, коишто за да ги задржат своите привилегии и висок статус во тогашната политичка хиерархија, соработувале со овие владеачки партии. На страна на владеачкиот режим се нашло уште и еден дел од турското население, кое организирано од партијата на муслиманска религиозна основа-Џемиет, ги дало гласовите на Радикалната партија. Најголемиот дел од македонскиот народ во округот, револтиран од антимакедонската политика на актуелната власт, поголемиот број гласови ги дал за кандидатите на Комунистичката партија и еден дел за претставниците на

---

231 Исто, 82-85.

232 АМ, фонд РСВР(Сеќавања на Павел Шатев), матр.бр.18, к-2, стр.419.

233 Костадин Палешутски, Македонският въпрос в буржоазна Югославия(1918-1941), София, 1983, стр.57.

Републиканската партија. КПЈ која во тие години сеуште немала изградено оформен став кон македонското прашање, како партија се наоѓала во подем и успеала да ги освои симпатиите на поголем дел од македонскиот народ, не толку поради нејзиното евентуално залагање за правилно решавање на македонското прашање, туку повеќе поради фактот што како партија била антирежимски настроена. Сепак и покрај подршката што КПЈ ја имала во округот, таа не сакала или не можела да најде сили на својата кандидатска листа пред изборите за Уставотворната Скупштина, да истакне барем еден кандидат од Брегалничкиот округ и уште повеќе-кандидатот да биде Македонец. Ваквиот свој чин КПЈ го оправдувала со тоа што во таквите услови била важна победата на програмските начела, а не националниот момент или личноста. Во предизборниот период се вмешала и ВМРО на Тодор Александров, која исто така агитирала меѓу народот во округот за подршка на кандидатската листа на КПЈ, бидејќи се надевала дека народните пратеници на Партијата во Народната Скупштина ќе се залагаат за поголема автономија на Вардарска Македонија во рамките на Кралството на СХС.

По ноемвриските избори КПЈ со 59 пратеници била трета по бројност партија во Уставотворното Собрание. Владеачките режимски партии исплашени од брзиот подем на КПЈ, најпрвин со Обзнаната(30 декември 1920), а потоа и со т.н. Закон за заштита на државата(2 август 1921) го забраниле легалното дејствување на Партијата. Наоѓајќи се во услови на систематски прогон и длабока илегалност, таа се обидела да пронајде соодветни форми на дејствување, пред претстојните парламентарни избори во 1923 година. За таа цел во јануари 1923 година била создадена Независна работничка партија на Југославија(НРПЈ), која дејствувала како легална политичка партија и зад која што всушност стоела КПЈ со својата програма, како нејзин главен двигател. НРПЈ пред парламентарните избори од 18 март 1923 година се обидела да создаде свои ограноци и партиски организации и во Вардарска Македонија, а со самото тоа и во Брегалничката област. Така огранокот на НРПЈ во Штип добил предлог од група граѓани од Радовиш да излезат со листа на опозиционата Републиканска партија, на која само носителот на листата би бил

Републиканец, додека другите би биле членови или симпатизери на илегалната Комунистичка партија. Иако биле собрани 110 потписи од граѓани за кандидатската листа, власта со сите сили сакала да го спречи формирањето на оваа листа. Започнало апсење, при што во Штип биле уапсени: д-р Благој Тошанов, Васил Гранковски, Ставре Ставрев, Илија Вујнов, Добри Дачев, Ристо Гроздев и Тодор Христов.[234]

Предизборна соработка на комунистите(НРПЈ,б.м.) на изборите во март 1923 година во Штип им предложила и ВМРО, преку писмо од војводата Панче Михајлов. Соработката важела под услов на кандидатската листа да има еден или двајца луѓе од ВМРО, на што комунистите не се согласиле. На крај се се свело на тоа што кандидатската листа на НРПЈ била поништена, а на изборите во округот мандатите ги добиле кандидатите на Радикалната партија.[235] Пред мартовските избори 1923 година и демократите и радикалите на разни начини преговарале со водачите на ВМРО за да тие агитираат за едната или за другата партија. Соработката ја започнале демократите, а ја прифатиле радикалите. Пред изборите 1923 година, пратеникот на Никола Пашиќ, радикалот Мита Димитриевиќ се сретнал во Кочанско со војводата Панче Михајлов, при што била склучена спогодба ВМРО да ја поддржи кандидатската листа на Димитриевиќ на изборите, а за возврат последниот ветил дека властите ќе бидат „повнимателни " со Македонците, и дека самиот тој ќе ги застапува интересите на македонскиот народ во Скупштината. Меѓутоа и покрај ваквите ветувања, по изборите, работите во однос на Македонија од страна на Радикалната партија не се промениле.[236] После ова останал зачудувачки фактот како можеле две дијаметрално спротивни политички опции, олицетворени во лицата на ВМРО и Радикалната партија, да влезат во преговори за предизборна и воопшто било каква соработка.

---

[234] Тодор Г. Зографски, Димче А. Зографски, цит.дело, 84/85.

[235] Исто, 85/86.

[236] Александар Апостолов, цит.дело, 544.

На парламентарните избори од 18 март 1923 година, во Брегалничката област и покрај големото народно незадоволство од режимот и воопшто неговото антирежимско расположение, победила кандидатската листа на Радикалната партија, во соработка со нејзиниот сојузник, партијата Џемиет. За таквиот развој на настаните имало неколку причини, но најважни биле: длабоката илегалност во која била принудена да дејствува КПЈ поради нејзината законска забрана од страна на режимот, задоцнетото создавање на партиски ограноци на НРПЈ на теренот на Брегалничката област, систематскиот терор и заплашување на македонскиот народ од страна на полицијата со цел да гласа за режимските партии, како и непостигнувањето на договор за предизборна соработка помеѓу ВМРО и НРПЈ, со што првата ги дала гласовите на режимската Радикална партија и делумно допринела за нејзината победа.

## 3.2. Обновување на легалниот и илегалниот отпор против режимот

Македонскиот народ во Брегалничкиот округ на најразлични начини се спротивставувал на режимот на Кралството на СХС. Најчесто тој отпор бил невооружен, во одредени моменти бил поединечен или во група, спонтан или организиран, со национално политички задачи и идеи, во зависност од формите преку кои тој отпор се изразувал. Најчести облици на отпор биле: бојкот на регрутацијата, дезертирањето од војската на Кралството на СХС, неодзивањето на повиците за воени вежби, бегствата по шумите, планините или во Бугарија, отпорот против разните давачки и друго. Бегањето на населението од округот во Бугарија, како израз на незадоволство од новиот режим, била честа појава и се случувала веднаш по воспоставувањето на власта на Кралството во Брегалничкиот округ. Началството на Брегалничкиот округ во 1922 година излегло со поширок список на луѓе, коишто побегнале од округот во Бугарија уште во текот на 1918 година. Според него бројот на побегнати лица по општини и околии бил следниот: штипска општина 400 лица, околија Штипска 32, околија Кочанска 189, околија Царевоселска 42, околија Малешевска 151, околија Радовишка 113, околија Овчеполска 60, или вкупно 987 лица од

Брегалничкиот округ во 1918 година пребегнале во Бугарија.[237] Во 1919 година, според извештаи на воени и цивилни органи на власта на Кралството, имало обратен процес, односно голем број на Македонци се враќале од Бугарија во Вардарска Македонија, при што властите се сомневале дека се работело за агитација од страна на Бугарија и дека тие луѓе што се враќале доаѓале за да организираат отпор против Кралството на СХС во Вардарска Македонија.[238]

Македонскиот народ во Брегалничкиот округ остро се спротивставил и на военото обврзништво, од самиот факт што новодојдената војска ја сметал за окупаторска, а не за своја. Наместо новата власт да го земе во обзир тоа што Македонците во овие краишта со години имале служено во различни војски, таа веднаш по војната почнала да повикува регрути и обврзници на вежби. Така во јули и декември 1919 година сите мажи од 21 до 31 година возраст, биле земени или како регрути или на воена вежба. Голем број од повиканите, поради револт побегнале кон планините или во Бугарија, така што само од Брегалничкиот округ, поради овие причини, во 1919 година имале избегано околу 1000 луѓе.[239] Особено во пограничниот реон на Брегалничкиот округ со Бугарија се појавило масовно дезертирање од војската, бегство во шума и пребегнување во Бугарија. Во месец јуни 1919 година побегнале 16 регрути од Каменица, 25 од општината Драмче и 99 регрути од останатите општини во Царевоселската околија. Исто така од селото Полаки, Кочанско, во

---

[237] Завод музеј, историско оделение Штип, фонд Брегалничка област, папка бр.7, (Началство округа Брегалничког пов.бр.637-комесару за Јужну Србију-Скопље, 27 07 1922), стр.1.

[238] АИНИ, фонд ТАО, к.XXXV/1, кут.1, ред.бр.96, (Писмо од начелника среза Скопског-команданту III армиске области), л.1.

[239] Александар Апостолов, Злетовска област, географско-историски осврт, Скопје, 1974, стр.501.

шума или во Бугарија побегнало целото машко население што подлегнало на мобилизација.[240]

Голем отпор кон мобилизацијата бил даден и од страна на локалното македонско население во Малешевијата. Повеќето луѓе кои подлегнувале на мобилизација, избегале преку граница во Бугарија т.е. Пиринска Македонија, во пограничните места: Горноџумајско, Св.Врачко(Сандански) и Петричко. Во 1920 година започнала редовна мобилизација, при што од цела Малешевија во пролетта 1920 година биле повикани 109 младинци, а доброволно се јавиле само 11. Останатите се криеле или емигрирале. Поради неодзивање на мобилизацијата, воените власти во септември 1920 година повикале на двомесечна воена вежба околу 2000 обврзници. Меѓу повиканите луѓе од Малешевско, кои што биле на возраст од 20 до 40 години, се пренел глас дека ќе бидат однесени на албанската граница, каде уште имало вооружени судири, по што повеќето побегнале во шумите, а други емигрирале.[241] Во однос на двомесечната воена вежба и самите воени власти констатирале дека таа не одела по замислениот план. Така надлежните воени органи се жалеле на слабиот одзив на воените обврзници повикани на вежба. Според нив сите мерки, казни и закани не воделе кон целта, бидејќи тие веќе станале вообичаени и обврзниците кон истите станале рамнодушни. Освен тоа, според воените власти, повикувањето на воена вежба во Македонија давало погоден материјал на разурнувачките елементи за успешна агитација против воспоставената власт и поредок во Македонија.[242] Големата воена вежба од септември 1920 година предизвикала интерес и кај раководните структури

---

[240] Димитар Галев, Белиот терор во југоисточна Македонија 1910-1941, том II, Штип, 1991, стр.66/67.

[241] Даринка Петреска, Општествено-политичката положба во Малешевијата од крајот на Првата светска војна до 1921 година „Историја”, год.XXVIII, бр.1-2, Скопје, 1992, стр.87.

[242] АМ, фонд ТАО(микрофилм 343), (Команда Вардарске дивизиске области пов.бр.7827-команданту III армиске области, 24 09 1920), стр.2.

на ВМРО на Тодор Александров. Началникот на Кривопаланечката околија со акт со пов.бр.379 соопштил дека на тромеѓето меѓу неговата и Кратовската и Кочанската околија се наоѓал „бугарскиот" комита Тодор Александров со четата. Тој со 4 свои четници бил во селото Конопница со цел организирање на месното население во месен комитет, а и ги наговарал селаните да бегаат од вежба.[243]

Под притисок на јавното мислење и протестите од страна на КПЈ и другите антирежимски сили, регрутацијата била прекината, а оние офицери и војници-резервисти кои веќе биле на воена вежба биле отпуштени. Во извештајот на Командата на III армиска област од 14 октомври 1920 година се велело дека биле ангажирани полициски органи за спроведување на регрутите на определените места. Во истиот извештај српските воени власти признале дека била исфорсирана мобилизацијата, дека имало пропусти, корупција, но дека пропаѓањето на истата било и поради расположението на народот против воената обврска и против државата, поради што многу регрути побегнале преку граница или побегнале во шумите и планините, каде се криеле или се оддале на пљачкање.[244]

При давањето отпор кон мобилизацијата работите не секогаш се решавале по мирен пат, така што понекогаш доаѓало до вооружени судири. Пролетта 1920 година при регрутирањето на Македонци во Малешевско за потребите на војската на Кралството, требало да бидат опфатени и регрути од селото Русиново, но тие одбиле да одат. Поради тоа била испратена војска во Русиново да ги уапси непослушните регрути, но таа била пречекана од вооружени млади луѓе, при што, според весникот „Македонија", дошло до вооружен судир во кој загинале 4 Срби-војници и

---

[243] Исто, (микрофилм 344), (Команда граничне трупе Пов.Ђ.бр.1501- команданту III армиске области, 24 09 1920), стр.1.

[244] Даринка Петреска, цит.дело, 88.

имало повеќе ранети. После овој настан српската војска изгорела неколку куќи во селото и интернирала неколку семејства во Србија.[245]

Освен отпорот кон воената обврска извештаите на воените власти на Кралството укажувале и на тоа дека македонскиот народ во Брегалничкиот округ имал надеж дека таквата состојба немало долго да се задржи и дека, наводно селаните, посебно во планинските села, се надевале дека во Македонија пак ќе се вратат Бугарите. Според Командата на Вардарската дивизиска област, селаните станале непослушни, недоверливи, целосно затворени и од нив според извештајот, не можело да се дознае ништо. Покрај тоа што на воениот позив се одзивале многу слабо, тие одбивале да избираат и кметови.[246]

Отпорот на македонскиот народ против режимот на Кралството на СХС во извесни случаи се пренесувал и во самите институции на режимот, доколку Македонци по националност имале пристап во нив. Таков е настанот во Штип, кој што имал предисторија неколку години наназад, уште за време на Првата светска војна. При повлекувањето на српската војска од Штип во 1915 година, биле оставени 120 болни и ранети српски војници, кои што биле фатени од бугарската војска и убиени на пат за Бугарија. По повторното воспоставување на српска власт во Штип во 1918 година, властите на новоформираното Кралство на СХС направиле истрага за овој настан, по што пред суд биле изведени 4 оптужени лица. Судиите Тодор Чепреганов(иќ) и Владо Пуздерлиев(иќ), кои што потекнувале од богати штипски трговски семејства, одбиле да ги потпишат пресудите и затоа подоцна и тие биле уапсени поради неизвршување на судска должност.[247]

---

245 В.„Македония", год.I, бр.35, 10 04 1920 „Въ Македония", стр.3.

246 АМ, фонд ТАО(микрофилм 343), (Команда Вардарске дивизиске области пов.бр.8461-команданту III армиске области, 11 10 1920), стр.1.

247 в.„Македония", год.II, бр.151, 19 06 1921 „Арестувани с?дии въ Щипъ", стр.2.

Посебно голем бил отпорот на македонскиот народ во Брегалничката област кон реквизицијата на добитокот за потребите на војската на Кралството. Министерството за војна во однос на прашањето за реквизиција во 1921 година испратило акт до Министерството за вера во кој се истакнало дека во септември и октомври се извршил попис на стоката за потребите на војската. Во актот се предупредувало дека претходната година дошло до инциденти поради, како што се истакнало, неизвестеноста на народот, а и поради непријателска пропаганда на некои антидржавни елементи. Понатаму во актот се истакнала потребата воените власти да го подготват народот пред започнување на пописот на стоката. Во овој акт се укажало и на потребата на народот правилно и соодветно да му се изврши обесштетување за одземениот добиток, а се напоменувало и тоа дека при одземањето на стоката немало да се врши жигосување, што претходната година предизвикало незадоволство кај луѓето. Во исто време се барало од министерот за војна да на подредените органи им издаде наредба, лицата што го спречувале пописот на стоката, да бидат фатени и предадени на најблиските полициски власти. На крајот од актот пак се нагласувала потребата правилно да му се објасни на народот целта на пописот на добитокот.[248]

Отпорот против органите на власта на Кралството во Брегалничката област зел толкави размери што во 1923 година бил на дневен ред и во самата Народна Скупштина. На седницата на 10 јули, пратеникот Мита Димитриевиќ по повод обраќањето на министерот за војна, го допрел проблемот за воените бегалци од Македонија. Тој ги повикал воените бегалци од Македонија слободно да се вратат дома, бидејќи ќе немало никаква кривична истрага против нив. Димитриевиќ сметал дека искажувањето на министерот за војна во Скупштината, било доволна гаранција и за родителите и за нивните деца-воени бегалци, дека ќе нема никакви негативни последици по нив. Затоа Димитриевиќ барал од

248 АМ, подрачно архивско оделение Штип, фонд: наместник на срез Царевоселски 1918-1923, кут.1, (Духовни суд Епархије Злетовско-Струмичке-наместнику Царевоселског среза, 28 09 1921), стр.1-2.

воениот министер да напише широка обзнана, која ќе придонесела за враќање на воените бегалци од соседните држави во Кралството на СХС.[249] Всушност ваквите настапи на високи раководни личности од власта имале за цел да го неутрализираат се поголемиот отпор на македонскиот народ кон органите на власта на Кралството.

Во својот страв од било каков отпор на македонскиот народ властите оделе до тој степен, што на 28 мај 1924 година во Штип од полицијата биле уапсени: Васил Гранков(иќ), Ставре Ставрев(иќ), Илија Данев(иќ), Тома Томков(иќ), Ладе Пингов(иќ) и Шуманов(иќ), сите работници, поради пеење на една револуционерна работничка песна, што ја пееле на првомајската манифестација. На сите овие работници им била изречена казна затвор од по два дена, а еден од овие работници бил поткажан на полицијата дека е член на „некоја тајна бугарска комитска организација."[250]

Легалниот отпор на македонскиот народ во Брегалничкиот округ (област), иако бил повеќе стихиен, имал и организирани форми, и во периодот од 1918 до 1924 година одиграл голема улога во одбраната на самобитноста на македонскиот народ. Посебно големи размери зел отпорот против мобилизацијата и военото обврзништво, како и отпорот против реквизицијата на добитокот, иако не помалку значајни биле и другите форми на отпор, кои сепак биле со помал обем. Пред се, првата форма на отпор, т.е. отпорот против воената обврска ги разбил илузиите кај белградскиот владеачки режим дека може да ги претвори Македонците во послушни „јужносрбијанци", бидејќи со самиот факт на одбивањето да служи во војската на Кралството, македонскиот народ јасно му ставил до знаење на официјален Белград, дека таа војска не ја чувствува како своја, туку како завојувачка и окупаторска. Кога на сето ова ќе се додадат и другите форми на отпор, кои имале антисрпски, антирежимски и

---

[249] Стенографске белешке Народне Скупштине Краљевине СХС, 1923, кн.II, Београд, 1923, XXVII редовни састанак, стр.1018/1019.

[250] В.„Радник-Делавец", бр.127, 15 06 1924 „Хапшење у Штипу", стр.1.

антидржавен карактер, се создава јасна слика за посебноста на македонскиот народ, така што сите обиди на големосрпскиот режим за негово потчинување и подјармување останувале неуспешни и неизбежно пропаѓале.

## 3.3 ВМРО во Брегалничкиот округ(област)

### *а) Обновување и организациска поставеност на ВМРО*

Состојбата во Вардарска Македонија под власта на Кралството на СХС била многу тешка во сите сфери на живеењето. Српската хегемонистичка власт преземала жестоки мерки за асимилација и денационализација на Македонија. Големиот број на затворени Македонци под обвинение дека работат за присоединување на Вардарска Македонија кон Бугарија, влошената економска и општествено-политичка ситуација, зголемениот број на колонисти во Брегалничкиот округ, нерешеното аграрно прашање и полуфеудалните односи што владееле во него, како и зачетоците на капиталистичкото индустриско производство, создавале незадоволна маса луѓе од владеачкиот режим во државата. Посебно тешка била положбата во Брегалничкиот округ, каде незадоволството на народот од српскиот режим било најголемо поради специфичната положба на округот. Апсењата и тортурите биле најизразени во овој округ, посебно во Штип и околината кого Србите го сметале за центар на „комитаџиството” во Македонија.

Овие околности создавале поволна почва во Источниот дел на Македонија и посебно во Брегалничкиот округ за појава и ширење на мрежата на ВМРО на Тодор Александров и Александар Протогеров, чија организациона база се наоѓала во Пиринска Македонија, која била под бугарска власт. Возобновената ВМРО на Александров и Протогеров, исфрлајќи го лозунгот за автономна Македонија и со зголемената пропагандна дејност успеала да привлече голем дел од македонската емиграција во Бугарија во своите редови. Комитските чети на ВМРО биле составени од млади и енергични луѓе, бегалци од Вардарска Македонија, кои задоени од фанатичен патриотизам биле готови да го дадат и својот

живот за слободата на Македонија. Според Славе Иванов, близок соработник и пријател на Александров, а потоа и негов противник, Тодор Александров со грамадни средства од странство и тајни фондови на царскиот дворец во Софија, создал силна организација во крајграничните околии во Источна Македонија, а исто така и во Пиринска Македонија, од каде што добивал многу пари како данок од производството на тутун. Затоа автономистите на Александров, ред години станале во Бугарија држава во држава.[251] Вака засилената и финансиски моќна ВМРО започнала со подготовки за создавање на комитски чети, кои требало да се уфрлуваат на територијата на Вардарска Македонија и да подготвуваат терен за борба против режимот на Кралството на СХС . Поради обвинувањата дека Бугарија ја помага ВМРО, а и заради пропагандно-политички цели, Тодор Александров којшто бил главен организатор на четите давал изјави во следниот дух: „Нашите чети се регрутирани целосно од внатрешноста на Македонија. Ние немаме добиено ниту една пушка од Бугарија и немаме регрутирано ниту еден човек во Бугарија. Ние ги имаме во изобилство сите потребни луѓе и оружје оставено при отстапувањето на армиите по Првата и Втората балканска војна. Ние сме сигурни во успехот и очекуваме само дипломатски момент на нашата борба."[252]

Раздвиженоста на ВМРО околу формирањето на комитски чети и нивното навлегување во Вардарска Македонија, а со тоа и во Брегалничкиот округ, го регистрирале и разни служби и органи на Кралството на СХС . Така според извештаите на разузнавачките служби на Кралството, комитските чети што се уфрлувале во Вардарска Македонија броеле од 20-30 луѓе на чие чело стоел војвода: за Скопскиот и Кумановскиот округ биле Крсто Коњушки и Величко Стојанов, за

---

[251] АМ, фонд РСВР, к-2, матр.бр.21, Извадоци од необјавените спомени(ракопис) на Станчев Иванов Славе, стр.55.

[252] Зоран Тодоровски, Дејствувањето на автономистичката ВМРО(1918-1924), (магистерски труд), Универзитет „Св.Кирил и Методиј", филозофски факултет-Скопје, 1989, стр.66.

Брегалничкиот Иван Брло, Панчо Михајлов и Стефан Пантелејски, за Тиквешкиот Георги В`ндев, за Битолскиот и Охридскиот Петар Чаулев, Ангел Василев и Стефан Хаџи Димко.[253] Од друга страна, според информациите на разузнавачката служба на кралската војска дејствувањето на ВМРО во Вардарска Македонија се концентрирало на т.н. Централна зона со седиште Ќустендил и Јужна зона, чиј простор бил помеѓу Џумаја, Мелник и Петрич. Во Централната зона главна база според разузнавачката служба бил просторот северно од Штип меѓу селата: Долно Трогирци, Становловци, Мечкуевци, Ранчица, Манастир, Кашлак, Патетино, Долно и Горно Ѓуѓанци, Орла, Неманци, Бориловци, Судик и Врсаково. Освен оваа база постоеле посебни организациони центри: Овчеполски, Скопски, Велешко-Штипски(Софилари, Драгоево, Добршани) и Радовишко-струмички. Јужната зона ги опфаќала Радовишка, Струмичка и Дојранска околија.[254] Големиот број на извештаи од разузнавачките служби на Кралството на СХС , пред јавноста во државата ја истакнувале растечката опасност по државата од зголемениот број на комитски чети што се групирале на границата помеѓу Кралството на СХС и Бугарија. Додека касата на ВМРО се пополнувала со значителни суми од злато и динари, таа се повеќе ја ширела својата организациона мрежа во Македонија под српска власт, и тоа најповеќе во Кочанско и Кратовско.[255]

За префрлување на четите во Вардарска Македонија, ВМРО воспоставила специјални канали на бугарско-српската граница, а на територијата на Македонија биле прифаќани од месното население. Според разузнавачки служби на Кралството на СХС еден од каналите за префрлување на комитските чети во Брегалничкиот округ бил следниот: четите поаѓале од Софија, поминувале преку Ќустендил, српско-бугарската граница ја поминувале преку планински предел и на територијата на Вардарска Македонија главниот пункт им се наоѓал во месноста „Влашки

---

[253] Исто, 65.

[254] Иван Катарџиев, Борба до победа, том II, Скопје, 1983, стр.221/222.

[255] АМ, фонд РСВР, матр.бр.18, Павел Шатев, стр.445.

колиби" и село Нежилово од каде преку свои водичи четите се упатувале кон селата во Кумановско и Св.Николско.[256] Поради планинската конфигурација на теренот и тешката проодност на истиот, комитските чети ги користеле овие можности и интензивно ја преминувале границата и навлегувале во внатрешноста на Вардарска Македонија. Така комитски чети преминувале од Ќустендил во Македонија преку селото Саса под планината Руен, Султан-тепе во Кратовскиот срез и селата Емирица, Којково и Лесково.[257]

Првите комитски навлегувања, иако не многу интензивни, имале за задача да го испитаат теренот и условите за дејствување во Брегалничкиот округ и тие се случиле во почетните месеци на 1919 година. Поголемо внимание ВМРО насочила кон нејзиното подготвување за вооружени напади, што таа ги планирала за подоцна. Групирањето и подготовката на четите се вршеле во пограничните бугарски градови, кои претставувале главни организациони пунктови на ВМРО, каде таа непречена од бугарските власти ги извршувала подготвителните дејности за вооружени напади на територијата на Кралството на СХС . Во Ќустендил се наоѓале поголем број комити, а тука бил и штипскиот војвода Иван Јанев-Брло. Комитите немале никаква работа и се издржувале со приватни работи.[258]

Според сознанијата на разузнавачките служби на Кралството, центарот на Македонската организација бил во Ќустендил, а наскоро ќе бил преместен во Цумаја. „Бугарските" војводи се наоѓале во близина на Софија и наскоро под водство на Александров и Протогеров требало да

---

256 АИНИ, фонд ТАО, к.XXXV/1, кут.1, ред.бр.19, (Кумановска окружна пуковска команда-команданту Вардарске дивизиске области, 17, 21 02 1919), л.1.

257 АМ, фонд ТАО, (микрофилм 341), (Началство округа Брегалничког пов.бр. 109-команданту Брегалничке дивизиске области), л.1-2.

258 АИНИ, фонд ТАО, к.XXXV/3, кут.3, ред.бр.364, (Писмо од команде вардарске дивизионе области-команданту III армиске области, 6 12 1919), л.1.

навлезат во Македонија. Тодор Александров имал на располагање голема сума пари, со кои на секој бегалец од Македонија му давал од 600-800 лева месечно.[259] Делегатот на Кралството на СХС во Софија дошол до сознанија, според кои секој од војводите што добил место или срез за дејствување во Брегалничкиот округ, имал седиште во Пиринскиот дел на Македонија: за Штип и Штипско бил назначен за војвода Иван Брло со седиште Ќустендил, за Кочани-Симон Димитров[260] со седиште во Ќустендил, Царево село Иван Поп Ефтимов со седиште Горна Џумаја и за Радовиш, Димитрие Хаџи Мишов.[261] Забрзаните подготовки на ВМРО за четничка активност во Вардарска Македонија, пред се во Брегалничкиот округ, и вознемиреноста на режимот на Кралството на СХС од тие дејности, и дале белег на 1919 и почетокот на 1920 година во пограничните делови на Кралството со Бугарија.

Во почетокот на 1920 година, ВМРО преку засилена пропагандна дејност ги истакнала своите барања во однос на Вардарска Македонија. Според доверливи податоци до кои дошло Кралството на СХС во Софија, ВМРО барала српската власт да дозволи создавање на македонска граматика, македонскиот јазик да биде главен во администрацијата, чиновниците во Вардарска Македонија да бидат Македонци, Македонија да биде рамноправна како Словенија и Хрватска и да се избираат македонски пратеници во Народната Скупштина. Ако Кралството не се согласело со тие барања се повикувало на постоење на силен револуционерен комитет во Бугарија кој тоа ќе го остварел со употреба на оружје.[262]

---

259 Исто, к.XXXV/4, кут.4, ред.бр.408, (Писмо од Министарство рата-команданту III армиске области, 16 01 1920), л.1.

260 Веројатно се мисли на кочанскиот војвода Симеон Георгиев-Кочански.

261 АИНИ, фонд ТАО, к.XXXV/1, кут.1, ред.бр.57, (Писмо од Министарство рата-команданту III армиске области, 22 03 1919), л.1.

262 Исто, к.XXXV/4, кут.4, ред.бр.411, (Писмо од Јована Бабунског-команданту III армиске области у Скопљу, 17, 21 01 1920), л.1-2.

Врв на активностите на ВМРО за почнување на вооружените комитски акции во Вардарска Македонија, и пред се во Брегалничкиот округ, било префрлувањето на Тодор Александров и неговите соработници, Славе Иванов, Симеон Кочански и Тодор Којковски на територијата на Македонија, извршено на 24 јуни 1920 година. Тодор Александров, од името на ЦК на ВМРО, упатил писмо до населението во кое изјавувал дека борбата за ослободување на Македонија продолжувала се до добивањето на автономен статус на „ трите делови на таа област сега поделена меѓу Србија, Грција и Бугарија."[263] За присуството на Александров во овој дел на Македонија и за воспоставувањето на организациона мрежа на ВМРО во Брегалничкиот округ, Павел Шатев истакнал: „ Тодор Александров како нелегален престојуваше највеќе во кочанските планини. Тој охрабрен што веќе успеал да прибере свои приврзаници, нелегални дејци(четници), отиде толку далеку што на сите сакаше да се претстави дека тој е семоќен и како одреден да дејствува во Македонија."[264] Наметнувањето на Александров како авторитет во македонското национално-ослободително движење во Брегалничкиот округ и пошироко во Македонија и сред македонската емиграција во Бугарија, се должело на дезорганизираноста и делумната неактивност на поголемиот број македонски дејци, кои неможеле да се снајдат во новонастанатите услови. Тој вакуум простор, кога поголемиот дел македонски револуционери барале нови начини и методи за продолжување на борбата за ослободување на Македонија, бил искористен од обновената ВМРО, која со финансиски средства од одредени воени кругови од Бугарија и Италија, успеала да се издигне како моќна организација и фактор во македонското национално-ослободително движење.

Појавата и дејствувањето на ВМРО во Брегалничкиот округ и во останатиот дел од Вардарска Македонија сериозно го загрижило режимот

---

263 Костадин Палешутски, Македонското освободително движение след Първата световна война (1918-1924), София, 1993, стр.109.

264 АМ, фонд РСВР, к-2, матр.бр.18, Павел Шатев, стр.454.

во Белград. Состојбите во Вардарска Македонија биле причина ова прашање се почесто да се поставува на дневен ред и во Народната Скупштина на Кралството на СХС . На 24 јули 1922 година пратеникот Јован Јовановиќ говорејќи во Скупштината во однос на состојбата во Македонија, го истакнал фактот дека на нејзината територија постојат туѓи револуционерни организации и покрај воспоставената власт на Кралството на СХС . Јовановиќ посочил дека народот во „ Јужна Србија "ги примал, хранел и заштитувал. Народот, според него, бил под целосно влијание на оваа организација која „непрекинато во глава на народот во Јужна Србија му ја внесува, идејата за автономија на Македонија "...[265] Во однос на ВМРО тој вели: „ Овие организации се прикажуваат таму, посебно бугарската организација, многу посилни отколку што е нашата организирана државна власт. "[266] За тоа дека ВМРО, како организација, без разлика на начините и методите се наметнала врз народот, посебно во Брегалничкиот округ, зборувале и податоците добиени од месните органи на власта на Кралството. Во извештајот на еден полициски водник до Штипската полициска станица тој изнесол податоци според кои Јордан Пуздерлиев(иќ)-трговец од Штип, имал дадено на „бугарскиот "комитет 100 лири во злато како помош за ослободувањето на Македонија. Глигор Аџикимов(иќ) од штипско Ново село дал 80 лири во злато, Ване Тасков од Штип 50 лири, Ристо Лесков(иќ) од Штип 40 лири и Ило Чифуто 50 лири.[267]

Присуството на комитски чети во Брегалничкиот округ не останало незабележано и во повеќето весници во Кралството на СХС . Според весникот „Време" најголема причина што власта немала успех во борбата со комитите била добрата организациска поставеност на комитската

---

[265] Стенографске белешке Народне Скупштине Краљевине СХС, 1921/22, кн.V, Београд 1922, 105 редовни састанак, стр.763.

[266] Исто.

[267] Завод музеј-историско оделение Штип, фонд Брегалничка област, папка бр.7, (Команда III жандармериске бригаде, Пов.Ј.Б.бр.1789-комесару за Јужну Србију, 26 08 1922), стр.1.

организација, големиот број на јатаци и силната разузнавачка служба што ја имале комитите. Тие имале најмногу јатаци во зоните на комитските канали. Водичи им биле најчесто луѓе од месното население, кои или биле земани со сила или биле членови на Организацијата. Комитите се одморале во шума и имале распоредени стражари, така што било тешко да се изненадат.[268] При преноќување, комитските чети оделе само во села каде имале свои луѓе, а преноќевале и во манастири. Неколку пати комитски чети престојувале во манастирот Св.Пантелеј во Кочанскиот срез, но секогаш се извлекувале пред да дојде жандармериска патрола. Но најчесто четите престојувале во планините, во внатрешноста на шумите, обезбедени од силни стражи, каде и ако биле некогаш наоѓани од потери, лесно можеле да побегнат.[269]

Во 1923 година интензитетот на навлегување на чети во Брегалничката област бил најголем, а тоа се случувало во услови кога ВМРО имала најсилна организациска поставеност и кога во својата организациона шема ги опфатила и поголемиот број на села во округот. Тоа всушност бил и еден од најважните предуслови за успешното дејствување на комитските чети. На 11 октомври 1923 година, во своето излагање пред Народната Скупштина за состојбите во Македонија, министерот за внатрешни работи на Кралството на СХС , Милорад Вујичиќ, ја истакнал опасноста од постоењето и дејствувањето на „македонските организации." Министерот Вујичиќ во понатамошниот настап меѓу другото додал: „Македонската организација ја беше извела организацијата до совршенство. Секое село со тероризирање било присилено да стапи во организацијата. Секое село имаше исто така раководител, имаше милиција, сите села беа поделени на војводи, се

---

[268] в.„Време", год.III, бр.384, 14 01 1923 „Комитски јатаци и путовоЂе", стр.3.

[269] Исто, год.III, бр.384, 14 01 1923 „Комитски биваци", стр.3.

даваше данок во пари, во натура, во облека, па дури народот е присилен да прими оружје. "[270]

Во организациски поглед, во почетокот на 1924 година, напорите на ВМРО биле насочени кон собирање на оружје, облека, муниција и парични средства, со цел започнување напролет на четничка активност од поголеми размери во Вардарска Македонија и особено во Брегалничката област, каде ВМРО имала изградено најраширена организациона мрежа. Подготовките на ВМРО за нов офанзивен настап во Кралството на СХС претежно се извршувале во Пиринска Македонија под бугарска власт. Таму речиси целата власт била во рацете на ВМРО. Месните чиновници верувале дека Пиринскиот дел од Македонија ќе влезе во состав на идната независна Македонија, како што дознавало Министерството за надворешни работи на Кралството на СХС . Според истото, воените лица и власти и членовите на офицерската лига во Бугарија со душа и срце биле оддадени на, како што се вели „македонската работа ".[271] Министерството за надворешни работи на Кралството исто така дознало дека во Пиринска Македонија се формирале 40 чети со околу 10 000 луѓе, кои требало да ги заземат Петрич, Џумаја и Мелник со што би предизвикале привиден судир со бугарската војска. Потоа бугарските војници би преминувале на страна на комитските чети и тие заедно требало да ја нападнат Вардарска Македонија. Со помош на македонскиот народ во овој дел од Македонија би се предизвикале немири, атентати и влегување на војските на големите сили со што би се остварила македонската автономија.[272] Во насока на тоа дека подготовките на ВМРО за комитски акции во Брегалничката област и во цела Вардарска Македонија биле подржувани од официјалната бугарска

---

[270] Стенографске белешке...цит., стр.1727.

[271] АИНИ, фонд Посланство у Лондону, к.XXXVII/17, ред.бр.164, (Писмо од Министарство спољних послова-Краљевском посланству у Лондону, 25 01 1924), л.1.

[272] Зоран Тодоровски, Дејствувањето на автономистичката ВМРО...цит., 85/86.

власт, оделе и информациите од истото Министерство дека во Ќустендил имало 1000 Македонци под оружје, меѓу кои и војводите Панчо Михајлов и Иван Брло. Тие имале ново оружје и комитска облека. Сите жандарми во градот биле заменети со Македонци, а лицата што влегувале во градот строго се прегледувале.[273] Од друга страна во Петрич дошле 600 комити-пешаци, 50 коњаници, 2 топа артилерија и 4 митралези. На 11 април 1924 година, Тодор Александров во Петрич донел 5 000 000 лева, 3000 пушки, 75 машински пушки, кои ги разделил на комитите. При тоа Александров одржал силен говор против Кралството на СХС и зборувал за претстојниот напад врз Кралството.[274]

Податоците што разните воени, полициски и разузнавачки служби на Кралството на СХС ги прикажувале за организациската, воената и пропагандна поставеност на ВМРО, имале за цел пред јавноста да ја посочат опасноста од дејствувањето на оваа организација во Вардарска Македонија и посебно во Брегалничкиот округ(област), како граничен дел со Бугарија, каде и најмногу се чувствувало присуството на ВМРО. Режимот на Кралството на СХС постојано пред европската јавност укажувал на тоа дека ВМРО како организација била орудие во рацете на Бугарија за остварување на нејзините завојувачки стремежи кон Вардарскиот дел на Македонија. Тоа воедно му служело како изговор на големосрпскиот хегемонизам, не само за пресметка со ВМРО, туку и со сите прогресивни елементи меѓу македонскиот народ во Вардарска Македонија. Како и да е, во тие тешки денови за македонското национално-ослободително движење, во сите делови на поделена Македонија, дури и претставниците на македонската левица, кои не се согласувале со брзиот подем и местото на ВМРО на Тодор Александров во национално-ослободителната борба на македонскиот народ, истакнувале:

---

[273] АИНИ, фонд Посланство у Лондону, к.XXXVII/16, ред.бр.109, (Извештај од Министарства спољних послова-Краљевском посланству у Лондону, 11 03 1924), л.1.

[274] Исто, ред.бр.150, (Извештај Министарства иностраних дела-Краљевском посланству у Лондону, 21 04 1924), л.1.

„...денес за денес, автономистите[275], макар и фалшиви во својата идејна основа, тие претставуваат една моќна македонска организација, да не кажам единствена, која што е способна за сериозни акции и која што пред целиот свет се смета, како раководителка на македонското внатрешно население. “[276]

## *б) Вооружената четничка и пропагандна дејност на ВМРО*

Почетоците на комитските навлегувања на теренот на Брегалничкиот округ датираат во почетокот на 1919 година. Во почетокот на март 1919 година во Ќустендил во Бугарија започнало собирање на некои комитски војводи, меѓу кои биле и штипскиот војвода Иван Јанев-Брло и кочанскиот војвода Симеон Георгиев. Во Ќустендил исто така се подготвувала чета која требало да премине во Вардарска Македонија во периодот меѓу 10 и 15 март.[277] Присуството на комитски чети во Брегалничкиот округ го забележало и Министерството за војна на Кралството на СХС , кое со писмо му јавило на командантот на III армиска област дека „војводата Иван Брло често оди во Штип... “[278] Војводата Брло бил забележан и во околината на Радовиш со чета во бројност од 12 луѓе, заедно со војводата Ангел Бондичев од Велес, кој од ВМРО бил одреден за Тиквешкиот округ.[279] Штипскиот војвода Иван Брло поради разбојништвата и пљачкањата што ги вршел пред се врз богати Власи во

---

[275] Се мисли на ВМРО на Тодор Александров и Александар Протоѓеров.

[276] АМ, фонд 1941, (микрофилм 4264), оп.1, АЕ 5, (Писма од Кочо Петров, В. Христов и Никола Размов до Владислав Ковачев), л.18.

[277] АИНИ, фонд ТАО, к.XXXV/1, кут.1, ред.бр.34, (Началство округа Брегалничког-команданту Брегалничке дивизиске области, 4 03 1919), л.1.

[278] Исто, ред.бр.44, (Писмо од Министарства војне-команданту III армиске области, 14 03 1919), л.1.

[279] Исто, ред.бр.50, (Писмо од Министарства војне-команданту III армиске области, 17 03 1919), л.1.

Брегалничкиот округ, бил осуден на смрт од ЦК на ВМРО. Меѓутоа тој го положил оружјето и побарал да го одведат кај Александров. Меѓу другото Иван Брло се бранел со зборовите: „Но јас немам друг занает. Комита од дете, од овчарче. Комита сум, ниту можам да шијам, ниту можам да плетам, ниту можам да пишувам-неписмен сум, требаше да живеам понатаму. “[280]Брло се каел поради пљачкањата што ги вршел заедно со Григор Циклев, како што велел, во името на Тодор Александров. Тој бил амнестиран од ЦК на ВМРО и пак бил поставен за штипски окружен војвода, а за докажување на верноста морал да го убие министерот во земјоделската влада на Стамболиски, Александар Димитров, што и го сторил во октомври 1921 година.[281]

Со цел забрзување на подготовките за вооружени судири на четите на ВМРО со органите на власта на Кралството, Александров и самиот решил да замине во Македонија. Во месец април 1919 година, Тодор Александров и Славе Иванов со уште 4 курири тргнале преку Ќустендил-Ѓувешево, ја минале границата и пристигнале на територијата на Кралството на СХС , кај селото Станци, Кривопаланечко.[282] Ноќта меѓу 13 и 14 мај 1919 година се случил и еден од првите судири меѓу комитска чета и војската на Кралството на СХС . Вооруженото судирање се одиграло кај селото Радичево, на границата меѓу Кралството и Бугарија при што „бугарска “ чета од 10-12 четници имала вооружена пресметка со пограничните органи на Кралството на СХС . Комитите биле одбиени, а бил убиен војводата Атанас Стојанов од село Дукатино, Радовишко.[283] Во

280 АМ, фонд 1933, кут.1, (Спомени за Тодор Александров од Владимир Манев), стр.9.

281 Исто, 9/10.

282 АМ, фонд РСВР, к-2, матр.бр.20, (Извод од изјавата на Станчев Иванов Славе, 15 11 1949), стр.3.

283 АИНИ, фонд ТАО, к.XXXV/1, кут.1, ред.бр.125, (Начелник среза Радовишког-команданту Брегалничке дивизиске области, 14, 15, 16 05 1919), л.1.

мај 1919 година, војводата Иван Брло со своите четници се наоѓал во близина на селото Долни Балван, во околината на Штип. Органите на власта на Кралството ги покренале своите служби за уништување на војводата Брло „бидејќи тој е најдрскиот бугарски комита, а најголем наш злосторник во Македонија. "[284]

Во текот на 1920 година префрлувањата на комитски чети и нивните вооружени акции во Брегалничкиот округ биле позачестени. Делегатот на Кралството на СХС во Софија, Докиќ, известил дека преку Ќустендил 10 и преку Петрич 20 комити ќе поминеле во Вардарска Македонија со цел убивање на сите српски четници и војводи кои се наоѓале во околината на Штип, Кочани, Кратово и Царево село(Делчево).[285] Исто така од Бугарија почнало префрлање на четници и млади луѓе-пропагандисти со задача да го обезбедат доаѓањето на поголеми чети и да ги подготват каналите за илегална работа. За Брегалничкиот округ бил задолжен војводата Иван Брло со 10-12 четници.[286] При преминувањето на границата, комитите често се судирале со пограничните органи на Кралството. На 4 мај 1920 година војници граничари од 12-та чета од караулата „Кадица" забележале комитска чета од 10-12 луѓе. Притоа настанала престрелка во која еден комита загинал, а другите побегнале преку границата.[287]

Во средината на 1920 година, најмногу комитски чети имало во околината на Штип и Кочани, каде се забележувало постојаното присуство на штипскиот војвода Иван Јанев-Брло. Во еден извештај од месната полициска управа во Штип од месец мај 1920 година, се наведувало дека во

---

[284] Исто, ред.бр.128, (Министарство војне-команданту III армиске области, 18 05 1919), л.1.

[285] Исто, к.XXXV/4, кут.4, ред.бр.440, (Телеграма делегата из Софије Докиќа-команданту III армиске области, 5 03 1920), л.1.

[286] Исто, ред.бр.470, (Писмо од Министарство војно и морнарице-команданту III армиске области, 22 04 1920), л.1.

[287] Завод музеј-историско оделение Штип, фонд ТАО, папка бр.2, (Шифра из Штипа-господину министру унутрашњих дела, 6 05 1920), л.1.

околината на Штип влегле комитските чети на војводите Симеон Георгиев-Кочански и Иван Брло и се барало од летечкиот одред на Јован Бабунски да им отиде на помош на српските жандарми, бидејќи од него „комитите имаат страв. “[288]Во август 1920 година, војводата Брло со својата чета се наоѓал во Овчеполскиот срез, но се вратил во Ќустендил за да донесе повеќе луѓе за комитска акција против режимот на Кралството. Месните органи на власта, поради постојаното присуство на чети во Штипско, барале засилување со уште еден батаљон војска, со што би се спречиле комитските акции.[289] Во август 1920 година, во Брегалничкиот округ, околу Штип и Кочани престојувал и Тодор Александров, чија што цел била да се организира четничка акција во Македонија под српска власт, како и да го организира македонското население на претстојните избори во Парламентот на Кралството да избере претставници кои ќе се борат за Македонија како автономна област во Кралството на СХС .[290] Во текот на 1920 година, Тодор Александров уште еднаш престојувал во Брегалничкиот округ и тоа во месец ноември, кога заедно со 5-6 четници се наоѓал во едно село близу Кочани.[291] Присуството на комитски чети на теренот на Брегалничкиот округ во текот на 1920 година, се заокружило со навлегувањето на 8 „бугарски” чети од Бугарија на територијата на Кралството на СХС . Водачите на овие чети, по бројност од 5-10 луѓе, биле стари комитски војводи и тие со себе пренеле револуционерни книги и терористички брошури. Овие книги биле разнесувани од нивни пријатели и

---

288 АМ, фонд МВР на Кралството на СХС, кут.1, л.11/4.

289 АИНИ, фонд ТАО, к.XXXV/5, кут.5, ред.бр.506, (Писмо Началства Брегалничког округа-команданту III армиске области, 9, 11 08 1920), л.1.

290 Исто, ред.бр.509, (Телеграм од Министарство војно-команданту III армиске области, команданту граничне трупе-Скопље, 12 08 1920), л.1.

291 Исто, ред.бр.567, (Писмо од начелника среза Кочанског-команданту места Кочане, 29 11 1920), л.1.

стари организациони работници и преку „комунистичките водачи.“Ваквите чети биле присутни во Малешевско, Радовишко и Кочанско.[292]

Пролетта и летото 1921 година, присуството на комитски чети на теренот на Брегалничката област се забележувало поради зачестените престрелки меѓу нив и војската и полицијата на Кралството на СХС , при што неретко имало и човечки жртви. На 6 април 1921 година, во вечерните часови, бил убиен Јован Прелевиќ од Берово во неговата колиба на 7 км. од границата. Откако му биле одземени паричните средства во износ од 300 лева, непознатите сторители побегнале во Бугарија.[293] Во текот на јули и август 1921година комитски чети се појавиле во Штипско, Кочанско и Радовишко. На 31 јули 1921 година, 15 „бугарски” комити се појавиле на патот Радовиш-Штип и кај месноста „Бучински поток” наишле на еден Србин, кој го истепале и опљачкале, а потоа се упатиле кон село Почивало за да се пресметаат со селаните што биле на српска страна. Комитите, според весникот „Политика”, биле облечени во бугарска војничка униформа, а оружјето им било од бугарските воени магацини. Против нив биле испратени жандарми и летечки одреди.[294] Во Радовишкиот срез се појавила уште една комитска чета во бугарска војничка униформа и со бугарски пушки, пишувала „Политика”. Кај местото „Ломнија” комитите ги фатиле Дестан Али и Никола Стрчевиќ, ги тепале и ги воделе со себе од место до место. Али успеал да побегне и на полицијата да и го посочи правецот во кој отишла комитската чета.[295] Исто така, началникот на срезот кочански со депеша јавил дека на 27 август, ноќта околу 10 часот била нападната жандармериската станица во Лисец од околу 50 луѓе, при

---

[292] АМ, фонд ТАО, (микрофилм 344), (Жандармеријска бригада Пов.бр.6060-команданту III армиске области), л.1.

[293] Завод музеј, историско оделение Штип, фонд Брегалничка област, папка бр.3, (Депеша из Штипа, 8 04 1921), стр.1.

[294] в.„Политика”, год.XVII, бр.4767, 2 08 1921 „Упад бугарских чета”, стр.1.

[295] Исто, бр.4772, 7 08 1921 „Бугарске комите”, стр.3.

што тие ја опљачкале станицата и ја однеле муницијата. Во нападот бил ранет еден жандарм, а по напаѓачите била испратена потера.[296]

Во 1922 година, вооружените судири помеѓу комитските чети на ВМРО од една страна, и војската, полицијата и т.н. летечки одреди на Кралството на СХС , од друга страна, на теренот на Брегалничката област добиле димензии на фронтална војна. Во месец февруари 1922 година во селото Арбасанци (Св.Николско) дошло до судир меѓу четата на војводата Брло, составена од 15-16 души и околу 500 души потера, составена од Срби и Турци. Весникот „Илинден" јавил дека имало 7 убиени и 14 ранети од српска страна, а од четата на Иван Брло 4 лесно ранети и еден заробен. На врвот Ѓуриште (Св.Николско) на 27 февруари 1922 година се судрила скопската комитска чета на Величко Вељанов во состав од 12 луѓе, со српска потера составена од 400 луѓе, при што биле убиени 3 Срби и деветмина Турци, а од комитската чета имало еден лесно ранет. Вооружените судири продолжиле на 4 март 1922 година во село Спанчево (Кочанско), каде соединетите чети: штипска на Иван Брло, кочанска на Панчо Михајлов и кратовска на Мите Опилски, во бројност од 34 комити, се судриле со српска потера од околу 600 души. Биле убиени 3 Срби и неколку ранети, а од здружените комитски чети имало еден лесно ранет.[297]

Жестокоста на вооружените судири меѓу комитските чети и силите на режимот на Кралството на СХС , го натерале Министерството за внатрешни работи како мерка да ги зголеми паричните награди за фаќање или убивање на одредени комитски војводи. За оној којшто ќе го фател, убиел или помогнел во убиството на штипскиот војвода Иван Брло, се предвидувала парична награда од 50 000 српски динари, додека за оној кој ќе го сторел истото со кумановскиот војвода Лазар Велков од село Дивле,

---

[296] Завод музеј, историско оделение Штип, фонд Брегалничка област, папка бр.3, (Шифра из Штипа, Министарство унутрашњих дела, Београд), стр.1.

[297] в.„Илинден", год.II, бр.15, 15 04 1922 „Сражение на чети в Македония", стр.2.

му се нуделе 30 000 динари.[298] И покрај овие делумни мерки на органите на власта на Кралството, комитските напади толку се засилиле што, како што информирал „Време", а тоа го пренесол и весникот „Илинден", една комитска чета во јули 1922 година, во ноќни услови се обидела да изврши напад врз касарната во Штип. Четата била забележана од војничката стража во касарната, при што дошло до пукање од обете страни. Комитите неколку пати се обиделе да влезат во касарната, но по неуспешните обиди ги прекинале нападите и се повлекле. Судирот поминал без загуби и од двете страни.[299] На 18 август 1922 година редовната патрола од станицата Горни Балван во бројност од 3 жандарми, околу 17 часот на патот помеѓу селата Чардаклија и Сарчиево(Штипско), забележала комитска чета од 12 луѓе. Дошло до борба која траела половина час. Големото невреме што почнало ја прекинало борбата. После еден час дошле жандарми од село Ерџелија и заедно со останатите го пребарувале теренот во потрага по комитската чета.[300]

По овие борби настанало извесно затишје, кое траело до декември 1922 година, кога судирите меѓу двете страни повторно се разгореле. На 10 декември дошло до вооружен судир кај селото Станиевци, Св.Николско, меѓу дел од штипската чета во бројност 12 луѓе и српска потера од 20-30 луѓе, при што биле убиени 6 потерџии, а од четата еден бил полесно ранет. Покрај веќе уценетата глава на војводата Брло, по оваа битка режимот во Белград распишал награда за фаќање или убивање на Тодор Александров во износ од 100 000 динари.[301] Во 1922 година кога на територијата на

---

298 Исто, бр.27, 9 07 1922 „Революционни акции", стр.1.

299 Исто, бр.28, 16 07 1922 „Нападение на казармите въ Щип", стр.2.

300 Завод музеј, историско оделение Штип, фонд Брегалничка област, папка бр.4, (Команда III жандармериске бригаде Ј.Б. Бр.4071-комесару за Јужну Србију), стр.1.

301 АМ, збирка: Револуционерно минато на македонскиот народ, фонд Поединечни документи ВМРО, к-1/3, (ИзвЂстия бр.2 на Централния Комитетъ на ВМРО), стр.4.

Вардарска Македонија се разгорувале борбите помеѓу четите на ВМРО и вооружените формации на Кралството на СХС , во тие случувања се вклучувале и разни безбедносни и други служби на одделни европски држави, кои со свои доверливи податоци ја помагале едната или другата страна. Според строго доверлива информација од британскиот „Скотланд јард " предочена на органите на власта на Кралството на СХС „Бугарско-Македонскиот "комитет го препорачал човекот наречен Марјан Калифаски како погоден човек да го убие српскиот крал Александар на денот на неговата венчавка. На извесниот Калифаски за таа цел му било речено да контактира со „српските комунисти. "[302]За судбината на овој потфат на ВМРО нема достапни изворни податоци, кои би ја поткрепиле оваа информација на „Скотланд јард". Последен вооружен судир во 1922 година се случил на 30 декември, кога една жандармериска патрола од Царево село (Делчево) требала да спроведе заробен комита во Штип. Во долината на реката Брегалница, кај местото „Црн камен "биле нападнати од комитска чета од заседа, со цел да го ослободат нивниот заробен другар. По неуспешниот напад, комитите се повлекле без загуби, а жандармите имале еден ранет.[303]

Во почетокот на 1923 година имало речиси секојдневни преминувања на комитски чети од Бугарија на територијата на Брегалничката област, а со тоа почести биле нивните судири со жандармериските и воените сили на Кралството. Цел на комитските напади биле и личности и семејства кои соработувале или биле блиски со српскиот режим, а во текот на 1923 година четите на ВМРО започнале со позасилени напади и врз колонистичките населби што ги имало во голем број во Брегалничката област. Во почетокот на јануари 1923 година, комитска чета влегла во село Семник во Царевоселскиот срез, каде ја нападнала куќата на Вангел

---

302 АИНИ, фонд Посланство у Лондону, к.XXXVII/15, ред.бр.8, (Телеграм од Посланства у Лондону-Министарству спољних послова у Београду, 4 06 1922), л.2.

303 в.„Време", год.III, бр.377, 5 01 1923 „Напад на патролу", стр.1.

Анастасов(иќ). Комитите со фрлање бомба во неговата куќа ја раниле неговата жена, а при обидот на домаќинот да побара помош од селаните, бил убиен и тој, и покрај предупредувањата на комитите да застане.[304] Во почетокот на јануари, комити успеале да навлезат во самиот град Штип, да ги изведат надвор од градот градскиот пољак и кмет, при што пољакот го убиле, а кметот бил поведен со нив.[305] На првиот ден на Божиќ, една комитска чета ја нападнала жандармериската станица во село Драмче во Царевоселскиот срез, при што нивниот напад бил одбиен. Весникот „Време " сметал дека овие напади биле веројатно дело на војводата Панче Михајлов-Чавдар.[306]

Ноќта помеѓу 16 и 17 јануари 1923 година се случил еден од најкрвавите напади на четите на ВМРО врз српска колонистичка населба не само во Брегалничката област, туку и пошироко во Вардарска Македонија. Здружените комитски чети на војводите Брло, Дивљански и Топалов во бројност од 30-тина луѓе влегле во село Кадрифаково и ги нападнале првите куќи на ова колонистичко село. Според „Политика " колонистите дале силен отпор, но и покрај тоа од четите на ВМРО биле убиени 26 колонисти, 15 биле ранети, изгореле 5 куќи и биле уништени многу глави добиток. Според Министерството за внатрешни работи на Кралството пак, биле убиени 15 колонисти, 6 ранети, а имало жртви и на страна на комитите. Министерството по овој настан ја уценило главата на Тодор Александров од 100 на 250 000 динари.[307] По завршувањето на нападот комитите оставиле писмо од Александров до колонистите и до претставниците на власта на Кралството. Во писмото со заканувачки тон се предупредувале српските колонисти да не доаѓаат да се населуваат во Македонија, бидејќи сите нив ќе ги снајдела истата судбина што ја

---

[304] в.„Политика", год.XIX, бр.5282, 5 01 1923 „Нов комитски упад", стр.2.

[305] в.„Време", год.III, бр.384, 14 01 1923 „Нова најезда комита", стр.3.

[306] Исто, 3.

[307] В.„Политика", год.XIX, бр.5294, 19 01 1923 „Крвава ноЋ у Кадрифалку", стр.3.

доживеале Србите во Кадрифаково.[308] Крвавите настани во ова Св.Николско село предизвикале во Штип да дојде командантот на целокупната жандармерија на Кралството и шеф на државната безбедност, Жика Лазиќ. Цел на неговата посета била зацврстување на безбедноста во Брегалничката област и заштита на границите од комитските чети, а во таа насока било и поставувањето на Добрица Матковиќ за нов велик жупан и неговото доаѓање во Македонија.[309]

Поради ваквите настани дошло до влошување на односите меѓу Кралството на СХС и Бугарија, бидејќи владата на Кралството сметала дека официјалната бугарска власт го толерирала постоењето на комитските чети на нејзината територија и дека ги помагала четите, што пак владата на Стамболиски од своја страна го негирала. Како и да е, навлегувањата на комитските чети во Брегалничката област не биле запрени, за што сведочеле многубројните престрелки меѓу четите и жандармеријата и војската на Кралството. Во јануари 1923 година, една жандармериска патрола крстарејќи во околината на Берово влегла во куќата на еден Арнаутин. По пречекорувањето на прагот низ отворот на таванот припукале пушки, при што еден жандарм бил смртно погоден. Комитската чета заедно со јатакот успеала да побегне преку граница.[310] На 26 јануари околу 5 часот попладне, комитска чета навлегла во Малешевскиот срез и се упатила кон село Обозне. Меѓутоа селаните и жандармите биле известени за нивното доаѓање, така што им поставиле заседа пред селото. По двочасовна борба комитите се повлекле во правец на Бугарија. Во борбата загинал еден жандарм, двајца селани биле ранети, а на страна на комитската чета имало 8 ранети. Според „Политика " намерата на комитите била да го казнат селото, поради тоа што не сакало

---

[308] Костадин Палешутски, Вътрешната Македонска Революцинна Организация 1918-1924, Благоевград, 1983, стр.28.

[309] Исто.

[310] В.„Време", год.III, бр.397, 27 01 1923 „Заседа у куЋи", стр.1.

да им јатакува.[311] На 27 јануари 1923 година една жандармериска патрола тргнала за село Неманиќ, Овчеполско, поради сомнение дека некои од селаните биле комитски јатаци. Кога патролата дошла пред куќата на Гаврило Зотовиќ била дочекана со стрелба од страна на комитска чета. Притоа бил смртно ранет жандармот Иса Чижњак. Комитите ја напуштиле куќата и еден дел од потерата тргнал по нив. Јатаците биле фатени и предадени на властите.[312]

Напади на комитски чети во почетокот на 1923 година имало и против српските колонисти во деловите на Брегалничката област што граничеле со Бугарија. На 10 февруари 1923 година, според „Време ", комитска чета во состав од 20-25 луѓе ја нападнала куќата на колонистот Иванко Богојевиќ во село Ветрено во Царевоселскиот срез. Комитите ја опколиле неговата куќа, успеале да влезат во неа, при што ја убиле 55 годишната Иванка Веселиновиќ и двете деца на Иванко Богојевиќ. Селаните и жандармеријата отвориле оган на четата, по што таа избегала преку границата.[313] Некои од комитските напади имале за цел изнудување на пари, каков што бил случајот со Ѓорѓи Тренчев(иќ) од село Двориште, Беровско. Тој и неговиот син биле врзани од страна на комитите и им биле барани пари. Откако не успеале да добијат пари, таткото и синот биле убиени од комитите, кои ја опљачкале покуќнината и побегнале преку границата.[314]

За големите судири на комитски чети со жандармеријата и војската на Кралството на СХС во месец март 1923 година, известувале поопширно весниците „Време " и „Политика ", а делумно и списанијата и весниците на македонската емиграција во Бугарија. Во официјалните документи, преписки, извештаи, телеграми и писма на органите на власта на Кралството, поголемиот дел од овие вооружени судири не се споменуваат.

---

311 в.„Политика", год.XIX, бр.5303, 28 01 1923 „Нови комитски упад", стр.5.

312 в.„Време", год.III, бр.398, 28 01 1923 „Потера наилази на заседе", стр.1.

313 Исто, бр.412, 11 02 1923 „Погибија колониста", стр.1.

314 Исто, 16 02 1923, 1.

Така според „Време “ во началството на Брегалничката област дошол извештај дека во село Танатарци, кое е оддалечено 20 км. од Штип, имало „бугарска “ комитска чета од 50 добро вооружени луѓе. Била испратена српска патрола од 10-тина луѓе, која не се вратила, со што началството заклучило дека во селото имало силна комитска чета. Во селото Танатарци потоа била испратена засилена жандармерија, која наишла на вкрстен оган од пушки од сите куќи на селото. По извесно време комитите и селаните започнале да ги напуштаат куќите и да се повлекуваат кон бугарската граница. Во борбата, според весникот „Време “ од српска страна загинале 1 подофицер, а биле ранети 2 војника. Непознати биле загубите на комитската страна. Во напуштеното село не била пронајдена ни трага од првата војничка патрола што била испратена.[315] Според понатамошните извештаи на „Време “ за борбата во селото Танатарци се дознавало дека во селото влегле три комитски чети под команда на извесниот „бугарски “ војвода Луканачки. Во борбите загинал полицискиот писар Перовиќ, а загинале уште 8 војници, кои биле испратени на помош на жандармеријата. Покрај телото на полицискиот писар било најдено писмо, напишано, како што се велело, од рака на учен човек, во кое се заканувало дека така ќе поминел секој што го пљачкал народот. Жителите на село Танатарци и селото Љуботен побегнале на планината Плачковица.[316]

Борбите во Штипско продолжиле на 6 март 1923 година. Еден батаљон пешадија од војската на Кралството бил испратен од Штип да гони комитски чети во реонот на реката Крива Лакавица. При тоа во селото Лесковица, кое се наоѓа 20-тина км. од Штип, батаљонот наишол на комитска чета од 50 луѓе. Две чети пешадија со митралези и машински пушки го опколиле селото и го нападнале, а и комитите возвратиле. Војската со бомби го нападнала селото по што дошло до повлекување на комитите. До битка дошло и на реката Лакавица, каде според „Време “

---

[315] Исто, 2 03 1923, 1.

[316] Исто, 3 03 1923, 1.

комитската чета била разбиена, а комитските загуби биле од 7-8 луѓе и 30 комитски јатаци од месното население.[317]

По овие борби со променлив успех на двете страни и со обострани жртви, настанало извесно затишје. Тоа се должело на преговорите меѓу Кралството на СХС и Бугарија што се воделе во Ниш во март 1923 година и според кои Бугарија се обврзала да вложи напори да ги спречи комитските напади од нејзината територија врз Кралството и да ја растури организационата мрежа на ВМРО на територијата на Пиринска Македонија. Во овие новонастанати услови кога ВМРО во Бугарија се нашла во еден вид полуилегална состојба, таа своето внимание го насочила кон непријателски расположената влада на Стамболиски спрема ВМРО, и привремено се откажала од комитските напади во Брегалничката област и воопшто Вардарска Македонија. Обидите на Александар Стамболиски и неговата земјоделска влада да се пресмета со ВМРО на Тодор Александров се движеле до тој степен, што покрај директните вербални и вооружени судири и меѓусебни закани, Стамболиски изјавил: „Сите комитаџии во Бугарија ќе ги натоварам и ќе ги испратам со коњски транспортни вагони во Скопје или Солун, кои каде сакаат. Таму во Македонија со месното население да водат борба, каква што сакаат, а не во Софија. “[318] Ваквите состојби во Бугарија биле потврдени и од еден заробен комита во борба помеѓу војската на Кралството на СХС и комитска чета кај Џами-тепе на планината Огражден, во мај 1923 година. Заробениот комита на сослушувањето во Берово изјавил дека неговата чета преминала на територијата на Кралството, поради тоа што ја гонел еден батаљон бугарска пешадија. Четата имала борба со трупите на Стамболиски, но морала да се повлече бидејќи била бројно послаба. Комитата, според „Политика “, изјавил дека пред неколку дена, близу до бугарското село Добри Лаке, дошло до судир помеѓу 3 комитски чети и еден бугарски

---

[317] Исто, 7 03 1923, 1.

[318] Христо Настев, Изводи од записките ми за освободителната борба от миналото ни в Македония, 1950, стр.49.

пешадиски полк во која што борба комитите го десеткувале бугарскиот полк, при што биле убиени повеќе офицери. Четата на заробениот комита од страв од последици ја поминала границата. Според „Политика " изјавата на комитата била потврдена од експлозиите и стрелбите од пушки што доаѓале од околните бугарски села во близина на границата, а од големите огнови се заклучувало дека бугарската војска ги палела селата-упоришта на комитите.[319]

Сепак и покрај тоа што ВМРО привремено ја изгубила сигурноста во Пиринска Македонија, како главна организациона база, нејзините чети повремено пак преминувале во Вардарска Македонија на теренот на Брегалничката област и се судирале со српската војска и жандармерија. Владина финансиска патрола на Кралството на 15 мај 1923 година во близина на Царево село налетала на една комитска чета, која гонета од трупите на Стамболиски се префрлила на територијата на Вардарска Македонија. Комитите убиле еден наредник и еден финансиски стражар. На помош на патролата дошол еден летечки одред и вооружени селани, кои што успеале да ги одбијат комитите преку граница. Истата ноќ, според „Политика "во пограничниот реон со Бугарија имало престрелки меѓу српските погранични органи и комитски чети.[320]

Во мај 1923 година режимот и владеачките кругови на Кралството на СХС , охрабрени од се послабиот интензитет на комитски напади во Брегалничката област, започнале преку весниците блиски до нив, да истакнуваат податоци за успешната борба против комитските чети на ВМРО. Во Царевоселскиот срез, според „Политика", во едно село на ограноците на околните планини, била откриена целокупната архива на комитскиот војвода Панчо Михајлов-Чавдар. Таа архива содржела важни податоци кои требало да го забрзаат откривањето на мрежата на ВМРО во тој крај. „Политика " истакнала дека селаните започнале да го предаваат

---

[319] в.„Политика", год.XIX, бр.5408, 15 05 1923 „Што прича заробљени комита", стр.3.

[320] Исто, бр.5409, 16 05 1923 „Мучки напад код Царевог села", стр.3.

оружјето на властите, а кое претходно го добивале од комитите.[321] За време на прегледувањето на архивата на војводата Панчо Михајлов биле најдени и неколку документи во кои „се гледа дека помеѓу македонствујушчите и некои хрватски офицери и војници, кои служат во овој крај, постои извесна врска во поглед на прикривање на комити и ширење на пропаганда за автономија на Македонија. “[322] Ваквите односи помеѓу Македонците и војниците и офицерите од хрватска националност на теренот на Вардарска Македонија биле продолжение на блиската соработка меѓу Тодор Александров, како водач на ВМРО и Стјепан Радиќ, кој како лидер на Хрватската републиканска селанска странка(ХРСС) се залагал за децентрализација на Кралството на СХС и во склопот на тоа за поголема автономија и на македонскиот народ во рамките на Кралството.

По превратот во Бугарија што бил извршен на 9 јуни 1923 година кога на место на владата на БЗНС на Александар Стамболиски дошле крупно-граѓанските партии со претседател на владата, Александар Цанков, положбата на ВМРО во Бугарија се изменила. Поради учество на четите на ВМРО во 9-то јунскиот преврат, како и поради наклонетоста што одредени воени кругови во новата бугарска власт ја имале кон ВМРО на Александров, дошло до повторно организационо зацврстување на оваа организација во Пиринска Македонија и воопшто во Бугарија. Во јуни 1923 година на состанокот на луѓе од ЦК на ВМРО и генерал Лазаров, кој бил претставник на владата, било решено да се запре привремено праќањето на чети во Источна Македонија и тие да се испраќале во Западна Македонија. Генералот Лазаров им ветил на луѓето од Комитетот кредит од буџетот на државата.[323]

И покрај ваквите сознанија до кои дошле разузнавачките служби на Кралството на СХС , комитските вооружени акции во Брегалничката

---

[321] Исто, 19 05 1923, 4.

[322] Исто, 25 06 1923, 1.

[323] АИНИ, фонд Посланство у Лондону, к.XXXVII/15, ред.бр.54, (Телеграм Нинчића-Посланству у Лондону), л.1-2.

област, продолжиле во месец јули. На 29 јули 1923 година, во ноќните часови комитите го нападнале Берово. Тие фрлиле бомба во куќата на Јован Поповиќ, а потоа ја испрскале со газје и ја запалиле. После кратката престрелка со жандармеријата, комитите побегнале при што оставиле 3 бомби и неколку пушки. Жандармите жив го фатиле комитата Владимир Барбарев(иќ).[324] На 2 септември, војводата Шабан со 40 комити дошол во селото Мародвиште, Кочански срез и го опколил. Комитите ја нападнале и разоружале селската стража. Од оџата во селото тие барале 6 000 динари, но тој со бегство се спасил. По напуштањето на селото, комитите зеле со себе тројца Турци, кои што ги убиле. Потоа била испратена потера по нив.[325]

За ситуацијата предизвикана од судирите на комитските чети со жандармеријата и војската на Кралството во Брегалничката област, пишувале и весниците на бројната македонска емиграција во Бугарија. Според „Пирин “, кој се повикувал на скопскиот весник „Слобода “, во Овчеполско, во почетокот на ноември 1923 година успеала да влезе силна комитска чета, која дошла во судир со локалната жандармерија кај селото Неманци, при што загинале старешината на караулата и еден стражар.[326] Според истиот весник повикувајќи се на белградскиот весник „Време “ од 30 октомври 1923 година, во Штип била спречена трагедија од поголеми размери. Пред работилниците на Ефрем Кимов, браќата Чучкови, браќата Бочвареви и Ване Трајков, комитите поставиле цела редица тенекии со барут. Во моментот кога биле запалени фитилите, полицијата случајно наишла и ја спречила експлозијата. Комитите исчезнале, а трговците исплашени од нови комитски акции ја повлекле стоката од безистенот.

---

324 В.„Време”, год.III, бр.577, 30 07 1923 „Напад на Берово”, стр.1.

325 Исто, 3 09 1923, 3.

326 В.„Пиринъ”, год.I, бр.4, 4 11 1923 „Революционни кипежи въ Овчо поле”, стр.2.

Сите овие дуќанџии биле членови на т.н. Здружение за борба против „бугарските " бандити.[327]

На 29 октомври во село Јастреб, Кочанско влегол војводата Ефтим. Српската жандармерија незабележано го опколила селото, така што четниците изненадени од нападот се дале во бегство. Во нападот смртно бил ранет војводата Ефтим, а биле заробени и убиени и неколку комити. Кај убиениот војвода биле пронајдени 6 000 лева и голема архива од ВМРО.[328] Набргу по овој настан, кон крајот на ноември во близината на село Оризари, Кочанско бил застрелан српскиот мајор Радован Шаранковиќ од страна на војводата Шабан Облешевски, кој го чекал во заседа. Се сметало дека тоа убиство било извршено како одмазда за смртта и убиството на војводата Ефтим, бидејќи врз телото на мајорот била оставена белешка со текст: „Не убивајте ги нашите војводи и ние не ќе убиваме ваши чиновници. " На крајот од текстот стоел потписот на војводата Шабан Облешевски.[329] Војводата Шабан со својата чета бил активен во реонот помеѓу Штип и Кочани. На 27 ноември 1923 година, штипскиот војвода Иван Брло и војводата Шабан со 50-60 комити влегле во селото Уларци, Штипско при што дошло до судир со селската патрола и жандармите, во кој биле ранети двајца селани. Војводата Брло сакал да се освети, бидејќи селото Уларци било во служба на српскиот режим.[330]

Комитски напади кон крајот на 1923 година имало и во Радовишко. Четата на војводата Самарџиев повлекувајќи се пред потерните оделенија се скрила во Смрдешката шума во Радовишкиот срез. Дошло до борба меѓу четата и едно потерно оделение, при што загинале двајца потерџии, а од

---

[327] Исто, бр.5, 11 11 1923 „Опитъ за атентатъ въ Щипъ", стр.2.

[328] Исто, 25 11 1923, 3.

[329] Исто, 2 12 1923, 2.

[330] АИНИ, фонд Посланство у Лондону, к.XXXVII/15, ред.бр.76, (Писмо од Министарства спољних послова-посланику у Лондону, 5 12 1923), л.2.

комитите имало ранети.[331] До вооружен судир дошло и помеѓу оделение од 7 жандарми и 50-тина комити кај село Соколарци, Кочанско, во кој загинале двајца жандарми и 4 комити. Комитската чета исто така запалила 6 куќи во селото Спанчево, Кочанско.[332] За истиот настан „Пирин " парафразирајќи го скопскиот весник „Слобода " од 3 декември 1923 година, истакнал дека дошло до борба на четата на војводата Брло со жандармерија кај селата Спанчево и Соколарци. По доаѓањето на жандармериско засилување, четниците се повлекле кон Султан-Тепе. Комитите имале повеќе ранети и мртви, додека жандармеријата двајца убиени и еден ранет.[333]

Крајот на 1923 година во меѓусебните вооружени пресметки на двете спротивставени страни, донел и еден убиен ученик-средношколец. Според извештајот на началникот на Кочанскиот срез на 27 ноември 1923 година загинал Методија Шеретовиќ, ученик во V клас во штипската гимназија, син на Коста Шеретовиќ, земјоделец од село Зрновци, Кочанско. Методија бил избоден со ножеви од комитите, а бил убиен и неговиот татко.[334] Кон крајот на 1923 година, според „Пирин ", излегла на површина голема афера во Кочанско. По убиството на војводата Ефтим била запленета организациската архива и затоа се забележувал страв кај граѓаните во Кочани. Како резултат на тоа уште истата вечер по убиството на војводата, властите ги уапсиле: Лазар Петрушев, Тодор Варадинов, Коце Пендов, Сандо Ефремов, Тодор Нишанџиски и Тодор Наков. Во куќите на уапсените биле најдени нови комитски шапки, бугарски календари со ликот на цар Борис и портрети на македонски револуционери. Врз основа на овие откритија се утврдило дека војводата Ефтим бил одговорен за Кочанската

---

331 в.„Време", год.III, бр.704, 4 12 1923 „Огорчена борба с комитама у смрдешким шумама", стр.6.

332 Исто.

333 В.„Пиринъ", год.I, бр.10, 16 12 1923 „Нови подвизи на Бърльо", стр.2.

334 АМ, фонд Министерство за просвета на Кралство Југославија(1919-1941), кут.1, (Штип), (Гимназија Штип-господину министру просвете), стр.1.

и дел од Кратовската околија и дека им заповедувал на селските организации да приготвуваат храна за комитските чети.[335]

Во почетокот на 1924 година, присуството на комитски чети било забележливо во сите срезови на Брегалничката област. Нивните вооружени напади врз села блиски до српскиот режим, поединци кои соработувале со српската власт, врз вооружени формации на Кралството, продолжувале со силен интензитет и во текот на зимските месеци. На 15 јануари 1924 година четата на војводата Лазар Клонков извршила напад врз Кучичино, село во близина на планината Плачковица. Селаните ноќта забележале сенки од луѓе околу селото при што била зголемена селската стража. По едночасовна битка меѓу комитите и вооружените селани во служба на Кралството, комитската чета се повлекла, бидејќи на помош на селаните од Кучичино им дошле селани од Карбинци.[336]

По речиси двомесечен прекин, борбите на комитските чети на ВМРО со силите на режимот на Кралството продолжиле во март 1924 година. На 7 март, во борбата кај село Нежилово(Кратовско) и село Псаче, загинале 6 комити, двајца биле ранети, а двајца биле живи фатени. Од страна на српскиот режим имало еден загинат и еден ранет. Комитската чета во оваа битка броела од 15-20 луѓе.[337] Во март 1924 година, разните служби на Кралството на СХС и весниците јавувале за голема концентрација на комитски чети во близина на Берово, во реонот на границата со Бугарија. На 21 март, утрото, комитски чети во состав од околу 100 луѓе ја нападнале граничната караула кај местото Србица во Малешевскиот срез. Комитите се повлекле по еден час борба. Истото утро во 7 часот, комитските чети повторно се обиделе да влезат во

---

[335] в.„Пиринъ", год.II, бр.13, 6 01 1924 „ГолѢма афера въ Кочанско", стр.2.

[336] в.„Време", год.IV, бр.749, 20 01 1924 „Сељаци се боре са комитама", стр.3.

[337] АИНИ, фонд Посланство у Лондону, кXXXVII/16, ред.бр.118, (Извештај Министарства спољних послова-краљевском посланству у Лондону, 15-17 03 1924), л.2.

Малешевскиот срез, но се судриле со граничната чета при што се повлекле во Бугарија, оставајќи двајца убиени луѓе.[338] „Време " исто така јавило дека на 23 март 1924 година комитска чета се обидела да го нападне Берово. Кога четата се приближила на стотина метри од градот, била забележана од стражарското оделение, кое отворило оган на комитите. По кратка престрелка, комитите отстапиле. Во текот на ноќта тие пак се обиделе да нападнат, при што главна точка им била касарната. Комитите отвориле оган врз касарната, а од северната страна пукале врз градот. Војската повторно успеала да го одбие комитскиот напад.[339] За нападот на Берово слични податоци имало и Министерството за надворешни работи на Кралството на СХС . Според него, на 23 март комитите со голема сила нападнале на Берово од три страни. Во градот имало мала посада војска и жандармерија, кои што им дале силен отпор на комитите и по извесно време без жртви на двете страни, комитите се повлекле.[340] Кон крајот на март 1924 година, кај месноста Петлец во близина на село Русиново, Беровско, дошло до судир меѓу комитска чета од 15 луѓе со потера од режимот на Кралството, при што бил убиен еден жандарм, а за загубите на комитите не се знаело. По битката комитите се повлекле во правец на планината Огражден.[341]

Еден од последните обиди на ВМРО за офанзивно дејствување со комитски чети во Брегалничката област, додека на нејзино чело се наоѓал Тодор Александров, бил во летото 1924 година. За таа цел во околината на Ќустендил се наоѓал војводата Иван Јанев-Брло со 150 четници, кои се

---

[338] в.„Време", год.IV, бр.812, 22 03 1924 „Борба граничне чете са комитама", стр.4.

[339] Исто, бр.814, 24 03 1924 „Бандити поново покушавају напад на Берово", стр.3.

[340] АИНИ, фонд Посланство у Лондону, к.XXXVII/16, ред.бр.132, (Писмо од Министарства спољних послова-краљевском посланству, 26 03 1924), л.1.

[341] Исто, ред.бр.137, (Писмо од Министарства спољних послова-краљевском посланству у Лондону, 29 03 1924), л.1.

подготвувале за премин во Вардарска Македонија. Комитите во групи со помош на бугарските гранични единици, требало да преминат во Брегалничката област. Две групи во бројност од 50 луѓе преминале во Кратовскиот и Овчеполскиот срез. Една група била спречена од војската на Кралството на СХС и се вратила во Бугарија. Комитска чета требало да оди на планината Плачковица и тоа во бројност од 50 луѓе, а една чета од 30 луѓе во село Саково. Сите овие чети имале за задача да ги убиваат режимските луѓе и да ги уништуваат српските крстаречки оделенија.[342]

Во јули 1924 година, голема група од комитски чети навлегла во Вардарска Македонија. Тие биле предводени од војводите Панче Михајлов, Пане Жигански, Мите Церски и Шабан Облешевски, а во Македонија се префрлиле преку планината Саса. Комитите се задржале во месноста Касирски колиби, а од таму отишле во селото Пониква, Кочанско. Според „Време “, војводата Михајлов се обидувал да воспостави комитска организација, што селаните одбивале да направат. По трага на комитските чети тргнале контрачетниците Мите Соколарски, Мино Станков(иќ) и еден жандармериски поручник со 80 контрачетници и 120 вооружени селани. Во близина на селото Пониква дошло до судир, при што комитите го пробиле обрачот и тргнале во правец на бугарската граница. Во борбата загинал војводата Мите Церски.[343] По битката кај селото Пониква, комитските чети се поделиле на две групи: едната со Пане Жигански отишла во правец на месноста Црна Скала, а другата со Панче Михајлов кон Калиманско поле. Овде на 22 јули 1924 година дошло до вооружен судир на четата на Михајлов со српската жандармерија. Во борбата комитската чета, служејќи се со бомби, ги одбивала нападите на жандармите. Во 7 часот утрината комитите го пробиле обрачот, носејќи го тешкоранетиот војвода Панче Михајлов. Од српска страна биле најдени 4

---

[342] Исто, к.XXXVII/17, ред.бр.241, (Извештај од Министарства спољних послова-краљевском посланству у Лондону, 19 07 1924), л.1.

[343] в.„Време”, год.IV, бр.926, 19 07 1924 „Панча Михајлов са комитским четама упао је на нашу територију”, стр.1.

мртви комити и еден жив, а биле пронајдени пушката, двогледот и пелерината на војводата, како и голема архива од ВМРО.[344]

Со овие офанзивни вооружени напади во летото 1924 година, бил ставен крај на поголемите комитски акции на ВМРО во Брегалничката област, во Вардарска Македонија и воопшто во сите делови на Македонија. Главна причина за прекинувањето на комитските напади било убиството на водачот на ВМРО, Тодор Александров, кое се случило на 31 август 1924 година. По неговата смрт како најсериозен кандидат за лидерското место во ВМРО се наметнал младиот и амбициозен Иван Михаилов, кои што наметнал нови форми и методи на борба, различни од неговиот претходник.

Комитските акции на ВМРО во Брегалничкиот округ(област) во периодот од 1918 до 1924 година претставувале важен настан во македонското националноослободително движење. Иако меѓународната ситуација не одговарала на вакви методи на борба, присуството на комитските чети во Брегалничкиот округ(област) и нивната прифатеност од поголемиот дел од македонскиот народ, го покажувале незадоволството од нововоспоставениот режим на државата Кралство на СХС, која се покажала како угнетувач на поробениот Македонец во Вардарска Македонија. И покрај извесното влијание на кругови од Бугарија врз водечките структури на ВМРО, обичните членови и припадниците на комитските чети биле луѓе коишто се носеле со идеалот за обединета и независна македонска држава. Издигнатата парола за автономна Македонија им дала поттик на многумина Македонци да се вклучат во комитските чети и да се борат против големосрпскиот режим во Вардарска Македонија. Присуството на чети на теренот на Брегалничкиот округ(област) видно го вознемирило режимот во Белград, коишто интензивно испраќал полициски и воени формации за борба против комитите во Вардарска Македонија. Вооружените судири меѓу силите на режимот на Кралството и комитските чети го претвориле Брегалничкиот

---

344 В.„Независима Македония”, год.II, бр.70, 9 08 1924 „Кървавата борба въ Македония”, стр.2.

округ во вистинско воено жариште, кое постојано се заканувало да се прошири и да предизвика воен судир меѓу Кралството на СХС и Бугарија, бидејќи властите во Белград постојано ја обвинувале официјална Софија дека ги помага четите на ВМРО. Ваквата состојба меѓу војна и мир траела до убиството на Александров, кога бил напуштен четничкиот метод на борба на ВМРО и кога од страна на новиот водач на ВМРО, Иван Михаилов, започнале да се применуваат терористички методи на борба, што од своја страна создавале нова ситуација во Брегалничката област и во цела Вардарска Македонија.

# ЗАКЛУЧОК

По завршувањето на Првата светска војна на Версајската мировна конференција бил верификуван Букурешкиот мировен договор од 1913 година со што Македонија останала поделена меѓу трите балкански држави Бугарија, Грција и Србија, која влегла во состав на новата држава Кралство на СХС. Вардарскиот дел на Македонија се нашол во рамките на новоформираното Кралство, што во суштина значело дека се наоѓал под српска власт, бидејќи Србија имала доминантна улога во државата и затоа што истата сметала дека овој дел на Македонија е составен дел од неа. Состојбата во Вардарска Македонија по војната на економски, општествено-политички и културен план била катастрофална. Земјоделството, сточарството, занаетчиството и трговијата од кои што македонскиот народ ги задоволувал своите основни егзистенцијални потреби биле речиси целосно уништени како резултат на долгогодишните воени операции што се воделе на територијата на Вардарска Македонија. Аграрните односи кои што се наоѓале на исти степен од периодот на Отоманската империја со многубројни феудални примеси, уште во почетокот создавале огромно незадоволство на македонскиот народ кон власта. Исто така и безбедноста на Вардарска Македонија во рамките на Кралството на СХС била постојано загрозувана, од исток од комитските чети на ВМРО, а од запад од нападите на албанските качачки банди. Режимот на Кралството на СХС не се чувствувал безбеден ниту во внатрешноста на Вардарска Македонија, каде неговата власт била загрозена од народното незадоволство поради нерешеното аграрно прашање и од работничкото движење кое се наоѓало во својот зародиш.

Во вакви услови се наоѓал и Брегалничкиот округ како административна целина, кој од 1921 година со новата територијална распределба се преименувал во Брегалничка област. Округот опфаќал поголем дел од Источна Македонија и поради тоа, а и од самиот факт што

граничел со Бугарија, тој заземал посебно геостратегиско место во плановите на белградскиот режим за владеење со Вардарска Македонија.

Режимот на Кралството на СХС за да ја зачува и зацврсти својата власт во Брегалничкиот округ(област) почнал да презема цела низа на мерки за асимилација и денационализација на македонскиот народ во овој дел на Македонија. Како најпогодна мерка за постигнување на овие цели, според белградските власти, претставувал образовниот систем. Во таквите планови за претопување на македонскиот народ и вградувањето на српско национално чувство кај истиот, голема улога одиграла штипската гимназија, која добивала огромна материјална и финансиска помош од големосрпските владеачки кругови. Во гимназијата која опфаќала поголем број ученици, образовните програми и планови биле поставени на српска шовинистичка основа, а учителскиот кадар, кој во почетокот бил составен и од повеќе професори Руси и Чеси по националност, подоцна броел само наставници и професори по националност Срби. Таквите перфидни денационализаторски планови биле потпомагани и од разни здруженија, кои што биле формирани во гимназијата и под чија божемна културно-просветна улога се криела српската антимакедонска просветна политика. На овие безобѕирни обиди за однародување на македонскиот народ во Брегалничкиот округ во периодот 1918-1924 година, се приклучила и српската православна црква, која што се осудила да допре таму каде што немал смелост да го стори тоа и суровиот Османлија-духовниот живот на Македонецот. Злетовско-Струмичката епархија под чија јурисдикција се наоѓал Брегалничкиот округ, покрај веќе постоечките сменети презимиња кои завршувале на „иќ", наредила на новородените македонски деца да им се даваат српски имиња. Ваквите денационализаторски и асимилаторски мерки на режимот, колку и да имале штетни последици врз македонскиот народ, не ги постигнале своите цели, поради што големосрпскиот режим барал нови патишта за зацврстување на својата власт во округот.

Колонистичката политика на владата на Кралството претставувала нов обид за зацврстување на нејзината власт во Брегалничкиот округ(област). Колонизацијата на округот, чиј најголем интензитет бил во периодот меѓу 1919-1924 година, имала за цел да го промени македонскиот

етнички белег на истиот и преку доселување пред се на српски колонисти да го претвори овој регион во „мирно“ подрачје, кое ќе биде послушно и ќе ги извршува наредбите на властите во Белград. Преку колонизацијата во Брегалничкиот округ биле донесувани разни чиновници, бивши српски четници, воени ветерани од Првата светска војна, а во голем број случаи и сиромашни селани по националност Срби од Унгарија, Војводина, Лика и други краишта на државата. Во плановите за колонизација на округот предимство добиле реоните на Штип и Штипско и Овчеполието, бидејќи режимот ги сметал нив за стратешки важни точки, иако во однос на населувањето на колонисти не биле поштедени и другите делови во округот. При населувањето на колонистите тие од страна на властите добивале најразлични привилегии, а се со цел да се создаде интерес кај нив за останување во овие краишта. Српските колонисти во новите колонистички населби ширум округот добивале бесплатен градежен материјал за изградба на куќи, биле ослободувани од давачките кон државата и располагале со најдобрите пасишта за својот добиток и најплодната земја за обработка, а сето тоа на штета на македонскиот селанец. Ваквите состојби создавале незадоволство од колонистичката политика кај домашното македонско население, кое се изразувало најпрвин како недоверба кон српските колонисти, а потоа и како отворен отпор кон нивното населување. Српската политика на колонизација на Брегалничкиот округ(област) и покрај нејзините големи напори, претрпела неуспех. Тоа се должело пред се на неможноста на српските колонисти да се приспособат на суровите климатски услови во оваа област поради што голем број од нив се вратиле во своите родни краишта, како и поради комитските напади на колонистичките населби, што создавале чувство на страв кај нив за својата безбедност.

На обидите за воспоставување на режимот на Кралството на СХС во Брегалничкиот округ, македонскиот народ не гледал со некои големи симпатии. Уште на самиот почеток, а потоа и со текот на времето Македонците во округот ја увиделе негаторската компонента што новата држава ја имала во однос на македонското прашање, поради што се почесто се оформувале најразлични облици на отпор кон

нововоспоставениот режим. Режимот на Кралството на СХС бил изненаден од големиот отпор на македонскиот народ во Брегалничкиот округ(област). Чувствувајќи дека неговата власт во округот лесно може да биде разнишана, истиот почнал да презема сериозни мерки за задушување на тој отпор и зацврстување на својата власт. Локалните органи на власта односно Началството на Брегалничкиот округ, уште во првите години на српската власт во овој регион, барало под итно да биде зголемен бројот на жандармериските полициски сили, поради опасноста од загрозување на безбедноста на округот. Постојаното навлегување на комитските чети во округот ги принудило властите симболичниот број на полициски сили постојано да го зголемува, така што во еден момент ова подрачје станало место со најголема концентрација на жандармерија во Кралството, според бројот на жителите. Исто така надлежните локални власти до соодветните министерства испраќале извештаи во кои ја истакнувале лошата состојба на жандармеријата во овие краишта. Според извештаите полициските сили во округот биле недисциплинирани, што се должело на тоа што земале мали плати и биле слабо исхранети и облечени. Со зголемувањето на нивниот број и покрај ваквата нивна состојба, тие започнале да преземаат мерки за засилување на безбедноста во округот и пред се во пограничните места со Бугарија, од каде и навлегувале комитските чети на ВМРО. Во сите погранични села дошло до засилување на жандармериските постави со поголем број полициски сили, а на селаните им се забранувало било какво оддалечување од селата без претходна полициска дозвола, со што се сакало да се спречи секаква соработка на месното население со комитските чети. Засилената српска жандармерија често доаѓала во судир со комитските чети, при што имало жртви и кај едната и кај другата страна.

Поради лошата безбедносна состојба во Брегалничкиот округ, режимот на Кралството започнал да разместува и поголеми воени единици во овој дел од државата. Воените формации од типот на пешадиски дивизиони, но и специјални единици за планинско војување, засилени со коњанички одреди, биле распоредени во поголемите градски центри на округот, но и на линиите каде разузнавачките служби ја посочувале комитската опасност. Главната воена формација, која што била задолжена

за одбрана на округот бил 23-от пешадиски полк, кој во зависност од потребите постојано се засилувал со нови воени единици. Во пресметката со комитските чети од страна на вооружените воени формации на Кралството, според извештаите, биле користени тешки митралези, топови со калибар од 37мм., а се употребувале и бомбашки оделенија, што покажува колку сериозно белградскиот режим ја сфаќал безбедносната состојба во Брегалничкиот округ. Во периодот 1918-1924 година се случиле голем број на судири помеѓу воените единици на Кралството на СХС и комитските чети на ВМРО, со наизменичен успех на двете страни.

Откако властите на Кралството увиделе дека неможат да го скршат отпорот на македонскиот народ со помош на регуларните вооружени формации, започнале да создаваат најразлични одреди, чети и здруженија на кои им дале најшироки овластувања за секаков вид на дејствување против појавата на сите форми на отпор во округот. Летечкиот одред на Јован Бабунски во тој поглед ги надминал дури и очекувањата на белградскиот режим, од чиишто суровости во едногодишниот период на неговото постоење, пропиштеле реоните на Штипско, Кочанско, Кратовско и други делови на округот. Пред силниот притисок на јавноста, дури и суровиот големосрпски режим морал да го распушти одредот на Бабунски, иако и по неговата смрт имало неколку неуспешни обиди за создавање на летечки одреди на теренот на Брегалничкиот округ.

Во борбата против разните форми на отпор на македонскиот народ, големосрпската власт се обидела да ја искористи длабоката поделба што постоела во редовите на македонското националноослободително движење. Така на една страна се наоѓала МФРО, која била создадена од една група стари македонски дејци, дел од МЕФО и една група незадоволни од ВМРО, а на другата страна била Тодоралександровата ВМРО со дел од македонските братства во Бугарија. По неуспешниот обид на МФРО да создаде база за дејствување на федералистички вооружени чети во Вардарска Македонија и по уништувањето на нејзините организациони пунктови во Бугарија од страна на ВМРО, дел од нејзините федералистички војводи пребегнале во Штип и се ставиле во служба на српската власт, како контрачетници. Од тој момент започнале вооружени

судири меѓу овие контрачетници, инаку поранешни другари и соборци на Тодор Александров, и комитските чети на ВМРО, кои што судири поминале со многу пролеана македонска крв и со меѓусебна физичка ликвидација на македонските револуционери, што одело во полза на соседните балкански држави на кои им одговарало распаѓањето на организираното македонско национално ослободително движење, поради нивните завојувачки аспирации кон Македонија. Во 1923 година како раководен орган на контрачетите, големосрпската власт го создала т.н. Здружение за борба против „бугарските " бандити со седиште во Штип, коешто имало за цел не само канализирање на борбата за уништување на комитските чети, туку и да му припише српски национален белег на македонскиот народ во Брегалничката област. Сепак и ова Здружение не ги исполнило целосно поставените антимакедонски задачи, поради што со текот на времето било расформирано како непотребно од страна на режимот на Кралството.

Една од првите поголеми можности за искажување на народното незадоволство кон новото ропство биле општинските и изборите за пратеници во Конституантата што се одржале во август и ноември 1920 година. Режимските партии, Радикална и Демократска, кои имале целосно негаторски став кон постоењето на било какво македонско прашање, целосно уверени во својот успех на претстојните избори, во почетокот не обрнувале големо внимание на се поголемата популарност на КПЈ меѓу народните маси во Брегалничкиот округ. Таа популарност на КПЈ не се должела на некаков правилен став кон македонското прашање, туку поради фактот што во своите настапи Партијата барем споменувала постоење на такво прашање. Сепак на општинските избори во август 1920 година, делумно поради неподготвеноста на КПЈ и објавувањето на бојкот на изборите во поголемиот број изборни единици, победиле режимските партии, со исклучок на некои мали општини во Малешевијата каде победила КПЈ и покрај прогласениот бојкот. Во периодот пред парламентарните ноемвриски избори на теренот на Брегалничкиот округ се активирала и ВМРО на Тодор Александров, која агитирала меѓу населението да гласа за претставниците на Комунистичката партија, со

надеж дека тие во Народната Скупштина на Кралството ќе се борат за федерализација на државата со што и Вардарска Македонија требало да добие поголем степен на самоуправа. На парламентарните избори во ноември 1920 година, во Брегалничкиот округ целосна победа однеле кандидатите на КПЈ, бидејќи од трите пратеници што ги давал округот, двајца биле од листата на Партијата, со што до полн израз дошло антирежимското расположение на македонскиот народ. На изборите за Народната Скупштина пак, во март 1923 година и покрај постоечкото противрежимско расположение, НРПЈ, под која се криела забранетата КПЈ, поради поништувањето на нејзината листа, но и поради слабата организациска поставеност во округот, неможела да постигне некаков успех, при што победа однеле кандидатските листи на режимските партии, пред се на Радикалите.

Македонскиот народ во Брегалничкиот округ(област) своето незадоволство од ропската положба во рамките на Кралството на СХС го изразувал и преку разни други форми на отпор: бојкот на регрутацијата, неодзивање на мобилизација, неодзивање на воена вежба, бегство во шумите или во Бугарија, отпор против реквизицијата на добитокот за потребите на војската и други видови на отпор. Најголем отпор сепак бил даден на обидите за насилна регрутација и мобилизација, кога се случувало речиси цели села да не се јават на мобилизациониот повик и да побегнат по околните шуми и планини. Ист бил и случајот кога машкото македонско население било повикувано на воена вежба, по што редовно следувало масовно бојкотирање на истата. Тоа се случувало од едноставна причина што македонскиот народ во округот имал доволно искуство од многубројните војски што за краток временски период поминале низ овој дел на Македонија и затоа што војската на Кралството не ја чувствувале како своја, но како окупаторска и поробувачка.

Преку горенаведените форми на отпор, кои што најчесто биле стихијни и неорганизирани, македонскиот народ не можел да постигне некој поголем успех во борбата против големосрпските власти. Затоа кај народните маси во Брегалничкиот округ се повеќе созревала идејата за вооружено спротивставување на белградскиот режим. Токму поради

тешката состојба предизвикана од српското владеење, возобновената ВМРО нашла погодна почва за дејствување во округот. Вооруженото дејствување на комитските чети на ВМРО претставува отпор на македонскиот народ против режимот, бидејќи иако седиштето и главните пунктови на оваа организација се наоѓале на територијата на Бугарија односно Пиринска Македонија под бугарска власт, четничкиот кадар и војводите на четите биле по потекло од Брегалничкиот округ или пак од овој регион имале емигрирано во Бугарија. И покрај тоа што раководството на ВМРО на чело со Тодор Александров и Александар Протоѓеров било во тесна врска со офицерските и воените кругови во Бугарија, при непостоење на македонско национално чувство кај истите, што било случај и кај повеќето македонски револуционери во тој период и во услови на отсуство на македонска национална државност, а под силни притисоци на балканските држави, маневарскиот простор помеѓу лозунгот за автономна Македонија и Македонија во федерализирано Кралство на СХС, можеби претставувал максимумот што оваа организација можела да го извлече од себе. Како и да е, ВМРО на Тодор Александров во периодот меѓу 1918-1924 година успеала да создаде широка организациона мрежа на теренот на Брегалничкиот округ(област). Таа полека но сигурно преку пограничните пунктови во близина на границата со Кралството, успеала да создаде свои канали преку кои на територијата на округот минувале комитски чети, а било пренесувано и оружје, муниција и облека. На тој начин ВМРО се подготвувала за вооружени судири со воените и полициските сили на Кралството на СХС, а под паролата за автономија на Македонија во нејзините етногеографски граници, поради што успеала да привлече во четите голем дел од локалното македонско население.

По целосното организационо оформување на теренот на округот, кога голем број македонски села биле опфатени со него, започнале вооружените судири помеѓу комитските чети и вооружените формации на Кралството, кои во периодот од неколку години ги претвориле овие краишта во воено боиште. За засилување на интензитетот на судирите, во средината на 1920 година на теренот дошол и Тодор Александров со своите најблиски соработници и престојувал неколку месеци во овие краишта.

Нападите на комитските чети најчесто биле насочени кон пограничните караули на војската на Кралството на СХС, осамени полициски патроли, колонистичките населби, кон локалното македонско население што соработувало со големосрпскиот режим, а имало обиди и за напади на касарни во поголемите градови на округот, како и поединечни атентати над претставници на локалната српска власт. Дека ваквите вооружени конфликти не биле нималку наивни, покажуваат и податоците кои што говорат за жртви и ранети луѓе и на обете страни. Иако поголемиот број од судирите биле ограничени, тие понекогаш знаеле да прераснат во вистинска војна во моменти кога во округот навлегувале поголеми комитски чети, при што српската војска, полиција и контрачети во тие борби употребувале тешко оружје, митралези и топови, а имало примери кога била употребувана и коњаница. Во битките ретко кога и поаѓало на српската страна да зароби или уништи цела комитска чета, поради нивното познавање на теренот, способноста за брзо маневрирање, а и поради фактот што по извршените напади четите брзо и успешно се префрлувале преку границата. Овие исцрпувачки вооружени судири и покрај тоа што претставувале еден вид отпор против големосрпската власт, му нанеле и големи штети на македонскиот народ, бидејќи во услови кога српската војска и жандармерија не можеле да се пресметаат со комитските чети, тие се нафрлувале со целата своја жестокост врз мирното македонско население, кое било подложувано на грабежи, палежи, убиства и други разбојништва. Интензитетот на комитските напади на теренот на Брегалничката област значително се намалил со убиството на водачот на ВМРО, Тодор Александров, во 1924 година, кога новото раководство го напуштило четничкиот метод на борба и се повеќе го прифаќало тероризмот како начин за вооружено настапување, не само во овој регион, туку и во цела Македонија.

На крајот треба да се истакне дека и покрај сите обиди за воспоставување и зацврстување на власта на Кралството на СХС во Брегалничкиот округ(област) во почетниот шестгодишен период на владеење од 1918 до 1924 година, тие обиди не вродиле со плод. Македонскиот народ од овој регион ниту во еден момент не се двоумел

околу ропскиот карактер на државната творба наречена Кралство на СХС. Затоа уште од самиот почеток на ова тешко ропство, македонскиот народ од овој округ на најразлични начини давал отпор кон органите на големосрпската власт-од пасивен стихиен невооружен отпор-до активно организирано вооружено спротивставување. Никакви методи и мерки на режимот не успеале да извршат однародување на македонскиот народ во Брегалничката област. Македонскиот народ успеал да ја зачува својата самобитност и национален идентитет, што станале негово главно оружје во тешките години на искушенија што доаѓале.

# БИБЛИОГРАФИЈА

## ИЗВОРИ

### *1. Необјавени архивски материјали*

*Архив на Македонија-Скопје*

а) фонд 1220 Владислав Ковачев

б) фонд: МВР на Кралството на СХС

в) фонд: 1941, микрофилм 4264

г) фонд:РСВР

д) фонд: Поединечни документи ВМРО, збирка: Револуционерно минато на македонскиот народ

ѓ) фонд: 1199 Панчо Михајлов

е) фонд: Министерство за просвета на Кралството Југославија(1919-1941)

ж) фонд: 1933 Тодор Александров

з) фонд: III армиска област(ТАО), (микрофилм 341-344)

ѕ) фонд: 1909 Александар Протоѓеров

и) фонд: Министерство на војска и морнарица, Главен Генералштаб(известувачко оделение)

ј) фонд: МВИО Кочани(1915-1918)

МВИО околиска управа-Штип(1916-1918)

*Архив на Институтот за национална историја*

а) фонд: III армиска област(ТАО)

б) фонд: Посланство во Лондон

в) фонд: Централно Пресбиро при Претседателството на Министерскиот совет-Белград

г) фонд: Разни сеќавања, изјави, стенографски белешки, белешки, анкетен материјал и друго од работничкото движење меѓу двете светски војни и за организацијата СКОЈ

д) фонд: ЦК на КПЈ

*Завод музеј, историско оделение-Штип*

а) фонд: Брегалничка област

б) фонд: III армиска област

*Архив на Македонија, подрачно оделение-Штип*

а) фонд: Намесник на срез Царевоселски(1918-1923)

б) фонд: Михаило Ковачевиќ

*Приватна архивска збирка*

а) фонд: Министерство за просвета(микрофилм трака бр.1-2)

## 2. Необјавени спомени, сеќавања и изјави

а) Гермов Крсто-Шаќир, Спомени.

б) Иванов Станчев Славе, Спомени.

г) Иванов Станчев Славе, Извадоци од необјавените спомени.

д) Настев Христо, Изводи од записките ми за освободителната борба от миналото ни в Македония, 1950.

ѓ) Станоев Илија, Мемоари(ракопис).

е) Чундев Трајко, Първото ми четничество.

ж) Шатев Павел, Спомени.

## 3. Објавени архивски и други изворни материјали

а) Veritas-Македония подъ иго 1919-1929, Документи и свидетелства, издание на МНК, София, 1931.

б) Заговорътъ противъ Тодоръ Александровъ, по данни на Вътрешната македонска революционна организация, София, 1924.

в) Правителството на Стамболийски и македонското освободително движение, споредъ данни на В.М.Р.О., София, май, 1923.

г) Српски извори за историјата на македонскиот народ 1913-1917, редакција и избор Глигор Тодоровски, Скопје, 1981.

д) Стенографске белешке Народне Скупштине Краљевине СХС, 1921/22, кн.V, Београд 1922.

ѓ) Стенографске белешке Народне Скупштине Краљевине СХС, 1923/24, кн.прва, Београд, 1924.

е) Стенографске белешке Народне Скупштине Краљевине СХС, 1923, кн.II, Београд, 1923.

ж) Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том II, Скопје, 1981.

## Б. ЛИТЕРАТУРА

1. Апостолов Александар, *Аграрната реформа и колонизацијата на Радовишко-Струмичкиот регион меѓу двете светски војни* „Историја", год.XXII, бр.1, Скопје, 1986.
2. Апостолов Александар, *Злетовска област, географско-историски осврт*, Скопје, 1974.
3. Апостолов Александар, *Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија*, Скопје, 1966.
4. Апостолов Александар, *Специфичната положба на македонскиот народ во Кралството Југославија*, ГИНИ, год.XVI, бр.1, Скопје, 1972.
5. Бурзевски Ванчо, *Колонизација и деколонизација на Македонија*, Скопје, 1997.
6. Галев Димитар, *Белиот терор во југоисточна Македонија 1910-1941*, том II, Штип, 1991.
7. Добринов Дечо, *Тодор Александров и македонското революционно движение „Векове"*, год.IX, кн.1, София, 1980.
8. Димевски Славко, *Историја на Македонската православна црква*, Скопје, 1989.

9. Динев Ангел, *Политичките убиства во Бугарија*, Скопје, 1983.

10. Дървинговъ Петар, *Действията на 11-та пехотна македонска дивизия отъ Криволакъ до Богданци 1915*, София, 1920.

11. Зборник, *Тиквешкото востание во 1913 година*, Кавадарци, 1999.

12. Зографски А. Димче, Зографски Г. Тодор, *КПЈ и ВМРО(обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930*, Скопје, 1974.

13. Ивановъ Славе, *Тодоръ Александровъ и македонското освободително движение*, Виена, 1924.

14. Известия на института по история на БКП 49, София, 1983.

15. Историја на македонскиот народ, кн.II, Скопје, 1969.

16. Историја на македонскиот народ, кн.III, Скопје, 1969.

17. Јанев Јован, *КПЈ во парламентарните изборни борби во Вардарскиот дел на Македонија(1919-1921),* Скопје, 1992.

18. Јанев Јован, *Улогата на „автономистичката" ВМРО во изборите за Конституантата во Вардарска Македонија во 1920 година*, ГИНИ, год.XXX, бр.1-2, Скопје, 1986.

19. Казасовъ Димо, *Въ темнините на заговора*, София, 1925.

20. Катарџиев Иван, *Борба до победа*, том II, Скопје, 1983.

21. Катарџиев Иван, *Време на зреење* 1, Скопје, 1977.

22. Катарџиев Иван, *КПЈ во Македонија до Обзнаната*, Скопје, 1961.

23. Костадиновски Драги, *Вардарскиот дел од Македонија под јурисдикција на Српската православна црква(1919-1941)*, Скопје, 1995.

24. Крстић Ђорђо, *Колонизација у Јужној Србији*, Сарајево, 1928.

25. Мартулков Алексо, *Моето учество во револуционерните борби на Македонија*, Скопје, 1954.

26. Михайловъ Иванъ, *Спомени*, том II, Белгија, 1965.

27. Палешутски Костадин, *Вътрешната македонска революционна организация 1918-1924*, Благоевград, 1983.

28. Палешутски Костадин, *Македонският въпрос в буржоазна Югославия(1918-1941),* София, 1983.

29. Палешутски Костадин, *Македонското освободително движение след Първата световна война (1918-1924),* София, 1993.

30. Петреска Даринка, *Општествено-политичката положба во Малешевијата од крајот на Првата светска војна до 1921 година* „Историја", год.XXVIII, бр.1-2, Скопје, 1992.

31. Петреска Даринка, *Сведоштва од претставници на великосрпскиот режим за самоволијата и насилствата на српските контрачети во Брегалничката област во 1923-24 година*, Прилог бр.1 „Историја", год.XXX, бр.1-2, Скопје, 1994.

32. Пърличевъ Кирил, *Сръбскиятъ режимъ и революционната борба въ Македония (1912-1915),* София, 1917.

33. Стојанов Петар, *Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912-1918)*, Скопје, 1969.

34. Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, Скопље, 1937.

35. Тодоровски Глигор, *Македонија по Балканските војни*, Скопје, 1981.

36. Todorovic Desanka, *Jugoslavija i balkanske drzave 1918-1923*, Beograd, 1979.

37. Тодоровски Зоран, *Дејствувањето на автономистичката ВМРО (1918-1924)*, (Магистерски труд), Универзитет „Св.Кирил и Методиј", филозофски факултет, Скопје, 1989.

38. Трајановски Александар, Миновски Михајло, Апостолов Александар, Петреска Даринка, Тодоровски Зоран, Куцуловска Галена, Георгиевски Љубчо, *Златна книга-100 години ВМРО*, Скопје, 1993.

39. Trifunoski Dr. Jovan F, *Nova Batanja, kolonisticko naselje Srba optanata iz Madzarske u Istocnoj Makedoniji*, Beograd, 1960.

40. Хаџидимов Димо, *Одбрани дела*, кн.II, избор, предговор и редакција Манол Пандевски, Скопје, 1984.

41. Цацков Кирил, *Штип и Штипско меѓу двете светски војни,* (Докторски труд), Универзитет „Св.Кирил и Методиј", Скопје, 1999.

42. Цветковска Надежда, *Политичката активност на македонската емиграција во Бугарија од 1918 до 1929 година*, Скопје, 1990.

43. ЦК на ВМРО(обединета), *Предавниците на македонското дело*, Скопје, 1983.

## В. ПЕРИОДИКА

1. Независима Македония, София, 1923-1924
2. Пиринъ, София, 1923-1924
3. Илинденъ, София, 1921-1924
4. Радник-Делавец
5. Време, Београд, 1920-1924
6. Политика, Београд, 1920-1924

7. Автономна Македония, София, 1920-1922
8. Македония, София, 1919-1923
9. Социјалистичка зора, Скопје.